**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КИРИЛ И МЕТОДИЛ“ СКОПЈЕ**
**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**
**ИНСТИТУТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР**

# Специфичности на приватното обезбедување во Република Северна Македонија

- **Магистерски труд -**

**Ментор:**

**Проф. д-р Оливер Бакрески**

**Изработил:**

**Никола Величковски**

**Скопје, 2024 година**

## Содржина:


Вовед ........ 4

ГЛАВА 1 ........ 6

БЕЗБЕДНОСТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ ........ 6

1. Поимот безбедност ........ 6
2. Теории на безбедноста ........ 9
3. Аспекти на безбедносни закани ........ 10
4. Теориско дефинирање на поимот безбедност ........ 15

ГЛАВА 2 ........ 17

ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ ........ 17

- Поим за приватна безбедност ........ 17
- Почетоците на приватната безбедност ........ 19
- Значење и активности на приватното обезбедување ........ 22
- Предмет, цели и задачи на приватна безбедност ........ 23
- Улогата на приватната безбедност во заштита на лица и имот ........ 25
- Врска меѓу приватното обезбедување и полицијата ........ 28
- Организација на системот за приватно обезбедување ........ 32

.1 Физичка безбедност ........ 34

7.2 Техничка безбедност и заштита ........ 35

- Регулирање на приватната безбедност ........ 37

ГЛАВА 3 ........ 40

ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ........ 40

1. Појава и развој на приватниот безбедносен сектор во македонската држава ........ 40
2. Законодавна рамка на приватната безбедност во македонската држава ........ 43
3. Контрола и надзор на приватниот безбедносен сектор ........ 47
4. Легитимација и регулација на приватната безбедност во македонската држава ........ 48
5. Приватни агенции за обезбедување во македонската држава ........ 55
6. Јавната и приватна безбедност во македонската држава ........ 59
7. Значење на приватното обезбедување во остварување на безбедноста на македонската држава ........ 62

ГЛАВА 4 ........ 64

ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕКОИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА БАЛКАНОТ ........ 64

1. Приватно обезбедување во Република Србија ........ 66
2. Приватна безбедност во Република Бугарија ........ 69

3. Приватна безбедност во Република Албанија ... 71
4. Приватна безбедност во Република Грција ... 73
ГЛАВА 5 ... 76
ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ... 76
Резултати од анкетата спроведена на граѓани во македонската држава ... 77
Резултати од анкетата спроведена на вработени во агенциите за приватно обезбедување во македонската држава ... 89
Заклучоци од спроведената анкета на граѓаните во македонската држава ... 105
Заклучоци од спроведената анкета на вработени во агенциите за приватно обезбедување ... 106
Заклучок ... 109
Прилог ... 119

## Вовед

Приватната безбедност како глобален феномен, од крајот на минатиот и почетокот на XXI век доживува огромна експанзија. Како резултат на развојот на вкупната нестабилност се јавува и потребата за зголемување на бројот и видот на услугите што ги нуди приватното обезбедување, а и бројот на вработени во овој сектор постојано расте и во многу случаи го надминува бројот на вработени во јавната безбедност.

Приватниот безбедносен сектор во целина има достигнато зрелост во однос на обемот и разновидноста на услугите кои ги нуди денес со што има направено квалитативен исчекор. Овој сектор, генерално се користи за да се заштитат четири подрачја: заштита на луѓето, заштита на имоти, заштита на информациите на една организација и обезбедување на потребната репутација на индивидуата или на една организација против опасноста од криминал и други реални проблеми.[1] Аналогно на тоа, денес приватните безбедносни актери сè се повеќе присутни во многу области на заштита почнувајќи од нивната примарна улога на заштита на јавни и приватни објекти, заштита на енергетскиот сектор, транспортот, комуникациите, учество во помошта при разни катастрофи во една држава, односно фокусот на интерес се објекти од критичната инфраструктура. Исто така, како што беше и посочено, една од клучните улоги на приватното обезбедување, односно на агенциите за приватно обезбедување е во насока да го обезбеди правото на граѓаните и фирмите да не бидат заплашувани за своите животи и своето работење од криминал и насилство, односно да ја гарантира општествената стабилност и да ја обезбедува личната и имотната сигурност.[2]

Приватната безбедност во Република Северна Македонија е резултат на процесите што се случија во последната деценија од минатиот век, кога се создадоа услови за практично етаблирање на приватната безбедност како значаен фактор во вкупните односи за градењето поволен безбедносен амбиент во државата. Со тоа приватните агенции за обезбедување станаа реален партнер на јавниот безбедносен сектор во државата со изразити елементи на апсолутна доминација на сопственоста, како и приватизирање на одредени функции што дотогаш беа ексклузивно право на јавната безбедност. Исто така, ова создаде можност покрај полицијата и приватните агенции за обезбедување да се вклучат во

[1] Bruce George & Button Mark, Private Security, Palgrave Macmillan, New York, 2004., стр. 123.
[2] Бакрески О., оп.цит.

заедничките напори за заштита на граѓаните и на нивната сопственост, како и на нивните животи.[3]

Бидејќи приватната безбедност е многу застапена во сите сфери на една држава потребно е да се обезбедат стандарди за работа и обезбедување на потребниот квалитет. Со цел приватното обезбедување да биде добро и професионално поставено потребно е да се воспостави избалансиран систем на односи меѓу самите субјекти кои активно учествуваат во оваа област: правното лице регистрирано за вршење на дејноста приватно обезбедување кое е давател на услугата; корисниците на услугата (лица, фирми); Министерството за внатрешни работи како контролор на активностите на агенциите; и Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување како значаен субјект кој треба да создаде предуслови за подобрување на професијата.[4]

Оттука истражувањето за потребите на магистерскиот труд треба да даде одговори на неколку важни прашања:

Прво, дали приватната безбедност работи на строгите етички и професионални стандарди на работа и работење.

Второ, каква специфична релација се гради во однос на јавната безбедност заради комплементарноста на функциите што ги извршуваат.

Трето, каква е одговорноста за работата и работењето на приватните безбедносни актери.

Четврто, кои фактори ги детерминираат вкупните односи и релации за да се обезбеди сликата за заедничко дејствување на сите субјекти на безбедносниот сектор во остварување на безбедноста на државата.

---

[3] Бакрески О., Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015.
[4] Бакрески О., оп.цит.

# ГЛАВА 1

# БЕЗБЕДНОСТА НИЗ ПРИЗМАТА НА ПРИВАТНАТА БЕЗБЕДНОСТ

## 1. Поимот безбедност

Еден од основните мотиви на активноста на човекот и општеството, забележан низ историјата и еден од глобалните проблеми на модерната ера е токму безбедноста. До неодамна безбедноста се разгледуваше првенствено од воен аспект, а како основна компонента на националната безбедност се сметаше одбраната од надворешен непријател. Денес, сепак, фокусот на безбедносните размислувања се префрли на други области на човековата активност. Во фокусот на интересот се прашањата за безбедноста на човекот како поединец во неговото секојдневие (места каде што живее и работи) и прашања од т.н. внатрешна безбедност на земјата.[5]

Безбедноста е еден од феномените на човековото општество и тоа во сите фази од развој. Без разлика дали станува збор за безбедност на поединецот, на државата, на повеќе држави или на меѓународната заедница, секогаш се работи за настојување да се осигурат вредностите и состојбите за кои се смета дека се од витално значење. Заради тоа, неопходно е да се разбере овој поим, особено како однос во одреден период и во конкретен регион поаѓајќи од неговите специфичности. Ако се направи одредена етимолошка анализа со дивергентното сфаќање на терминот безбедност, таа ќе не упати кон сета сложеност на овој поим. Јазичниот развој има свој придонес во сложеноста на овој поим, почнувајќи од тоа како овој поим се развивал и се доживувал во различни историски периоди и како се приспособувале безбедносните институции да одговорат на сета сложеност на предизвиците во современиот свет. Исто така, во самата комплексност и потешкотија околу дефинирањето и употребата на поимот безбедност не упатуваат и самите терминолошки нејаснотии кои се јавуваат како резултат на различниот пристап што го имаат некои теоретичари околу елементите кои се составен дел на безбедноста, што секако ги отежнува одговорите на прашањата околу опфатот и содржината на безбедноста и доведува до дефинициски конфузии, а понекогаш и до неаргументирана елаборација на поимот и на

[5] Петровић, Лазар, Синковски Стеван, Корпоративна безбедност – основе заштите бизниса и предузетништва, Безбедност, МУП РС, Београд, 2012., стр.86.

употребата на терминот безбедност. Во научната безбедносна теорија има голем број на различни пристапи со повеќе значајни контроверзни и тешко прифатливи одредувања. Овие разлики оставаат простор и можност за дивергентно сфаќање и на самата суштина и улога на безбедноста во едно општество и пошироко, што секако може негативно да се одрази како на индивидуалната, така и на националната безбедност, односно на безбедноста во меѓународни рамки. Без разлика на широкиот опфат на дефиниции, останува фактот дека безбедноста е цел кон која се стреми секој поединец, држава и општествена заедница, што преставува фундаментален предуслов за обезбедување и дефинирање на формата на општествено однесување, која се темели на едно системско, легитимно и хуманистичко влијание кон претходно поставени отворени демократски и безбедносни критериуми.[6]

Самиот концепт на безбедност е многу сложен општествен феномен. Низ историјата, поимот безбедност означувал различни содржини. Политичката теорија и доктрина го дефинираат поимот на различни начини. Етимолошки, терминот безбедност доаѓа од латинскиот збор securitas-atis, што значи безбедност, отсуство, опасност и сигурност, самодоверба, бестрашност, заштита (securus латински - безбеден, безгрижен, сигурен, бестрашен, сигурен, постојан, цврст, лојални, вистинити итн.). Посочениот термин служел како основа за употреба во многу други земји. Значи, во англискиот јазик се користат два израза: security и safety. Терминот security се користи во смисла на „национална безбедност“ (secure - сигурен, безбеден) - national security, што подразбира остварување и заштита на државниот национален интерес, додека поимот safety значи способност за дејствување, така што не би дошло до несакана безбедносна ситуација или такви можности што можат да предизвикаат безбедносни импликации.[7]

Според едно сфаќање, концептот на безбедност вклучува законско уредување и обезбедување на општествени односи, воспоставување, одржување и подобрување на состојбата во државата, што овозможува ефикасна заштита на самата држава и нејзините граѓани од сите (надворешни и внатрешни) незаконски дела (дејности) кои го загрозуваат уставниот поредок, работата на државните органи, вршењето на стопанските и општествените дејности и остварувањето на слободите, правата и должностите на човекот и граѓанинот. Дејноста на безбедноста се остварува со извршување на низа поединечни

[6] Бакрески О., Триван Д., Митевски С., Корпорациски безбедносен систем, Скопје, 2012, стр.25.
[7] Кеча Радомир, Тероризам-глобална безбједносна пријетња, Арт-принт, Бања Лука, 2012., стр.47.

дејствија и активности на различни државни органи или други субјекти кои на овој или оној начин учествуваат во неа.[8]

Во францускиот јазик постојат и се користат термините securite и surete, додека во рускиот терминот безбедност се користи и значи отсуство на материјална беда, на италијански е sigureza (siciramente - безбедно), на албански е sigiru, додека во Германија терминот е sicherheit. Во нашиот јазик се употребуваат два поима кои се користат подеднакво. Тоа се термините безбедност и сигурност. Тоа е речиси исто значење, иако тие не се идентични синоними. Имено, од терминолошки аспект, безбедноста е изведена од зборот безбеден, кој во суштина претставува безопасност, обезбеден со најголема доверба, цврсто, одлучно, решително, постојано. Од друга страна, поимот безбедност подразбира состојба, односно карактеристика на некој што е безбеден, односно она што е безбедно, значи дека некој или нешто не е во опасност да биде загрозено. Поконкретно, отсуството на опасност, сигурност, решителност, цврстина, сигурност, јасност, определеност и доследност.[9]

Целта на овој труд е да се утврди улогата, значењето, целта на приватните безбедносни компании во системот на безбедноста, со посебен осврт на спецификите на приватната безбедност во македонската држава, нејзиниот придонес кон општото зголемување на нивото на безбедност на општеството, како и нејзините предности, слабости и закани, контрола и надзор.

[8] Стајић Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011., стр. 16.
[9] Кеча, Радомир, Тероризам-глобална безбједносна пријетња, Арт-принт, Бања Лука, 2012, стр. 47.

## 2. Теории на безбедноста

Уште од најраниот период на развојот на цивилизацијата, безбедноста била неопходна за човековата егзистенција и во општиот дискурс таа заземала централно место.[10]

Појавата на безбедноста, односно нејзините корени датираат уште пред постоењето на државата. За безбедноста се говори дека настанала уште кога се појавил човекот и неговите напори како да се преживее. Дури подоцна безбедноста се проширува на сета заедница, односно на држава. [11]

Првите толкувања за поимот безбедност датираат уште од античка филозофија. Првите теории кои ги вклучувале елементите на формулирање на поимот за безбедност ги наоѓаме уште кај древните мислители на стара Кина и Грција.[12] Во тој период безбедноста се гледала како поопшта содржина, пред сѐ, од војната и мирот, односно од примената на сила, како и од односот помеѓу територијално организираните и структурирани општествени заедници, а потоа и слободата и нејзиното значење за човекот и општеството. [13] Така меѓу античките мислители кои го разгледувале поимот и причините за војна биле и грчките филозофи Платон, Аристотел, потоа Тома Аквински и Данте.[14]

Кон крајот на XV век и почетокот на XVI век, Макајавели во своето познато дело Владател пишува дека безбедноста е прва и најважна човечка грижа и дека поради тоа на чело на државата треба да биде оној кој е храбар и кој е во состајба да се избори за својата безбедност и безбедноста на заедницата.[15] Во ренесансата Н. Макијавели ја раскинува цврстата врска на политиката и етиката. [16]

Современи претходници на формулацијата на поимот за безбедноста се наоѓаат, во потесна смисла, дури кај теоретичарите на природното право и општествениот договор. Овде правата на луѓето се заштитуваат низ (општ) општествен договор со кој настанува

[10] Т. Мојаноски Цане, Ѓуровски Марјан, Павловиќ Гојко, Вовед во безбедноста, Скопје, 2018., стр. 15.
[11] Бакрески О., Триван Д., Митевски С., Корпорациски безбедносен систем, Скопје, 2012.
[12] C.W. Kegley Jr, Controversies in International Relations theory, St. Martin's Press. 1995. стр. 83-150
[13] Т. Мојаноски Цане, Ѓуровски Марјан, Павловиќ Гојко, Вовед во безбедноста, Скопје, 2018., стр. 15.
[14] Исто., стр. 15 – 20.
[15] Исто., стр. 18.
[16] N. Makijaveli: Vladalac, Enigma, Pančevo, 1998., стр. 22-92.

државата. Тука е јасно, по првпат формулиран предметот на заштитата, и тоа, како човечки права на припадниците на одредено општество. [17]

Терминот безбедност е многу комплексен и сложен феномен. Зборот безбедност потекнува од латинскиот збор securutas – atas, што во превод значи безбедност, отсуство на опасност, самодоверба, (securus лат. - сигурен, безбеден, доверба, уверен, постојан, цврст итн).[18]

Иако поимот „безбедност“ има корени во древноста како што спомнав погоре, неговата интерпретација и значење се промениле значително со текот на времето, врзувајќи се со различни аспекти на човековиот живот и општеството. Сега, безбедноста е комплексен концепт што опфаќа различни области и аспекти на човековата дејност.

## 3. Аспекти на безбедносни закани

Концептот за безбедноста обично се вели дека е создаден кога светот, односно човекот, бил жив. Секое живо суштество има своја основна преокупација, а тоа е како да преживее, како да се развива и како да обезбеди продолжување на својот вид. Дури многу илјади години подоцна, перцепцијата за безбедност се прошири за да ја вклучи безбедноста на целата општествена заедница, односно државата, така што денес разбирањето на безбедноста е многу поширок концепт од тоа.[19] На почетокот на втората деценија на новиот милениум и две децении од крајот на Студената војна, дискурсот за концептот на безбедноста не само што не губи од актуелноста, туку сè повеќе се „збогатува“.[20]

Во однос на безбедносниот концепт можеме да кажеме дека во прашање е сигурносен концепт преку детерминирање: процена на ризиците врз сигурноста, преку согледувањето и анализата на изворите на загрозување.[21]

Проблемот настанува затоа што феноменот на безбедност на сите им е познат на прв поглед, односно повеќето луѓе имаат некаква идеја и разбирање за безбедноста, а тешкотијата настанува кога таа треба да се дефинира. Можни се два пристапа за решавање на споменатите тешкотии. Првата е да се дефинира тој термин со негација (негативистичка),

[17] Ванковска Б, Бакрески О., Безбедносни дијалози списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Број 3, I Година II, 2011., стр. 65.
[18] Ejdus F., Medunarodna bezbednost:teorije, sektori i nivoi, Službeni glasnik, Beograd, 2012., стр. 26
[19] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011., стр. 34
[20] Ванковска Б., Меѓународна безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2011., стр. 11.
[21] Андонов О, Основи на процена на ризици и закани, Скопје, 2022., стр 18.

а втората е да се дефинира суштински, т.е. позитивистички. Во првиот случај би се дефинирала безбедноста како отсуство на загрозеност, односно отсуство на сите облици и сите носители на загрозеност. Овој пристап е вообичаен во литературата, но сметаме дека не дава конечно решение на проблемот, бидејќи во следниот чекор вклучува создавање долга листа на облици и носители на загрозеност, што се јавува и како проблем. Имено, формите и носителите на загрозеност се разликуваат од земја до земја. Она што може да биде закана за една држава, не може да биде за друга, односно елиминацијата на носители и форми на закана од една држава може да биде закана за друга држава, општество или поединци. Со други зборови, ако безбедноста е отсуството на закана, тогаш се јавува сличен проблем, имено - што е закана.[22]

За разлика од безбедносната состојба, постои состојба на закана (несигурност), како факт од општествен и политички карактер, која се утврдува одделно, бидејќи зависи од многу околности. Состојбата на закана постои истовремено со безбедносната состојба, поради што состојбата на безбедност претставува замислен стандард, кој никогаш не може целосно да се реализира, бидејќи е подложен на постојани промени. Состојбата на безбедност не е статична, таа подразбира постојана активност со цел да се елиминираат опасностите што и се закануваат. Состојбата на безбедност секогаш се реализира во однос на состојбата на закана. Колку е поповолна, толку е помалку ранлива и обратно.[23] Според Ленард Сјоберг, заканата се однесува на опасност за која постои висока веројатност дека ќе се случи и ќе предизвика последици. Дефиниран на овој начин, во концептот закана се вклучени две компоненти: степенот на веројатноста на намерата да се нанесе повреда и последиците од заканата.[24]

Основен облик на манифестирање на опасност е загрозување на сопствената егзистенција, опстанок, слобода и развој. Заканата може да се реализира само со деструктивна акција, со дејство на некоја природна или општествена сила, ненамерна или намерна, со целно и намерно дејствување на организација или држава – односно со намера да предизвика одредени последици за природата или за општеството, односно за човекот. Во човечкото општество, загрозеноста се применува како:[25]

---

[22] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011., стр.22-23.
[23] Исто., стр. 27.
[24] Георгиева Л., Менаџирање со ризици, Југореклам 2006., стр.80.
[25] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011., стр. 27.

а) несвесно - кога некое лице или група на луѓе го загрозува постоењето на поединец или група луѓе преку одредени дејствија без намера да го стори тоа. На пример, одреден научен и технолошки развој, со несоодветна примена може да доведе до загрозување на природната еколошка основа на човековото постоење на планетата Земја и

б) свесно - намерна, насочена или организирана употреба на сила за уништување, онеспособување, принуда на други луѓе, групи, организации итн., или за нив неповолна промена на состојба спротивна на нивна волја.[26]

За да се спречи загрозување на општеството, се формираат системи на заштита од загрозеност, односно се формираат безбедносни системи.[27]

Сите современи безбедносни системи, без разлика како и со каква цел се организирани, претставуваат форма на организација на даденото општество во заштита на неговите витални вредности.[28] Нивната организација поаѓа од две основни прашања:

а) од кои форми и предизвикувачи на загрозеност треба да се заштити тоа општество и

б) како треба да функционираат елементите на безбедносниот систем за да се постигне основната цел на неговото воспоставување.[29]

Под поимот загрозеност се подразбираат оние појави или однесувања предизвикани од дејството на човекот (поединец или група), природата или техничките системи во подолг период кои се од значителни размери, во кои се јавуваат или можат да настанат штетни последици за интегритетот на човекот, неговата слободата, имотот и здравјето, како и за интегритетот и субјективноста на државата и нејзините институции, вредностите што ги штити, како и вредностите на меѓународната заедница. Според тоа, загрозеност е секој вид на социјална, природна и техничка опасност што го загрозува интегритетот, слободата, имотот или здравјето на луѓето, како и територијалниот интегритет и суверенитет и уставниот поредок и правата на државите, народите, нациите или социјалните групи и поединци.[30]

---

[26] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011., стр. 49.
[27] Стајић, Љубомир, Гаћиновић, Радослав, Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, 2007, стр.123.
[28] Исто, стр.123-124.
[29] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011, стр. 50.
[30] Исто, стр. 50 -51.

Изворите на загрозување се многубројни и повеќестрани, а при нивното појавување може да бидат исклучително променливи или да предизвикаат појавување нови, дотогаш непознати. Тие се поврзани со постојаното истражување на одржлив ризик при несреќи и катастрофи, нивната постојаност и интензитет во сите облици на загрозување на сигурноста, како и возможните варијанти на загрозување од различни видливи или нови извори во реално времетраење.[31]

Изворите на загрозеност, како што сугерира нивното етимолошко значење, претставуваат основа, потекло на некоја идна појава. Без овие основи, ниту овој феномен не може да се појави. Според тоа, изворот на некаква (не)безбедносна појава е и состојбата на нејзиното појавување. Таа основа (состојба) може да биде во социјална, природна или техничка сфера. Меѓутоа, постоењето на таа состојба не мора да значи и појава на некоја (не)безбедна појава. За неговото постоење потребно е да се исполнат некои други елементи, а тоа се: појавата на субјект (организација) како носител и неговата активност во спроведувањето на нејзиниот интерес насилно. Според тоа, извори на опасност се оние појави и процеси создадени во социјалната, природната или техничката сфера кои самостојно или во комбинација едни со други овозможуваат, поддржуваат или предизвикуваат појава на одреден субјект (носител) кој пак предизвикува негативни последици ( облици на загрозување) со својата дејност. Еден извор може да доведе до повеќе носители и повеќе форми. Уште повеќе, практиката покажува дека тоа е најчестата комбинација. Тоа што се потрајни значи дека многу тешко се менуваат. Во суштина, иако изворите овозможуваат создавање на носители и облици на загрозеност, тие сами по себе не се опасност. Тие се, всушност, еден од одлучувачките фактори кои го олеснуваат или комплицираат создавањето на циклусот на закана. Без ниту еден од тие три елементи, нема опасност.[32]

Во нашето општество неминовно се јавуваат закани кои го следат развојот на секое општество, што како одговор има создавање на соодветен заштитен систем во форма на организиран безбедносен систем. Во зависност од применетите критериуми, изворите на загрозеност можат да се класифицираат на социјални, природни и техничко-технолошки.[33]

[31] Андонов О., Основи на процена на ризици и закани, Скопје, 2022., стр 18.
[32] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011, стр. 52 – 53.
[33] Исто, стр. 55.

Социјални извори на заканите се:

• конфликт на интереси во сферата на националните, меѓудржавните, верските, професионални и лични;

• социјална дисхармонија;

• нерамномерен социо-економски развој;

• култура и религија;

• идеологија;

• демографски развој;

• меѓународни односи;

• политика и

• меѓународен статус.[34]

Елементите на природата и геопросторот и нивното влијание врз развојот и безбедноста на општеството биле предмет на разгледување во многу епохи. Нивното влијание врз безбедноста на општеството се припишува на мистичните, божествените или ѓаволските сили. Почетоците на научното толкување на влијанието на природните фактори врз општеството се наоѓаат во античката филозофска мисла.

Природни извори на загрозеност се:

• клима;

• територија и

• географска положба.

Под техничко-технолошки извори на загрозување се подразбира постоење и развој на техничко-технолошки капацитети - носители на закани по животот на луѓето, нивното здравје и животната средина. Пред сè, ова се однесува на големи хемиски комплекси, несреќи во хемиската индустрија, несреќи во производствени погони и магацини, како и во транспортот на опасни хемиски супстанции, нуклеарни централи и други нуклеарни постројки, потоа тестирање нуклеарни експлозии и несреќи со нуклеарни оружје, депонирање на радиоактивен отпад и материјали и нивно невнимателно ракување, како и индустриските комплекси кои се појавуваат како главни загадувачи на природата.[35]

[34] Стајић, Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011., стр. 55 – 56.
[35] Исто, стр. 55.

Утврдувањето на изворите на загрозување претставува процес и без разлика дали со тој процес управуваат луѓе или е целосно комјутеризиран и автоматизиран и се потпира врз компјутерска симулација и програма или пак е комбиниран, самиот процес мора да биде соодветно дизајниран, бидејќи е комплексен и бара поставување конкретни и вистински прашања што се однесуваат на изворите на загрозување, нивните промени, видови и периоди на појавување во секоја област во општеството.[36]

## 4. Теориско дефинирање на поимот безбедност

При разгледувањето на концептот на безбедност во модерната наука, не постои единствен пристап кон овој проблем. Во современата наука постојано има неколку различни насоки со многу различни дефиниции и јазични комбинации.[37]

Во најопшта смисла, овој термин подразбира отсуство на вознемиреност, без разлика дали е предизвикана од војна, насилство, сиромаштија, природни катастрофи, како што се поплави, пожари, земјотреси, катаклизми, болести на луѓето и животните и до најновите проблемите на современиот човек, како што се невработеноста, зависноста од дрога, криминалот, трговијата со луѓе, пролиферацијата на оружје, еколошките катастрофи итн. Концептот на безбедност претставува една од најважните области за истражувачите на општествените појави и е во центарот на интересот на науката за меѓународните односи, како и на другите науки. Веќе неколку децении, и на Запад и на Исток, развојот на изучувањето на безбедноста се одвива во многу пошироки рамки, кои често ги опфаќаат речиси сите области од општествените и делумно природните науки, со основа во класичната филозофија. Современите трендови на глобализација и наметнувањето на западната култура подразбираат промена на пристапот во разгледувањето на содржината на концептот на безбедност.[38]

Имајќи ги предвид бројните обиди за редефинирање на концептот на безбедност, по завршувањето на студената војна, многу луѓе се прашувале дали овој концепт навистина е запоставен. Тоа е така, бидејќи значењето на концептот на безбедност сè уште не добило

---

[36] Андонов О., Основи на процена на ризици и закани, Скопје, 2022., стр 19.
[37] Кеча Радомир, Тероризам-глобална безбједносна пријетња, Арт-принт, Бања Лука, 2012., стр.47.
[38] Нешковић Слободан Безбедност и реформе у Србији, Прометеј, Београд, 2006., стр. 11-17.

доволно внимание од гледна точка на правдата, слободата, еднаквоста, обврските, застапеноста и моќта.[39]

Поимот безбедност обично се дефинира како слобода од закани, од страв и од опасности. Затоа, субјектот што се обезбедува е безбеден само во два услова. Прво, кога нема закани за претходно стекнати вредности. И второ, ако такви закани постојат, тогаш субјектот ќе биде безбеден само ако има капацитети да се брани самиот од изворите на заканите по разумна цена.[40]

Како што споменав постојат многубројни дефиниции за тоа што е безбедност. Меѓутоа според група експерти, „Безбедноста е услов во кој државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички притисок или економска присила, па така тие можат слободно да се развиваат. Безбедноста на индивидуите и заедниците од кои се состојат државите е осигурана со гаранции за ефикасно почитување на индивидуалните слободи, политички, социјални и економски права, како и со заштитата или обновата на погодна животна средина за сегашните и идните генерации. Безбедноста, исто така, имплицира дека основните човекови потреби, пред сè, во делот на исхраната, образованието, домаќинството и јавното здравство, се осигурани на постојана основа. И дека е потребно да се одржува адекватна заштита од евентуални опасности по безбедноста. Начините и средствата за добивање ваков вид безбедност се дефинирани во национални, меѓувладини, невладини и глобални услови“.[41]

---

[39] Digeser Peter, 'The Concept of Security', paper delivered at the 1994 Annual Meeting of the American Political Science Association, 14 September 1994.

[40] Ѓуровски Марјан, Основи на безбедност; концепциски безбедносни пристапи, Скопје, 2021 стр. 28.

[41] Fischer D., Nonmilitary Aspects of Security: A Systems Approach, Aldershot: United Nations Institute for Disarmament Research, 1993, стр. 10.

# ГЛАВА 2

# ПРИВАТНА БЕЗБЕДНОСТ

- ## Поим за приватна безбедност

Во денешни услови на постојано усовршување и модернизација на изворите и облиците на закани и по личната и имотната безбедност на луѓето, исконската потреба на човекот да го задоволи чувството на сигурност предизвика нагло зголемување на побарувачката за услуги кои традиционално ги обезбедува полицијата како фактор во внатрешната безбедност на земјата. Имајќи предвид дека со тоа се зголемува и исцрпува и онака оптоварениот државен буџет, поради што трпат социјалните бенефиции за најсиромашните, даночната политика и националната економија, многумина сметале дека овие услуги треба да ги преземе друга страна, во случајов секторот за приватното обезбедување. Во таква клима приватното обезбедување почнува да зазема сѐ позначајно место и улога во контролата на криминалното однесување, а со тоа се растеретува и државниот буџет.[42]

Темата за приватно обезбедување не заобиколува ниту една современа дискусија за безбедноста. Иако е услужна дејност, ефектите на приватната безбедност најдобро може да се измерат преку спречување на опасност за луѓето, имотот или спречување на загуби кога се работи за профит.[43]

Претставата за приватната безбедност варира од таа за бандите безмилосни криминалци, до онаа за моќните и богати корпорации кои што влијаат на политичките одлуки на најмоќните светски предводници.[44]

Под широкиот термин „приватна безбедност“ денес спаѓа опсегот организации како безбедносни корпорации, компании за безбедносна заштита, фирми за блиндирани возила, служби за истрага, фирми за менаџмент со казнено-поправни установи и многу други. Лицата кои работат може да бидат вооружени или невооружени, може да се привремено

[42] Милашиновић Радомир, Место и улога приватне безбедности у систему националне безбедности, магистерски труд објавен на Универзитет во Белград за Тероризам, организиран криминал и безбедност, декември 2013., стр 35.
[43] Кековић, З., Савић, С., Комазец, Н., Милошевић, М., Јовановић, Д., Процена ризика у заштити лица, имовине и пословања, Центар за анализу ризика и управљање кризама, Београд, 2011., стр. 84.
[44] https://www.cato.org/speeches/shadow-force-private-security-contractors-iraq посетено на 1.11.2023

вработени или пак со договор и може да имаат различен степен на моќ, во зависност од општествената гранка што ја обезбедуваат. [45]

Севкупниот општествен просперитет - кој во современи услови се карактеризира со извонреден опсег на науката и технологијата, глобалната урбанизација на општеството и забрзаниот развој на индустријата и економијата во целина, редовно е придружен со зголемување на криминалот, пожари, експлозии и други антисоцијални појави, меѓу кои најважни се економската шпионажа и политичкиот тероризам. Појавата на овие опасности неминовно ја наметнува потребата од сеопфатно и енергично спротивставување на сето она што сериозно ги загрозува луѓето и имотот. Тоа соочување мора да биде професионално и континуирано и трајно да опфати најширок опсег на мерки и дејствија, како во делот на превенцијата, така и во однос на отсекувањето и санирањето на евентуалните штетни последици.[46]

Приватно обезбедување е планирана и организирана независна или заедничка активност и функција на поединци, организации, приватни и/или професионални агенции, насочена кон сопствена заштита или заштита на други лица, како и заштита на соодветни лица, простори, објекти, деловни субјекти или дејности кои не се опфатени со ексклузивна заштита од страна на државни органи.[47]

Вработените во приватното обезбедување се ограничени со законски барања како и вработените на државните безбедносни субјекти кои работат на исти или слични работни места, со тоа што имаат тие имаат малку потесни овластувања, особено кога станува збор за употреба на средства за присилба, апсење или испрашување. на осомничените.[48]

Приватното обезбедување подразбира употреба на соодветни активни и пасивни средства и методи на работа во функција на заштита на различни субјекти, чиј спектар е широк и опфаќа заштита на поединци до заштита на нуклеарни централи или владини органи. Со еден збор, приватното обезбедување штити сè што не е опфатено со заштитата што ја

[45] Бакрески О., Даничиќ М., Кешетовиќ Ж., и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015, стр 40 – 41.

[46] Милошевић, Милан, Нормативна (не)уређеност приватног обезбеђења лица и имовине у Републици Србији,Реформа сектора безбедости у Србији – достигнућа и перспективе, Гораграф, Центар за цивилно-војне односе,Београд, 2007, стр. 127.

[47] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011, стр. 6.

[48] Даничић Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 13.

обезбедува полицијата или друг соодветен државен орган. Сите овие субјекти имаат своја улога во заштитата на интегралната безбедност, бидејќи само во координиран и унифициран систем можат да одговорат на сите облици и носители на закани, што досега се покажа во многу примери кога одговорија со координирана акција и соработка на различни форми на закани на безбедноста.[49]

Приватниот безбедносен сектор или алтернативното обезбедување не е конкуренција на државата и нејзините безбедносни служби, туку израз на потребата на општеството, капиталот и граѓаните во соработка со државните институции да ја зголемат личната и имотната сигурност на сите граѓани.[50]

## • Почетоците на приватната безбедност

Историски гледано, општеството во сите периоди од својот развој преземало одредени мерки и активности со цел да ја подобри сопствената безбедност и да ги заштити своите витални интереси. Безбедноста до неодамна била исклучиво атрибут на државата, бидејќи државата преку своите органи, пред сѐ армијата и полицијата, била должна да ја обезбедува потребната безбедност на луѓето и имотот на нејзината територија. Меѓутоа, во последните децении, во светот, вклучително и кај нас, т.н приватниот безбедносен сектор, кој кадровски, речиси во повеќето земји, го надминува многубројниот состав на државни органи, е задолжен за безбедноста. Неспорно е дека должност на државата е на секој граѓанин да му обезбеди одреден степен на заштита. Но, граѓаните често, од субјективни или објективни причини, бараат некој да им обезбеди повисок степен на заштита од оној што државата го обезбедува стандардно, за што била потребна организација и законско дефинирање на тие нови форми на заштита, со типот на услуги кои ги обезбедуваат.[51]

Еден од најпопуларните и најпотребни концепти во безбедноста е токму поимот приватна безбедност. Причината за ова денеска е доволно оправдана. Но, кои се почетоците на настанување на приватната безбедност?

[49] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011, стр. 6-7.
[50] Скакавац Здравко, Приватни сектор безбедности у Републици Србији – у сусрет законској регулативи, citivas часопис за друштвена питања, број 1, Тампограф, Нови Сад, 2011., стр 147.
[51] Исто., стр. 147-148.

Одговор на ова прашање ќе дадеме во продолжение.

Иако приватната безбедност е нов феномен, сепак има долга историја и како концепт се појавува уште во древните цивилизациии каде врз неговиот развој влијаеле бројни фактори. [52]

Почетоците на приватната безбедност можат да се проследат назад во различни периоди и култури. Во продолжение неколку клучни моменти и периоди во историјата на приватната безбедност. Пример во Стариот Египет, фараоните ангажирале приватно обезбедување за лична заштита. Античките римски императори од Византиската империја, исто така, ангажирале безбедносни службеници за да ги заштитат нивните семејства и имот. [53]

Индустријата за приватна безбедност што ја знаеме денес е официјално основана во 1850 година од Алан Пинкертон со основањето на Националната детективска агенција Пинкертон со седиште во Чикаго. Значи еден од нејзините основачи бил Алан Пинкертон, кој емигрирал во САД во 1843 година.[54]

Примарни клиенти на агенцијата биле железнички оператори кои често станувале жртви на ограбени патници и/или товар. Во средината на 1800-тите, немало федерални власти да ги бркаат одметниците преку државните и територијалните линии, а локалните органи за спроведување на законот биле премногу слабо опремени за да ги следат бандите кои бегале многу далеку. Работата на Агенцијата Пинкертон за железницата помогнала да се изгради меѓународна репутација за компанијата. Освен приватното полициско работење, безбедносните службеници од оваа ера имале посеопфатна улога која вклучувала темелно истражување на злосторствата како и безбедносно советување.[55]

Денес, Пинкертон[56] како компанија за обезбедување се смета за најголема приватна компанија за обезбедување во светот. [57]

Предводен од истите мотиви, подоцна Едвин Холмс ја основал првата компанија за аларми за провалници (1858), кој е претходник на денешната мултимилионска индустрија за

[52] Бакрески О., и други, Приватна безбедност – теорија и пракса, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015, стр.12.
[53] https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/ посетено на 11.11.2023
[54] https://vpmthane.org/web2/assets/files/Prof.-SubhashShinde-AllanPinkerton.pdf посетено на 12.11.2023
[55] https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/ посетено на 4.10.2023
[56] https://pinkerton.com/ посетено на 4.10.2023
[57] http://www.detective.mk/mk/blog-statija/49152/istoriski-razvoj-na-detektivskata-dejnost/ посетено на 1.3.2024

безбедносни аларми. Вашингтон П. Бринк бил заслужен како основач на Службата за испорака на камиони (1859), која подоцна се развила во компанија за оклопни возила на Бринк која се користи за безбедно транспортирање на пари и скапоцености.[58]

Помеѓу 1929 и 1939 година, вработувањето во приватно обезбедување се намали како резултат на Големата депресија, економскиот шок што ги погодил повеќето земји ширум светот, но се врати помеѓу 1940 и 1945 година, поради потребата да се заштитат инфраструктурата на САД и воените и индустриските капацитети за време на Втората светска војна. [59]

И Првата и Втората светска војна покажале зголемена потреба за приватна безбедност и сето тоа довело до драматичен раст на приватната безбедносна индустрија.[60]

По Втората светска војна, интересот за приватното обезбедување видно се зголемил, поради многуте ветерани што се вратиле во земјата, со искуство во воената полиција со избирање на полициска работа и приватно обезбедување како занимања. Во 1950 и Студената војна се забележал зголемен акцент на владините и безбедносните служби. Во тоа време имало потреба од заштита не само од крадци и вандали, туку и од саботажа и шпионажа. До средината на 1970-тите, сите држави имале барања за лиценцирање за приватни безбедносни компании.[61]

Подоцна нападите од 11 септември во 2001 година предизвикале голем шок и чувство на несигурност низ целата земја, кое довело до зголемен тренд за приватното обезбедување.

По нападите многу компании ги зголемиле своите трошоци со инвестирање во приватно обезбедување. По ова зголемување, индустријата почнала да расте се повеќе, што довело до сегашна индустрија во вредност од над 400 милијарди долари со над милион безбедносни службеници. Безбедносната индустрија во текот на времето се зголемувала како што се развива технологијата, поради потребата да се задоволат зголемените барања. Растот на населението, намалувањето на ресурсите како и тероризмот, исто така, ја поттикнале во раст оваа индустријата. Растот на оваа индустрија беше дел од причината што регулативата на приватната безбедност станала неопходна. Поради тоа регулирањето на приватната

[58] https://us.brinks.com/corporate/history посетено на 9.11.2033
[59] https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/ посетено на 5.11.2023
[60] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 15
[61] Исто., стр. 15.

безбедносна индустрија се бележи од 1915 година, кога лиценцирањето на приватните истражувачи станало задолжително во Калифорнија. Приближно во истиот период, производителот на автомобили Хенри Форд почнал да ангажира приватни чувари за да ги заштитат неговите фабрики. Во меѓувреме и други бизниси почнале да користат и приватно обезбедување. За време на штрајковите во рудниците за јаглен, сопствениците на рудниците ангажирале чувари за да ги заштитат нивните фирми од гневните работници. Со текот на годините, улогата на приватното обезбедување значително се променила во посложена форма на бизниси кои обезбедуваат услуги за клиенти со цел да ги заштитат, да ја заштитат нивната приватна сопственост и нивните интереси од разни опасности.[62]

- Значење и активности на приватното обезбедување

Набљудувајќи го заштитниот систем како деловна функција на една компанија, може со сигурност да се тврди дека главна цел на приватната безбедност е создавање услови за безбедно работење и подобрување на деловното работење. Како краен резултат, системот постигнува:

• теоретска цел, која претставува стекнување искуство за оние појави што се содржани во концептот и предметот на безбедносниот систем,

• практична цел, важна за компанијата, бидејќи тоа значи дека менаџментот станал свесен за можностите што ги нуди таквиот систем и второ, неговото заживување, правилно користење, функционирање и насочување го поставува целиот бизнис на сосема нова основа, што меѓу другото носи и поголем профит.[63]

Намалувањето и/или елиминирањето на деловните загуби предизвикани од различни извори на закани и безбедни работни услови се факти за кои општеството како целина е природно заинтересирано. Едно решение е дејствување на пошироката општествена заедница и/или одговорните економски ресурси на највисокото раководство на една држава, со цел преземање одговорност и неопходни системски решенија, односно донесување Закон за оваа област, кој би делувал превентивно во овој сегмент од работата на компанијата.[64]

---

[62] https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/ посетено на 20.2.2024

[63] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011, стр. 10-11.

[64] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 18

Одговорноста на работодавачот, односно формалниот законски сопственик на компанијата, е да обезбеди соодветна заштита и соодветно, да ги спроведе потребните мерки и процедури врз основа на проценка на степенот на закана и спроведување на активни дејствија со цел подобрување на безбедноста на лицата, имотот и работењето во рамките на компанијата.[65]

Како дел од безбедносниот систем, надлежните субјекти делуваат превентивно и репресивно со цел спречување на различни форми на криминални и асоцијални активности и откривање на кривични дела и други облици на загрозување на имотот и бизнисот. Со оглед на тоа, безбедносниот систем е составен дел од безбедносниот систем на општеството, кој се состои од неколку безбедносни потсистеми во кои субјектите на безбедносниот систем остваруваат соодветна соработка со цел заштита на виталните вредности на општеството.[66]

Приватната безбедност има значително значење во заштитата на лица и имот. Таа вклучува заштита на луѓе, имот и критична инфраструктура, како и унапредување на квалитетот на услугите и зголемување на нивото на заштита.[67]

## • Предмет, цели и задачи на приватна безбедност

Предмет на приватното обезбедување е остварување на поголем степен на безбедност на граѓаните и нивниот имот. [68] Според Законот за приватно обезбедување - приватното обезбедување е дејност од јавен интерес.[69]

Целта на предметот на приватната безбедност е да го дефинира терминот приватна безбедност, да го дефинира неговиот обем и функциите на самите компании за приватна безбедност. Исто така да изврши поделба на потенцијалните опасности на луѓето, имотот и компаниите за кои е потребно воведување и ангажирање на приватни безбедносни

---

[65] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011., стр. 11

[66] Исто., 2011 стр 12.

[67] https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/einzeltitel/-/content/fundamentals-of-security-conceptual-security-approaches посетено на 2.3.2024

[68] Nikolovski Marjan, Petrevski Borce, Micevski Predrag, Private security in republic of Macedonia in providing safety in urban areas, Scientific article .

[69] Закон за Приватно обезбедување, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.166 од 26.12.2012, чл.2.

компании и безбедносни системи, преку разбирање и разгледување на потребите и барањата на луѓето и компаниите како и идентификација на самите ризици.[70]

Правните лица кои имаат дозвола за приватно обезбедување преземаат мерки и активности заради спречување и откривање на штетни појави и противправни дејствија кои ги загрозуваат телесниот интегритет и достоинството на личноста и имотот што се обезбедува. [71]

Основната цел на приватната безбедност е насочена кон намалување на загубите предизвикани од човечка грешка, невнимание, катастрофи или криминални активности. [72] Аналогно на тоа, примарната цел ќе биде насочена кон справување со овие предизвици.

Во основа, целите на приватната безбедност можат да бидат насочени кон следното:

– подобрување на нивото на безбедност;

– заштита на јавните добра;

– развивање на персоналот и организацијата – сигурност дека персоналот ги има компетенциите и вештините ефективно да извршува и да го максимизира потенцијалот;

– превенција и детекција на криминал и неовластени активности;

– превенција и редукција на загуби, штети и неред;

– надгледување и одговор на ризици по безбедноста;

– обезбедување тајност, навременост и соодветни услуги за крајните реципиенти;

– обезбедување доверливи информации за потребите на корисниците на услуги на приватната безбедност;

– давање соодветен технички капацитет за потребите на корисникот на услуги;

– обезбедување адекватна заштита за корисниците на услуги на приватната безбедност.

Посебните цели на приватната безбедност ќе се фокусираат во рамките на работата на самата фирма за обезбедување и ќе бидат насочени кон:

– подобрување на стандардите на вработените;

– стекнување на лиценцирана обука;

– проширување на спектарот на услуги;

---

[70] Начарова И, Поставеноста на приватната безбедност во национални и меѓународни рамки и потребата од нејзино регулирање, магистерски труд одбранет на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет, Институт за одбранбени, безбедносни и мировни студии, март,2019 Скопје..
[71] Закон за Приватно обезбедување, Сл. Весник на Р. Македонија, бр.166 од 26.12.2012, чл.3.
[72] Hess M. K., Introduction to Private Security, Wadsworth, Cengage Learning, 2009., стр. 2-4.

– зголемување на нивото на контрола;
– унапредување на технологијата итн. [73]

Основната задача на приватната безбедност се протега од заштита на лица и имот до заштита на критичната инфраструктура. Исто така, основна задача на приватната безбедност е изведба на функциите детекција и истражување на криминал и криминалци, како и изнесување престапници на распит, но и фокусирање на минимализирање на опасноста и предизвиците со кои може да се соочи одредено физичко или правно лице со ризик. Главна задача на приватната безбедност е да се адаптира на потребите на клиентите, да се моделира и да се приспособува на изворите на загрозувања и да ја проектира својата позиција во рамки на општествените уредувања и политичките закони.[74]

- Улогата на приватната безбедност во заштита на лица и имот

Улогата на приватното обезбедување во заштитата на лица и имот е клучна. Приватните безбедносни актери играат значајна улога во заштитата на луѓето и имотот, проширувајќи се од заштита на поединци до критична инфраструктура.[75]
Модернизацијата на алатките и опремата за заштита на лица и имот е од суштинско значење за легитимното работење на приватните безбедносни субјекти.[76]
Задачата на системот за лична и имотна заштита е да ги проучува поконкретно актуелните фактори и процеси кои ја загрозуваат безбедноста на заштитените лица и објекти, а со тоа и безбедноста на државата и нејзините граѓани, а особено да се стекне свест за сложеноста, изворите и формите на тоа загрозување. Лицата на кои им е потребна безбедносна заштита доаѓаат од различни слоеви на општеството и се занимаваат со различни работни места. Тие можат да бидат бизнисмени, „контроверзни бизнисмени", политичари, забавувачи, спортисти, а во последно време и верски водачи. Најчеста цел на напаѓачите против оваа

[73] Бакрески О., Даничиќ М., Кешетовиќ Ж., Митевски С., Приватна безбедност – теорија и концепт, Скопје, 2015, стр.63.
[74] Исто., стр.65.
[75] Начарова И, Поставеноста на приватната безбедност во национални и меѓународни рамки и потребата од нејзино регулирање, магистерски труд, филозофски факултет, објавен март,2019 Скопје.
[76] Митева К, Местото и улогата на приватните безбедносни актери во остварување на безбедноста, магистерски труд, Филозофски факултет, Скопје, март, 2022.

група на заштитени лица е да прават „галама“ за да го свртат вниманието кон себе и настаните да бидат што подобро покриени од медиумите. [77]

Под поимот специфичен објект се подразбираат сите оние објекти каде живеат или работат одредени лица. Овие објекти се од резиденцијален карактер и можат да се користат трајно, привремено или повремено. Објекти од особено значење за меѓународните односи вклучуваат странски дипломатско-конзуларни претставништва (амбасади, конзулати, резиденции) и згради каде што се наоѓаат претставништвата на меѓународните организации. Објектите од посебно значење можат да бидат заштитени со помош на:

- физичко обезбедување, кое подразбира ангажирање на припадници на надлежните организациски единици на полицијата и приватните безбедносните служби;
- механичко обезбедување, односно употреба на уреди кои овозможуваат заштита на заштитениот објект;
- електронско обезбедување, т.е. користење на уреди кои најавуваат или спречуваат пристап до затворен простор или влез во заштитен објект.

Според начинот на примена и употреба на мерките и дејствијата, средствата и силите, безбедноста на објектите од особено значење може да биде тајна, прикриена, јавна или комбинирана. Во непосредна близина на овие објекти се спроведуваат постојани превентивни мерки за заштита кои вклучуваат:

- ограничување на градба, особено на високи згради;
- купување на одредени згради или, ако е можно, иселување на непожелни лица;
- строго се спроведуваат прописите за регистрација на лицата на кои објектот им се издава (роднини, станари), а на проверените лица им се доделува објект што доминира во околината;
- паркирање, задржување или сообраќај за возила до самиот објект е забрането, а доколку е дозволен сообраќај нивната брзина е ограничена;
- се преземаат редовни мерки за контрола на лица и материјали при одредени работи што се вршат надвор или во објектот и се преземаат мерки за противпожарна заштита. Под поимот безбедносна заштита на објекти од особено значење се подразбира збир на мерки и дејствија што ги планираат и преземаат надлежните државни органи и приватни

[77] Bobić A., Sistemi obezbedenja I zastite lica I umovine, VUB, Visoka skola za usluzni biznis.

безбедносните служби со цел нивна заштита, како и заштита на лицата кои живеат во нив по која било основа.[78]

Телохранител (придружник) е високо обучен професионалец, обучен да одговори на сите барања што се очекуваат од него во неговата избрана работа. Како дел од неговата одговорност се безбедноста, заштитата на животот и здравјето, заштитата на материјалните вредности, како на самите поединци, така и на нивните семејства.

Телохранителот врши непосредна заштита, збир на мерки и дејствија што се преземаат за да се спречи секој обид за загрозување на лична безбедност на лицето кое го обезбедува.

Телохранителите ги преземаат следните мерки:

- оперативно-превентивни мерки;
- превентивни технички мерки;
- мерки за заштита од пожари;
- мерки за здравствена заштита;
- мерки за заштита на објектот и мерки за непосредна заштита.

Во зависност од тоа кои лица се заштитени и кој врши директни безбедносни должности, може да се каже дека постојат два вида телохранители:

- службени или „државни“;
- „приватни“ телохранители.

При вршење на физичко обезбедување на лица, забрането е обезбедување на лица на начин што може да го наруши спокојството на трети лица.[79]

[78] Bobić A, Sistemi obezbedenja I zastite lica I umovine, VUB, Visoka skola za usluzni biznis.
[79] Bobić A., Privatna bezbednost, VUB, Visoka skola za usluzni biznis

- Врска меѓу приватното обезбедување и полицијата

Тргнувајќи од разновидноста на безбедносните ризици, чии форми понекогаш е тешко да се идентификуваат и обработат, јасно е дека апсолутна безбедност не постои. Во оваа смисла, неопходно е да се разбере желбата на граѓаните и деловните субјекти да дизајнираат дел од безбедносните служби во согласност со нивните потреби.[80]

Во голема мера се напушта традиционалното сфаќање дека само полицијата е одговорна за безбедноста, што го отвора теренот за нова безбедносна филозофија во која приватното обезбедување има сè поважно место.[81]

Врската помеѓу полицијата и приватното обезбедување заслужува посебно внимание, бидејќи приватното обезбедување е поврзано со правниот систем преку јавната безбедност, т.е. преку полицијата. Оваа врска безброј пати се докажала како најдобра, особено кога станува збор за врзување и спојување во единствен безбедносен систем. Иако не може да се оспори дека постојат многу потенцијални проблеми во оваа соработка, и доколку им се дозволи тие да се акумулираат, можат да имаат непроценливи последици за вистинската соработка и интеграција на вработените во приватна безбедност и полицајците во јавната безбедност. За жал, овој однос е оптеретен од недостатокот на меѓусебно почитување меѓу вработените во приватната безбедност и јавната безбедност. Полицијците традиционално се гледаат себеси како добро обучени и мотивирачки професионалци со знаење кое не се бара од припадниците на приватното обезбедување, од кое произлегува нивната ексклузивност. Дел од овој проблем произлегува од сериозното недоразбирање на меѓусебната улога и функција во постигнување на стандардот на безбедност за секого и за сè во секое време.[82]

Разликата меѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор е збунувачка во однос на терминологијата, бидејќи приватното обезбедување користи термини како „спроведување

[80] Плачков, Радослав, Полиција и приватни сектор безбедности са посебним освртом на детективску делатност, Безбедност, Часопис МУП Републике Србије, број 3, Београд, 2009., стр. 88.
[81] Стајић, Љубомир, Изазови корпоративне безбедности у светлу савременог схватања појма безбедности, Приватна безбедност – стање и перспективе, Зборник радова, ИК Прометеј, Нови Сад, 2008, стр. 29
[82] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011., стр. 7-8

на Законот“, патролирање и спречување криминал, кои обично се поврзуваат со полициската работа.[83]

Соработката меѓу овие два субјекта на единствен, интегрален безбедносен систем е можеби највидлива и најпродуктивна на полето на корпоративниот криминал. Едно време, директорот на ФБИ Вилијам Вебстер силно ги ориентирал истражните ресурси на ФБИ кон приватната безбедносна индустрија при откривање, истражување на криминалните активности. Тој го објаснил тоа со фактот дека приватната безбедносна индустрија му служи на бизнисот и дека е „во првите редови“ каде всушност се случува корпоративниот криминал.[84]

Со текот на времето многу полициски службеници ја сфатиле и ја прифатиле важноста на социјалната вклученост на индустријата за приватна безбедност во спречувањето на криминалот. Добро координираната и организирана работа на овие два системи може да резултира со навистина ефикасна полициска (јавна и приватна) превенција на социјалниот криминал. Во оваа смисла, станува јасно дека дејноста на приватниот безбедносен сектор не е само „продавање сигурност“ туку и вистинака потреба на луѓето за да можат да се заштитат.[85]

Во последно време е забележлива и перспективна соработка на полето на борбата против тероризмот, каде приватното обезбедување се јавува како продолжена рака на полицијата, на државните субјекти одговорни за борба против тероризмот, односно се јавува како субјект кој е најмногу на терен и територијално зафаќа најголема површина (повеќе од 90% од сите објекти кои можат да бидат предмет на терористички напади). Распространетоста на тероризмот во однос на бројот на дејствија, бројот на учесници, погодениот простор и деструктивните ефекти го покажале фактот дека ниту една земја нема доволно ресурси да го покрие целиот простор и сите објекти во антитерористичка заштита. Во оваа смисла, можеме да кажеме дека не постои поадекватна, обучена и подготвена структура од приватното обезбедување кое би можело да се приклучи на таа борба. [86]

---

83 Бошковић Мићо, Основи детективске делатности, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад, 2006., .стр. 14.
84 Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008., стр. 15-16.
85 Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011, стр. 8.
86 Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008., стр. 16.

Со вклучување на приватно обезбедување со помош и поддршка во гореспоменатите напори, всушност се добива огромен координиран и ефикасен систем со можност за работа во најшироки области. Затоа, приватното обезбедување не може повеќе да се гледа како посебен ентитет во контекст на чувари на згради или инсталатери на аларми за провалници. Денес, приватното обезбедување е препознаено како видлив и нераскинлив дел од корпорацијата или бизнисот. За приватното обезбедување денес се применува системски пристап и тоа е потсистем на голем општествен систем со јасно дефинирани цели и функции, а неговото дејствување е ограничено со законски прописи кои се усогласени со другите општествени субјекти од областа на безбедноста. Денес, приватното обезбедување не се сфаќа како „трошок“, туку како систем кој овозможува корпорацијата заедно со општеството да опстане, да работи и да се развива. [87]

Треба да се нагласи дека приватното обезбедување се стреми да ги заштити правата и правните интереси на своите клиенти, со цел да се постигне повисоко ниво на безбедност, од една страна, и да ги извршува задачите предвидени во договорот, од друга страна.[88]

Генерално, не постои едноставна граница за поделба меѓу двата сектори, туку може да се каже дека полицијата и приватното обезбедување се предодредени заеднички да соработуваат поради комплементарноста на задачите. Нивните интереси се надополнуват и тие имаат заедничка цел - заштита и безбедност за целото општество.[89]

Односот помеѓу приватниот безбедносен сектор и полицијата може да се забележи и по бројот на вработени членови, па може да се констатира дека приватниот безбедносен сектор постојано се зголемува во последните три децении во земјите од Европската унија, така што речиси го достигнува бројот на припадници на полицијата, а во некои земји тој број е поголем од бројот на полициски сили. [90]

Во македонската држава има 7000 лица кои работат како работници за обезбедување и поседуваат легитимации. Оваа бројка релативно одговара на бројката на униформирани

[87]Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008., стр. 16-17.
[88] Бошковић, Мићо, Основи детективске делатности, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад, 2006., стр. 15.
[89] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., Приватна безбедност: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015., стр.160-164.
[90] Бошковић, Мићо, Основи детективске делатности, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад, 2006., стр. 15.

полицајци во МВР, кои ги имаат истите или слични задачи на обезбедување.[91] Значи според горенаведеното можеме да кажеме дека во македонската држава бројот на лицата за безбедност општо е во пораст, без разлика дали станува збор на вработени во јавната или приватната безбедност.

Во однос на платата во македонската држава нереално ниската цена на трудот е присутна на целиот пазар. Така надоместокот за безбедносните услуги во приватниот сектор варира во однос на содржината на услугата, а зависи од институцијата што ја објавила јавната набавка и од понудувачот што одговорил на истата. Додека министерството за внатрешни работи информира дека платата на вработените ја исплатува врз основа на Закон за внатрешни работи и Колективен договор. Согласно новиот Закон за минимална плата, минималната бруто плата во МВР изнесува 26.422,00 денари. Платата за вработените во МВР, за најниското работно место, во согласност со систематизацијата на МВР, со статус на овластени лица и полициски службеници е над предвидената минимална плата во македонската држава.[92]

За илустрација во врска со бројот на вработените во секторот безбедност, може да истакнеме дека во САД бројот на вработени во приватниот безбедносен сектор го надмина вкупниот број полицајци во 1980 година, а веќе во 1996 година достигна 1,5 милиони членови. Интересна е и информацијата добиена со споредување на соодветниот број на членови на секторот на службеници за приватно обезбедување на 100.000 жители: Шведска - 184, Литванија - 75, Луксембург - 201, додека бројот на службеници во приватниот безбедносен сектор во Велика Британија е дури 333.631, т.е. 273 офицери на 100.000 жители.[93]

Во контекст на ова разгледување, интересно е да се забележи дека во нашата држава, во областа на приватното обезбедување, до 2015 година биле регистрирани 112 субјекти кои вршат дејности на приватно обезбедување, каде вработени се 3.387 правни лица кои се занимаваат со физичко и техничко обезбедување.[94]

---

[91] https://sitel.com.mk/agenciite-za-obezbeduvanje-kako-supstitut-na-mvr-vo-chuvanje-na-vitalni-drzhavni-objekti посетено на 3.10.2023

[92] https://mvr.gov.mk/vest/19622 посетено на 6.11.2023

[93] Бошковић, Мићо, Основи детективске делатности, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад, 2006., стр. 15.

[94] Стратегија за развој на приватното обезбедување во Република Македонија, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016.

Во македонската држава, агенциите за обезбедување преставуваат супститут на МВР во чување на виталните државни објекти.[95]

- Организација на системот за приватно обезбедување

Приватизацијата на безбедноста е широко прифатен феномен денес, повеќе од кој било претходен период во историјата на модерната национална држава. Приватизацијата генерално значи пренос на сопственост или бизнис од државата на приватен субјект. Забрзаниот тренд на приватизација на безбедноста и ерозијата на државниот монопол над сите форми на организирано насилство се предизвикани, меѓу другото  и од неспособноста на модерната држава ефикасно да одговори на современите предизвици, ризици и закани. На тоа укажува и трендот дека државите, корпорациите, меѓународните организации, невладините организации, како и поединците и заедниците се повеќе му веруваат на приватниот безбедносен сектор и оставаат тој да се грижи за нивната безбедност. Приватниот безбедносен сектор ги опфаќа оние субјекти кои обезбедуваат обезбедување на луѓето и нивниот имот според договор и за пари. Низ светот, приватниот безбедносен сектор доживува забрзан раст. Кога е правилно регулиран, може да даде вреден придонес за безбедноста воопшто. Сепак, активностите на приватниот сектор кои не се под државна контрола или се слабо регулирани можат да претставуваат единствен проблем за државата, а во преодните и постконфликтните држави, тие можат да дејствуваат како пречка за градење мир и демократско владеење.[96]

Кога се соочуваат и со традиционалните и со нетрадиционалните безбедносни предизвици, државите, кои дејствуваат сами, се недоволно опремени да се справат со нив. Како решение, сè повеќе прибегнуваат кон ад хок мрежите за управување со безбедноста. Ваквите мрежи подразбираат соработка меѓу владите, приватниот сектор, невладините и меѓународните организации, овозможувајќи им на актерите да користат географски, технолошки и научни ресурси до кои нема да можат сами да пристапат. Сепак, има многу неодговорени прашања

[95] https://sitel.com.mk/agenciite-za-obezbeduvanje-kako-supstitut-na-mvr-vo-chuvanje-na-vitalni-drzhavni-objekti посетено на 4.2.2024

[96] Даничић Милан, Павловић, Гојко, Приватне војне и приватне безбједносне компаније као чиниоци приватног сектора безбједности, Безбједност полиција грађани, Часопис МУП Републике Српске, број 1, Бања Лука, 2009., стр. 37.

во врска со надзорот и одговорноста на новите мрежи на управување, како и начините на кои, од друга страна, тие можат подобро да придонесат за подобрување на безбедноста.[97]

Многу фактори влијаат на самата содржина на приватното обезбедување, најважен фактор секако може да се наведе како формата и степенот на загрозување на имотот и бизнисот. Затоа сите безбедносни содржини не се подеднакво присутни во пракса или подеднакво организациски поврзани. Физичко-техничкото обезбедување (ФТО) подразбира ангажирање на специјализирани работници за спроведување и професионална контрола на безбедносната заштита, примена на посебни мерки при складирање на оружје и муниција, посебно обезбедување при складирање и транспорт на пари и вредни предмети, физичко и техничко обезбедување на објекти, издавање службени легитимации и документи за безбедносна дозвола. Појавата на пожар стана постојана опасност која ја следи секоја компанија. Преземањето мерки за противпожарна заштита е законска обврска, а организациски овие мерки беа присутни во рамките на специјалната служба за противпожарна заштита или во рамките на службата за безбедност. Се смета дека програмата за приватна безбедност е комбинација од задачи и активности за управување со безбедноста, дефинирани во време и простор, со извршители кои ја зголемуваат оперативната ефикасност и успех, преку навремено исполнување и исполнување на безбедносните барања и намалување на потенцијалните загуби низ сите фази од работниот циклус на компанијата. Обезбедувањето на средствата и деловното работење на компаниите во современи услови го вршат самите компании во форма на соодветни организациски единици, но и специјализирани компании кои се регистрирани за давање безбедносни услуги. Успешно извршување на приватното обезбедување и соодветната соработка со полицијата во рамките на безбедносниот систем може да се постигне само со стручен кадар, што подразбира и одредени видови едукација на сите нивоа на вршење на оваа дејност.[98]

Познато е дека приватниот сектор за безбедност, односно приватниот безбедносен сектор, опфаќа широк простор на обезбедување и заштита на лица и имот. Со својот асортиман и квалитет ги надминува безбедносните стандарди кои државата му ги гарантира на секој граѓанин. Истовремено, неспорно е дека физичкото и техничкото обезбедување,

---

[97] Buckland, S. Benjamin, Winkler, H. Theodor, Јавна и приватна сарадња: изазови и могућности управљања безбедношћу, Форум за безбедност и демократију, Београд, 2011., стр. 9.
[98] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008., стр. 21-23.

како збир на дејствија и мерки за одвраќање и спречување закани по безбедноста на лицата и имотот, односно предметите што треба да се заштитат, претставува суштински потсистем на заштита. Ефективното и висококвалитетно физичко и техничко обезбедување во современи услови е исклучително важен фактор за успешно функционирање на стопанските и другите колективи. Во оваа смисла, би можеле да кажеме и дека полето на физичко и техничко обезбедување (како и заштита од пожар и експлозија) претставува економска категорија, иако, за разлика од заштитата на здравјето и безбедноста при работа, таа директно не влијае на продуктивноста на трудот.[99]

Во продолжение ќе ги објасниме овие два вида на обезбедување, како дел од приватната безбедност.

## .1 Физичка безбедност

Физичко обезбедување, е обезбедување на лица заради нивна лична заштита и обезбедување на имот од пристап на неповикани лица, уништување, оштетување, противправно одземање и други форми на штетни дејствија.[100]
Физичката безбедност на објектите е прилагодена на специфичните потреби и барања на клиентите, како и применливите законски прописи. Физичката безбедност ја вршат лиценцирани и стручно обучени униформирани лица кои целосно ги исполниле пропишаните услови за безбедносната активност. За секој вработен во физичка безбедност се спроведуваат безбедносните проверки во согласност со законската регулатива.[101]
Физичката безбедност се заснова на јасно дефинирани процедури, усогласеност со внатрешните прописи за работа и дисциплина на работниците, со цел да се спречат можните несакани или ирелевантни дејства.[102]

Преовладувањето на физичките ризици од загрозеност веројатно предизвикало физичката безбедност да се смета за синоним за безбедносниот систем. Физичката безбедност претставува непосредно обезбедување и заштита на лица и имот од страна на

[99] Милошевић, Милан, Нормативна (не)уређеност приватног обезбеђења лица и мовине у Републици Србији, Зборник радова Реформа сектора безбедности у Србији - достигнућа и перспективе, Центар за цивилно-војне односе, Београд, 2007., стр. 128
[100] Закон за приватно обезбедување, објавен во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012.
[101] https://branitel.mk/fizicko-obezbeduvanje/ посетено на 15.11.2023
[102] https://mdn.com.mk/uslugi/ посетено на 2.10.2023

безбедносниот персонал. Се манифестира со преземање превентивни, а во одредени околности и репресивни мерки и дејствија од страна на овластен работник за обезбедување.[103] Работните места за физичка безбедност може да се класифицираат во четири групи, и тоа: заштита на лица и имот; транспорт на пари и други вредни предмети; заштита на лица (телохранител) и обезбедување на јавни собири.[104]

Очигледно е дека групирањето на работните места укажува на сложеноста на безбедносната содржина и нејзиното место во севкупниот безбедносен систем. Социо-економските промени предизвикале и промени и во дејноста на обезбедувањето и во самата содржина на обезбедувањето. Проширувањето на операциите за физичко обезбедување особено се однесува на операциите за следење пари, заштита на лица и обезбедување на јавни собири. Обезбедувањето имот е составен дел од редовната одговорност на компаниите. Сепак, без оглед на избраниот начин на организирање на службата за безбедност, важно е одговорноста за успешно извршување на овие задачи да ја има субјектот чиј имот се обезбедува.[105]

## 7.2 Техничка безбедност и заштита

Техничко обезбедување, е обезбедување на лица и имот со технички средства и уреди по пропишани стандарди.[106]

Истовремено, техничко обезбедување се врши на просторот, или објектите кои се обезбедуваат и при придружба и обезбедување при превоз на лица кои директно се обезбедуваат, потоа при превоз на пари, хартии од вредност, скапоцени метали и други вредни предмети по барање на заинтересирани страни.[107]

Според тоа, техничкото обезбедување претставува заштита и спречување на неовластен пристап до лице или предмет, документ, средство и слично, со помош на

[103] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 24.
[104] Мандић Горан, Систем обезбеђења и заштите, Факултет цивилне одбране, Београд, 2004, стр. 107.
[105] Даничић Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 24.
[106] Закон за приватно обезбедување, објавен во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012.
[107] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 26.

средства и опрема. Неговата појава е разбирлива во ерата на техничко-технолошките достигнувања и секако придонесува за ефикасноста на безбедносниот систем. Средствата и опремата за техничко обезбедување, кои најчесто се користат можат да бидат механички, електронски или комбинирани. Механички средства се разни видови огради, рампи, специјални конструкции, каси, трезори. Различни форми и видови на електронски уреди и опрема кои го овозможуваат следново: континуирано следење на објектот за обезбедување од едно место, поекономично ангажирање на обезбедувањето, реконструкција на настани, откривање на неовластено лице или неовластена состојба, постигнување психолошки ефект во превентивна смисла, овозможување контрола на работата на службата за безбедност, посигурна контрола на внесување експлозиви, јонизација и други опасни материи, побрзо откривање на кражби, причини за пожари итн.[108]

Под техничко обезбедување се подразбира инсталирање, одржување, мониторирање, продажба на системи за видео надзор, системи за противпожари, за детекција, провала и кражба, системи за контрола на пристап и евиденција на работно време, видео-домофонски системи, автоматски бариери, автоматика за врати, детекција на метали, оружје, опасни метали, хемикалии и сл. Сѐ со цел навремено спречување на било какви противправни дејства и со цел:

- детекција на напад, кражба, недозволен упад;
- детекција на пожар или поплава;
- контрола на пристап на лица;
- евиденција на лица, вработени и посетители;
- автоматска контрола на пристап, капии, врати, бариери;
- детекција на внес или изнесување на недозволени предмети;
- детекција на метали, оружје, хемикалии и сл.[109]

Спроведувањето на техничката заштита опфаќа: правење проценка на загрозеноста на заштитениот објект, изработка на безбедносна студија, дефинирање на проектна задача, проектирање систем за техничка заштита, изработка на систем за техничка заштита, стручен

[108] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008., стр. 26-27.
[109] https://mdn.com.mk/uslugi/ посетено на 2.10.2023

надзор над извршувањето на работите, вршење на технички преглед и примање на системот за техничка заштита и одржување и сервисирање на системот за техничка заштита.[110]

- Регулирање на приватната безбедност

Прашањето за регулирање на приватната безбедност е повеќе од неопходно, бидејќи со самата регулација се поставуваат правила, Закони и стандарди според кои е потребно приватното обезбедување да фигурира и според кои треба да се однесуваат вработените во оваа област се со цел професионалност на највисоко ниво кое ќе резултира со мир и безбедност во делот кој се обезбедува.

Регулативата може да придонесе за подобрување на професионализмот на приватните компании за обезбедување, но и кон зголемување на довербата на јавноста.[111]

Со дефинирање на правната рамка за работата на приватниот безбедносен сектор се дава основа, но се утврдуваат и границите на неговата организација и функционирање.[112]

Секој народ има своја култура, што подразбира различен начин на справување со прашањето на приватната безбедност. Односот меѓу општеството и неговите членови кон животната средина е регулиран со посебни правила на однесување кои се дел од културата. Секоја нација создава, толкува и применува правила на свој начин.[113]

Познато е дека во различни временски периоди од развојот на нашето општество, приватниот безбедносен сектор бил регулиран со соодветни законски и подзаконски акти, кои, во одредена мера, директно или индиректно ја регулирале неговата организација и дејност. Меѓутоа, во одредени временски периоди исто така немало регулативи кои го регулирале ова прашање.[114]

---

[110] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008., стр. 27.

[111] Муаремоска С., Бакрески О. "Регулирање на приватната безбедност во Република Македонија" научен труд, во Современа македонска одбрана, бр.30., Скопје 2016.

[112] Плачков, Радослав, Полиција и приватни сектор безбедности са посебним осврток на детективску делатност, Безбедност, Часопис МУП Републике Србије, број 3, Београд, 2009., стр. 76.

[113] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура" Петроварадин, Нови Сад, 2011, стр. 39.

[114] Павловић, Гојко, Вејновић, Душко, Друштвени амбијент приватног сектора безбједности са тежиштем на Републици Српској, Безбједност полиција грађани, Часопис МУП Републике Српске, број 1-2, Бања Лука, 2010, стр. 224.

Разликите се значително помали меѓу народите кои живеат во исти делови од светот, особено ако се на исто ниво на економски развој и ако имаат слична социјална структура. Воедно, се истакнуваат спецификите на плуралистичкиот модел на регулирање на општествените односи, кој се развивал во источните општества и монистичкиот модел, кој е карактеристичен за западната цивилизација. Источниот или плуралистичкиот модел се препознава по тоа што во животот на една општествена заедница, освен правните норми создадени од државата, од големо значење имаат правилата кои настанале спонтано или под влијание на различни општествени групи. Обичаите и моралните принципи играат клучна улога во регулирањето на општествените односи уште од античко време. Правилата не се направени однапред, туку настанале спонтано преку животната практика и искуството на одредено општество. Примената на правилата првенствено се засновале на верувањето дека во одредена ситуација е добро да се постапува како што налага искуството од претходните генерации, а не толку на стравот од санкционирање.[115]

Во земјите од западната правна култура правниот живот се одвива под доминантно влијание на државата, а државните органи донесуваат, толкуваат и применуваат правни правила по однапред одредена процедура.[116]

Законското уредување на приватниот безбедносен сектор дава широка платформа дека односите и работите во овој сектор ќе се одвиваат по одреден канализиран ред.[117]

Во нормативна смисла, регулацијата на приватно обезбедување може да се дефинира како збир на принципи и правни правила кои ги регулираат активностите, услугите, мерките, дејствијата и средствата наменети за заштита на приватната сопственост, информации и лица, кои се нудат и обезбедуваат во рамките на „приватни пазари“.[118]

Правните принципи се непишани правни правила кои се важен дел од секој правен поредок, а тоа што претставуваат решение доколку нема конкретно пишано правно правило ја претставува нивната практична функција. Принципите на кои се заснова работата и функционирањето на приватниот безбедносен сектор се:

---

[115] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011.године, стр. 39.

[116] Исто., стр. 40.

[117] Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа, во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2016, стр.44-45.

[118] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011., стр. 43.

1. Принцип на законитост - постапување на приватните субјекти за обезбедување врз основа на Закон и други прописи засновани на Закон;
2. Принципот на заштита на јавниот интерес - одржување на јавниот ред и мир и давање помош во вонредни ситуации е една од основните задачи на безбедносниот приватен сектор;
3. Принципот на почитување на човековите права и принципот на соработка - важи за сите страни во системот за безбедносна заштита со цел подобрување на личната и имотната безбедност;
4. Принципот на доверливост на податоците;
5. Принцип на ефикасност.[119]

Целта на усвојување на законската регулатива е потребата да се направи функционална дистинкција во однос на компетентноста во извршувањето на одредени безбедносни прашања. Од суштинско значење е нормативната регулатива за приватна безбедност да биде целосно прилагодена, така што сите сегменти може да бидат различни во споредба со акцијата на државата или полицискиот оддел, и е неопходно да се воспостават соодветни стандарди и професионализам во сите форми на приватната безбедност. Законското уредување на приватниот безбедносен сектор дава широка платформа дека односите и работите во овој сектор ќе се одвиваат по одреден канализиран ред.[120]

Постојат неколку причини зошто приватната безбедност и приватниот безбедносен сектор треба да бидат регулирани, и тоа:

– за да се осигура дека тие нема негативно да влијаат на мирот, безбедноста и разрешувањето на конфликтите;

– за да се осигура дека нивната употреба е истовремено легална и легитимна и е во согласност со човековите права, дека нема да бидат повредени уставните права на граѓаните;

– за да се осигура дека тие нема да ја поткопаат владината политика;

---

119 Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011., стр. 44.

120 Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа, во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје 2016., стр.44-45.

– за да се спречи нанесувањето економска штета на нивните клиенти;

– да се осигура дека ќе бидат одговорни за своите постапки и за оние на нивните работадавачи;

– да се осигура дека ќе бидат што е можно потранспарентни;

– за да се гарантира дека на ниту еден начин нема да го поткопаат суверенитетот на државите;

– поради јасно дефинирање на поделбата на надлежности помеѓу полицијата/другите актери од јавното обезбедување и приватните компании за обезбедување;

- овозможување ефикасна контрола и систем на санкционирање;
- додавање кредибилитет на приватните приваните услуги за обезбедување, и др.[121]

Регулацијата создава еден вид на механизам преку кој се оформуваат активностите на приватниот безбедносен сектор. Согласно со тоа на регулацијата треба да се гледа како на централен елемент околу кој се врти политиката на приватното обезбедување.[122]

# ГЛАВА 3
# ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ВО МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА

## 1. Појава и развој на приватниот безбедносен сектор во македонската држава

Приватниот безбедносен сектор во македонската држава значително еволуирала низ годините. По распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, дошло до забележителна промена во безбедносната слика, што довело до појава на приватни безбедносни субјекти како клучни партнери на државата во обезбедувањето на безбедноста.[123]

Со распадот на СФРЈ се распаднале полека политичкиот, но и безбедносниот систем во сите држави на СФРЈ. Во многу делови на државата, јавната безбедност станала приватна, во смисла што нема никаква релација со она што е модерен концепт на приватна и

[121] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., Приватна безбедност: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015., стр.180-181.
[122] Даничиќ М., Пилиповиќ В., Приватна безбедност, Факултет за правне и пословне студије “др. Лазар Вркатиќ”, Тампофраф, Нови Сад 2015., стр.110-111.
[123] Ѓуроски М., Павловиќ Г.,Основи на безбедноста, Концепсиски безбедносен пристап Скопје, 2021.

корпоративна безбедност. Македонската држава, за среќа го избегнала погубното искуство на паравојски, параполиции, селски стражи и други облици на самоорганизирање за одбрана во војна или во граѓански судир. Со помош на мирната разврска на распадот на Југославија се овозможило нормален начин на воспоставување на државноста со сите нејзини атрибути. Процесот на трансформација на државата, во прифаќањето на либералните принципи во политичката и во економската сфера подигнати на ниво на уставна норма, било невообичаено регуларен. Во тој период, била извршена приватизација на општествената сопственост. Така, и во безбедноста постепено настанале промени, исто како и во развиените земји. Безбедносното опкружување се менувало драматично, заедно со новата безбедносна агенда по крајот на Студената војна. Развојот на капиталистичката економија и појавата на бројни стопански субјекти, особено по приватизацијата на општествената сопственост како и појавата на општествено раслојување придонеле за првпат да се појави дотогаш непозната категорија на исклучително богати поединци.[124] Од потреба да ја истакне сопствената важност или богатство, или пак од вистинска потреба, како што сведочи поранешниот министер за внатрешни работи Павле Трајанов во првите години по осамостојувањето, „стана престиж секој кој дошол до одреден капитал да ангажира bodyguard, да се појавува на јавно место со вооружени луѓе“. Ова значело дека пазарот имал потреба од дополнителни безбедносни услуги, но патот до формирање модерни и високопрофесионални приватни агенции за обезбедување бил обременет со тешкотии. Во поранешна Југославија, и во Р. Македонија, постоела дејноста обезбедување лица и имот, но како интегрален дел на Службата за јавна безбедност во Министерството за внатрешни работи. Имотот што бил предмет на заштита бил во општествена сопственост, а правата на припадниците на полицијата во овој домен произлегувале од Законот за општествена самозаштита. Распадот на СФРЈ не значел и автоматско укинување на севкупната правна регулатива, па така иако бил донесен Уставот на независна Македонија (ноември 1991 година), за низа области продолжиле да важат одредбите од старите Закони – сѐ до донесувањето на новите, сообразени со новите околности и новиот уставен поредок. Така, сѐ до донесувањето на посебен Закон за обезбедување на лица и имот (во 1999 година), обезбедувањето на имот било донекаде регулирано со Законот за општествена самозаштита

[124] Ванковска Б., Приватниот безбедносен сектор во Република Македонија: Меѓу потребите и јавната (не)доверба, Скопје, 2016., стр.18.

и со Правилникот за начинот на вршење на работите на службата за обезбедување на организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници.
Се смета дека првиот правен субјект што почнува професионално да се занимава со давање безбедносни услуги е основан во 1994 година. Бројот на приватни агенции за обезбедување се менува низ годините зависно од потребите, од одржливоста на пазарот и во однос на конкуренцијата, но и на законските стандарди. Гледано низ призмата на агенциите коишто се целосно оперативни и активни, сепак, може да се каже дека безбедносната индустрија во Македонската држава е сè уште во развој. Имено, поголемиот број субјекти се мали по обем и вработуваат релативно мал број поединци. Гледано низ временска призма (од 1994 до денес), евидентно е дека состојбите се многу подобрени, и во смисла на регулацијата на приватниот безбедносен сектор и во поглед на неговите професионални перформанси. Она што некогаш беше исклучок или карактеристика на елитите, денес станува секојдневна појава и во сферата на личното живеење, и на многу јавни места и институции обезбедувани од овие агенции. Сепак, негативниот имиџ, што главно се должи на контроверзните настани и феномени во самите почетоци на дејноста, донекаде опстојува и денес.[125]

Можеме да заклучиме дека појавата на приватната безбедност во Македонската држава започнува неколку години после прогласувањето на нејзнината независност и отпочнување на патот кон Европската унија и НАТО. Поточно почетоците на приватната безбедност во Македонската држава се поврзуваат со донесување на Законот за обезбедување на лица и имот на 14 декември 1999 година. Закон за обезбедување на лица и имот, кој ја даде потребната рамка за остварување на дејноста приватно обезбедување. Тој ги уреди и начинот за обезбедување на лица и имот.[126]

Можеме да кажеме дека приватното обезбедување во македонската држава е резултат на процесите што се случија во последната деценија од минатиот век кога се создале услови за практично етаблирање на приватниот безбедносен сектор како значаен фактор во вкупните односи за градење поволен безбедносен амбиент во државата. Со тоа приватното обезбедување и приватните компании за обезбедување во нашата држава станаа реален партнер на јавниот безбедносен сектор во државата со изразити елементи на апсолутна

[125] Ванковска Б., Приватниот безбедносен сектор во Република Македонија: Меѓу потребите и јавната (не)доверба, Скопје, 2016, стр.18 -19.
[126] Закон за обезбедување на лица и имот, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.80/99 од 17.12.1999год. чл.1

доминација на сопственоста, како и приватизирање на одредени функции што дотогаш беа ексклузивно право на јавниот безбедносен сектор.[127]

Развојот на приватниот безбедносен сектор во Македонската држава бележи значителен напредок во последните две децении на 21 век. Овој раст е дел од поширокиот тренд забележан во земји како Србија и Северна Македонија, нагласувајќи ја зголемената важност и еволуција на приватната безбедносна индустрија во регионот. Генерално, приватниот безбедносен сектор во Македонија прерасна во значаен играч во безбедносната слика на земјата, прилагодувајќи се на променливите безбедносни предизвици и барања [128]
Правната основа за регулирање на приватното обезбедување во Македонската држава е клучна за надзор и управување со активностите на приватните безбедносни субјекти во земјата. [129] Дополнително, преземени се реформи и напори за реструктуирање за подобрување на приватниот безбедносен потсистем во Македонија, усогласувајќи го со современите безбедносни концепти и регулативи.[130]

## 2. Законодавна рамка на приватната безбедност во македонската држава

Македонската држава за првпат целосно и институционално ги воведе различните облици на приватно обезбедување на лица и имот со донесувањето на Законот за обезбедување на имот и лица на 14 декември 1999 година[131]. Со овој акт беа создадени законски правила и основи во однос на предметната материја, како вовед во отпочнување на процесот на практична имплементација за законските решенија во делот на обезбедување на лица и имот. Воедно, со овој Закон државата направи значителен чекор напред во смисла на делегирање на дел од своите јавни надлежности на новоснованиот субјект – Комора на македонската држава за обезбедување на лица и имот, пренесувајќи ги обврските за: организирање на полагање на стручен испит за приватно обезбедување, издавање на

[127] Бакрески О. и други, Коментар на законот за приватно обезбедување, Скопје, 2014
[128] https://www.academia.edu/65358757/Private_Security_Industry_in_the_Republic_of_North_Macedonia посетено на 25.3.2024
[129] https://www.researchgate.net/publication/343044085_Legal_Basis_for_Regulation_of_the_Private_Security_in_the_Republic_of_Macedonia посетено на 25.3.2024
[130] https://www.academia.edu/37774107/REFORMS_OF_RESTRUCTURING_THE_PRIVATE_SECURITY_SUBSYSTEM_IN_REPUBLIC_OF_MACEDONIA_WITHIN_THE_MODERN_CONCEPT_OF_SECURITY_SYSTEM посетено на 25.3.2024
[131] http://arhiva.mvr.gov.mk/Uploads/ZAKON%20ZA%20OBEZBEDUVANE%20LICA%20I%20IMOT.pdf посетено на 14.1.2024

лиценца за работа за физички лица и легитимации за правни лица и водење евиденции. Таа се формира на 21.06.2000 година, со седиште во Скопје. Дејноста на Комората е насочена во правец на заштитување и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста на професијата обезбедување на лица и имот и истата е регулирана со Закон за обезбедување на лица и имот и подзаконски акти , а сега е регулирана со Закон за приватно обезбедување.[132]

Во декември 2012 година, Собранието на македонската држава донесе нов Закон за приватно обезбедување[133], кој подоцна претрпе измени и дополнувања во 2013 година и уште две измени и дополнувања во 2015 година,[134] секако од објективни причини и како резултат на прилагодувањето на македонското со европското законодавство.

Според член 1 од овој Закон за приватно обезбедување се уредуваат условите за вршење на приватно обезбедување, вршењето на приватното обезбедување, приватното обезбедување за сопствени потреби, задолжителното приватно обезбедување, овластувањата на работниците за приватно обезбедување, работната облека и ознаката на работниците за приватно обезбедување, формирањето, овластувањата и финансирањето на Комората на македонската држава за приватно обезбедување, евиденциите, заштитата на податоците и информациите, надзорот, овластувањето за подзаконски прописи и прекршочните одредби. [135]

Законот за приватно обезбедување се состои од 13 глави во кои има повеќе членови и се дадени правилата според кои оваа дејност мора да постапува во нашата држава.

Во првата глава од овој Закон се дадени општите одредби. Дејноста на приватното обезбедување – која е од јавен интерес. Потоа е објаснета целта на приватното обезбедување, недозволени работи, недоволени оперативни методи и средства на приватното обезбедување. Дадено е објаснување за договор за приватното обезбедување, значење на одредени изрази кои се употребуваат во приватното обезбедување, видови на приватно обезбедување и вршење на приватно обезбедување.

[132] Бакрески О. и други, Коментар на законот за приватно обезбедување, Скопје, 2014.
[133] Стратегија за развој на приватното обезбедување во Република Македонија, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016., стр 9.
[134] https://obezbeduvanje.org.mk/zakon-za-privatno-obezbeduvanje/ посетено на 3.11.2023
[135] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012 член 1.

Во втората глава од овој Закон се дадени услови за вршење на приватното обезбедување, како што се општите услови, рок за започнување со работа, видови на дозволи, услови за издавање на дозвола за обезбедување во вид на давање на услуга, стручни испити, легитимација за обезбедување итн.

Потоа во третата глава се дадени правила за вршење на приватното обезбедување, носење на огнено оружје, патрола за обезбедување, обезбедување на транспорт на пари итн.

Четвртата глава од Законот е за приватно обезбедување за сопствени потреби. Петтата е за задолжително приватно обезбедување. Шестата за овластување на работниците за обезбедување. Во седмата глава од Законот се дадени правила за работна облека и ознака на работниците за обезбедување. Осмата за специјалното тело кое се занивама со приватното обезбедување, а тоа е Комората за приватно обезбедување на Репбулика Македонија, за нејзиното функционирање, финансирање, овластувања. Во деветата глава од Законот се дадени инфоамции за евиденции, заштита на податоци и информации. Повеќе информации во врска со надзорот на приватното обезбедување може да се најдат во 10-тата глава од овој Закон. Во 11-тата се дадени правила за прекршочни одредби. 12-та за овластувања за подзаконски прописи и последната глава е за преодни и завршни одредби.[136]

Истиот Закон се наоѓа на веб страниците на Комората на македонската држава за приватно обезбедување и на страната на МВР.

Со помош на подзаконски акти се регулира работата на приватните безбедносни компании, како што се Етички кодекс, Водич за издавање лиценци и службени документи со кои се регулираат стручните испити за издавање на лиценци.

Приватното обезбедување во македонската држава е обезбедено со следниве Закони: Закон за обезбедување на лица и имот[137], потоа Закон за приватно обезбедување[138] и Закон за оружје[139].

Согласно Законот правните лица кои имаат дозвола за приватно обезбедување преземаат мерки и активности утврдени со овој Закон заради спречување и откривање на штетни

136 Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012 член 3 -10

137 Закон за обезбедување на лица и имот, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.80/99 од 17.12.1999.

138 Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012.

139 Закон за оружјето, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.7 од 01.02.2005.

појави и противправни дејствија кои ги загрозуваат телесниот интегритет и достоинството на личноста и имотот што се обезбедува.[140]

Во текстот на Законот е дадено дека дел од приватно обезбедување во вид на давање на услуги може да врши правно лице, ако има извршено упис на дејноста во Централниот регистар на македонската држава и има добиено дозвола за приватно обезбедување во вид на давање на услуги. Исто така приватно обезбедување за сопствени потреби може да врши правно лице ако има добиено дозвола за приватно обезбедување за сопствени потреби. Во приватното обезбедување можат да се вработат лица кои се државјани на македонската држава. Постојат два вида лиценци за обезбедување што може да му се издаде на физичко лице: 1. лиценца за физичко обезбедување и 2. лиценца за техничко обезбедување. Лиценцата за обезбедување може да се издаде на физичко лице кое е државјанин на македонската држава, има живеалиште во македонската држава, има навршено 18 години, поседува општа психофизичка здравствена способност, не е осудено со правосилна судска пресуда или против него не се води кривична постапка, има завршено најмалку средно образование, да е оспособен за физичко обезбедување лица и имот и да има положено стручен испит за физичко обезбедување/ техничко обезбедување.

Согласно овој Закон оспособувањето за физичко и техничко обезбедување го организира Комората, а го вршат Комисија за оспособување за физичко обезбедување и Комисија за оспособување за техничко обезбедување кои ги формира министерот за внатрешни работи. Работниците за обезбедување својата работа во обезбедувањето ја вршат во работна облека. Комората за приватно обезбедување има јавни овластувања, организира полагања на стручен испит, издава лиценци, лигитимации. Таа има својство на правно лице. Таа се финансира од надоместоци, членарина, подароци и донации, други приходи согласно Закон. Евиденции на Министерството е да води ред на издадени и одземени дозволи за обезбедување. Додека Комората на правните лица на кои им е издадена и одземена дозволата за обезбедување, за издадени лиценци за обезбедување, издадени и поништени лигитимации за обезбедување, спроведува контролно гаѓање. Надзорот за спроведување на овој закон и работата на Комората го врши Министерството за внатрешни работи.[141]

[140] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012.
[141] Исто.

## 3. Контрола и надзор на приватниот безбедносен сектор

Покрај тоа што секоја држава има обврска на своите граѓани да им обезбеди одреден степен на заштита, има голем број граѓани кои од различни причини бараат некој да им обезбеди повисок степен на безбедност од она што вообичаено државата обезбедува. Приватниот безбедносен сектор не треба да се сфати како конкуренција на официјални државни органи (суд, обвинителство, полиција, инспекциски органи), туку како современа потреба на општеството, деловните субјекти и граѓаните да ја подигнат колективната безбедност на повисоко ниво. Поаѓајќи од различноста на безбедносните ризици, чии форми понекогаш тешко се идентификуваат и обработуваат, јасно е дека апсолутна безбедност не постои. Во оваа смисла, неопходно е да се разбере желбата на граѓаните и деловните субјекти да дизајнираат дел од безбедносните служби во согласност со нивните потреби.[142]

Во македонската држава приватната безбедност е значаен фактор во вкупните односи за градење поволен безбедносен амбиент во државата.[143]

Контрола на агенциите за приватна безбедност се врши од страна на Комората за безбедност на имот и лица и од страна Министерството за внатрешни работи. Комора за приватно обезбедување може да ја одземе лиценцата за работење на агенцијата за приватно обезбедување како и на нејзините вработени, но нема овластување да врши проверки во работењето на една агенција за обезбедување, како и почитувањето на законите на агенцијата за обезбедување. [144]

Приватните компании за обезбедување, законски треба и мора да го известат МВР за секој инцидент и да имаат соработка со полицијата. [145]

Контролата и надзорот на приватниот безбедносен сектор во Македонската држава се суштински аспекти кои се опфатени во контекст на безбедносната рамка на земјата. [146]

---

[142] Плачков Радослав, Полиција и приватни сектор безбедности са посебним освртом на детективску делатност, Безбедност, Часопис МУП Републике Србије, број 3, Белград, 2009., стр. 88.
[143] Муаремоска С., Бакрески О. "Регулирање на приватната безбедност во Република Македонија" научен труд, во Современа македонска одбрана, бр.30, Скопје 2016., стр.71.
[144] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија" бр.166 од 26.12.2012, член 63.
[145] Исто, член 33.
[146] Митева К., Местото и улогата на приватните безбедносни актери во остварување на безбедноста, магистерски труд, Филозофски факултет, Скопје, март, 2022.

## 4. Легитимација и регулација на приватната безбедност во македонската држава

Легитимизирањето и регулирањето на приватното обезбедување во македонската држава се клучни аспекти за обезбедување безбедна и ефективна безбедносна средина.[147]

Приватната безбедност и приватните агенции за обезбедување имаат законска регулатива со кој се определува начинот на работа, условите за вршење на приватното обезбедување, казнувањата на можните злоупотреби на работата, работата на компаниите за обезбедување итн. [148]

Предуслов за остварување на дејноста приватно обезбедување е постоење адекватна рамка што ќе ја обезбеду потребната заштита на граѓаните, на нивниот имот и работењето на државата во целост. Законот за обезбедување на лица и имот од 1999 година и особено потоа Законот за приватно обезбедување од 2012 години опфаќа сет одредби што се неопходни за функционирање на дејноста приватно обезбедување.[149]

Законот што го регулира приватното обезбедување во македонската држава утврдува правила и стандарди за работата на приватните безбедносни компании и лица во овој сектор.[150]

Регулацијата претставува еден механизам преку кој се дефинираат активностите и содржината на приватниот безбедносен сектор. [151]

Во македонската држава, под влијание на глобалните структурни промени, постепено се напушта традиционалниот концепт во кој единствено државата и нејзините органи се клучни субјекти за зачувување на безбедноста, при што се вкоренил нов начин на размислување и практикување на безбедност, со цел да го олесни воспоставувањето на побезбедно, поправедно и подобро уредено општество.[152]

---

[147] https://www.academia.edu/65358757/Private_Security_Industry_in_the_Republic_of_North_Macedonia посетено на 31.2.2024

[148] Муаремоска С., Бакрески О. "Регулирање на приватната безбедност во Република Македонија" научен труд, во Современа македонска одбрана, бр.30, Скопје 2016.

[149] Милеска Стефановска В., Монографија 20 години приватно обезбедување во Република Северна Македонија, Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување,Скопје, јуни 2020

[150] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија" бр.166 од 26.12.2012.

[151] Бакрески О. Регулација на приватната безбедност во националните држави, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје.

[152] Лабовић Дејан, Приватна безбедност у Републици Србији – правни аспекти и компаративна искуства, , докторска дисертација објавена на универзитет у Крагујевац, Правни факултет, Крагујевац, 2015., стр. 234.

Посебна карактеристика на законската регулатива на приватниот безбедносен сектор на македонската држава е отсуството на соодветни стандарди во работата на овој сектор, како и постоењето на бројни неформални врски на агенциите за безбедност на лица и имот со државните безбедносни структури.[153]

По донесувањето на Законот за обезбедување на лица и имот, во 2000 година била формирана Комората за обезбедување на лица и имот на македонската држава, со седиште во Скопје, која имала задача да ги спроведува Законите и прописите. Во текот на 2006 година во македонската држава била создадена и детективска служба наречена „Детектив" исто во главниот град, Скопје, со што се зголемила конкуренцијата во областа на приватното обезбедување.[154]

Комората за обезбедување на лица и имот претставува институција од јавен карактер со јасни овластувања дефинирани врз основа на закони. Комората претставува и професионално здружение. Таа својата дејност ја остварува преку организирање стручни испити за приватните обезбедувачи, издавање на лиценци за работа, потоа полагање на испити, создавање на легитимации за обезбедување, со издавање литература, соработка со внатре во државата и на меѓународно ниво, одржување на состаноци како и утврдување на Кодексот.[155]

Со Законот за приватно обезбедување се уредуваат условите и начинот на приватно обезбедување на лица и имот, кое се дефинира како дејност од јавен интерес. Во одредбите на Законот е предвидено приватно обезбедување на лица и имот да го вршат правни лица кои имаат дозвола за вршење на таа дејност во вид на давање услуги и правни лица регистрирани да ја вршат таа дејност за свои потреби.[156]

Согласно член 10 од Законот, правните лица за приватно обезбедување на лица и имот во вид на давање услуги, право на вршење дејност стекнуваат со упис во трговскиот регистар и добивање дозвола за вршење на такви работи. Правно лице кое се занимава со овие

---

153 Лабовић Дејан, Приватна безбедност у Републици Србији – правни аспекти и компаративна искуства, , докторска дисертација објавена на универзитет у Крагујевац, Правни факултет, Крагујевац, 2015., стр. 235

154 Козарев А., „Приватна безбедност у Републици Македонији - актуелно стање и перспективе", у: Зборник радова /Први међународни скуп приватна безбедност – стање и перспективе, Нови Сад, 14.11.2008, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад 2008, стр. 169.

155 Козарев А., „Приватна безбедност у Републици Македонији - актуелно стање и перспективе", у: Зборник радова /Први међународни скуп приватна безбедност – стање и перспективе, Нови Сад, 14.11.2008, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад 2008, стр. 169-170.

156 Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија" бр.166 од 26.12.2012, член 1-2

дејности може да основа само домашно правно или физичко лице, при што правното лице мора да има акт за внатрешна систематизација, најмалку 10 вработени кои имаат лиценца за вршење работи на физичко обезбедување, како и работна дозвола издадена од Министерството за внатрешни работи. Правните лица кои се регистрирани да вршат приватно обезбедување за свои потреби мора да имаат најмалку 10 вработени кои имаат лиценца за физичко обезбедување.[157]

Во согласност со Законот обезбедувањето на лица и имот дејствува како физичко и техничко обезбедување. Обезбедување на лица и имот вршат лица кои имаат лиценца за работа. Дозволата за работа ја издава Комората за обезбедување на лица и имот на македонската држава. Лиценца, односно дозвола за работа може да му биде издадена на лице кое има наполнети 18 години, има општи психофизички способности, има државјанство како и престој во македонската држава, не му е изречена мерка на безбедност забрана за вршење професија со правосилна пресуда, треба да има најмалку средно образование, како и треба да има завршено стручно оспособување и положено стручен испит за вршење на обезбедување на лица и имот.[158]

Надлежно за креирање на програми и планови за обука и едукација на агенциите за обезбедување на лица и имот е МВР. Обуки за полагање на државниот испит се организираат од страна на агенциите за обезбедување, додека стручна литература обезбедува самата Комора за обезбедување. Испитот се полага пред комисија составена од 4 члена и тоа: два члена од Министерството за внатрешни работи и двајца од Комората за обезбедување. Исто така секоја година за вработените лица за обезбедување на лица и имот кои поседуваат огнено оружје се врши проверка на гаѓање со оружје која е во организација на Министерството за внатрешни работи.[159]

Вработениот во приватното обезбедување има повеќе овластувања: го утврдува идентитетот на лице при влегување во просториите што тој ги обезбедува; издава наредба на лице да се оддалечи од имотот што го обезбедува, доколку истото не е овластено да остане на имотот што тој го обезбедува; непоканети лица да влезат на имотот што го обезбедува; лице фатено во извршување на кривично дело го пријавува и предава на

[157] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012., член 13,14
[158] Исто, член 14 – 23.
[159] Исто., член 79.

полицијата, притоа може да користи физичка сила, хемиски средства, огнено оружје и други средства за принуда. [160]

Вработените во приватно обезбедување кои извршуваат физичко обезбедување по полагањето на државниот испит, добиваат дозвола за работа од Комората за обезбедување, која ги пријавува како работници за обезбедување, и им се издава безбедносно овластување. Покрај обуката за ракување со огнено оружје, која мора да ја поминат при полагање на државнот испит, немаат безбедносни проверки. Со поминување на обуката се добива дозвола за работа како и легитимација од Комората исто така и соодветно одобрение од МВР за носење оружје во согласност со Законот за оружје[161].

При вршење својата работа, работниците од обезбедувањето можат да бидат вооружени согласно прописите за набавување, поседување и носење оружје.[162]
На работниците од приватното обезбедување им е дозволено да користат огнено оружје само ако објективно не можат да повикаат полиција и ако на друг начин не можат да одбијат истовремен напад. Употребата на оружје против деца, бремени жени и стари лица не е дозволена - освен во случај на вооружен напад на самиот вработен во обезбедувањето или на лицето што го штитат, односно кога постои опасност од загрозување на животот на други лица и граѓани. Оружјето смее да се носи само во работно време.[163]
Кога станува збор за видот на оружјето, постојат одредени ограничувања - видот на оружјето го одредува Министерството за внатрешни работи, во согласност со Законот за оружје, а се дефинира со категоризацијата на оружјето. На персоналот за безбедност им е дозволено да користат оружје од категорија Б (може да се набави со нормална дозвола) и категорија Ц (добиено врз основа на дозвола издадена под посебни услови). Најчесто се користат пиштоли и револвери, а полуавтоматските пушки се користат само во посебни околности (на пр. обезбедување објекти надвор од населени места). Количината на муниција што може да ја користат приватните безбедносни агенции е ограничена на 50 куршуми за секое лиценцирано оружје.[164]

---

[160] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012, член 45.
[161] Исто., член 24.
[162] Исто., член 27.
[163] Закон за оружјето, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.7 од 01.02.2005.
[164] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012, член 27 - 74

Во однос на употребата на огнено оружје, конкретната агенција која врши обезбедување на лица и имот, како и работникот за обезбедување е должна во рок од 24 часа да поднесе писмен извештај до Министерството за внатрешни работи.[165] Надзор на активностите на приватно обезбедување врши Министерството за внатрешни работи на македонската држава и Комората на македонската држава за обезбедување на лица и имот.[166] Правното лице кое врши работи на обезбедување на лица и имот е должно да овозможи надзор и да им стави на располагање на овластените лица соодветна документација и да ги даде потребните податоци и известувања. Правните лица кои обезбедуваат лица и имот во вид на давање услуги се должни да водат евиденција за склучените договори за обезбедување и по барање, да ја достават евиденцијата до Министерството на разгледување во рок од пет дена.[167]

Детективската дејност во македонската држава е уредена со посебен Закон за детективска дејност од 1999 година[168] изменета и надополнета во 2007 година. Детективска дејност според член 2 од овој Закон се смета за собирање податоци и информации, нивна обработка и нивно користење на начин утврден со Закон. Со него можат да се справат само приватни детективи со лиценца за вршење детективска работа. Лиценцата ја издава Министерството за внатрешни работи на барање на лице кое треба да ги исполнува следните услови, предвидени во член 4 од Законот за детективска дејност: да е државјанин на македонската држава; да има живеалиште во македонската држава; со правосилна пресуда не му е изречена мерка забрана за вршење на професијата, дејноста или должноста додека трае таквата мерка; да има завршено високо образование; да ужива потребна репутација за занимавање со детективска работа, односно неговиот досегашен начин на живот, однесување или активност покажува дека совесно и одговорно ќе врши детективска работа; во последните две години пред да ја добие лиценцата не работел во безбедносните и одбранбените органи на државната управа; да го положи стручниот испит за вршење детективска работа пред комисијата што ја именува министерот за внатрешни работи. Против решението со кое се одбива барањето за издавање лиценца може да се поднесе жалба до надлежната комисија на Владата на македонската држава. Програмата и начинот

---

[165] Закон за приватно обезбедување, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.166 од 26.12.2012, член 57.
[166] Исто, член 66 – 68.
[167] Исто, член 68
[168] Закон за детективската дејност, „Службен весник на РМ", бр. 80/99 и 66/07.

на полагање на стручниот испит и образецот за лиценца за детективи се уредуваат со подзаконски акти што ги донесува министерот за внатрешни работи. Детективот на денот на уписот во трговскиот регистар поднесува барање до МВР за издавање на детективска легитимација. Во Законот е вклучена и интересна одредба, според која детективот, пред да започне со работа на детективска работа, е должен да се осигура од одговорност за штета на странка или трето лице, која настанала во врска со вршење на таква работа. [169]

Детективската работа во Република Северна Македонија може да се врши само врз основа на писмен договор склучен со давателот на услугата и посебно овластување од клиентот заверено на нотар. Во согласност со член 12 од Законот, детективот е овластен да прибира податоци и информации во врска со: обезбедување на доказниот материјал за кривични дела и нивните сторители; исчезнати или лица кои се криjат; лица кои пишуваат анонимни писма; лица кои предизвикале материјална штета на корисникот на услугата; предмети кои се украдени или изгубени; докази кои се потребни за утврдување на правата на клиентот пред судски и други државни органи, други институции со јавни овластувања или правни лица кои одлучуваат за тие права во постапката; проверка на односот на вработените кон чување на деловни тајни; деловниот успех на правните лица. Наведените податоци и информации може да се прибираат од лицето на кое се однесуваат, од друго лице доколку е договорено да ги даде и од овластени лица во државни органи и институции и правни лица (јавно достапни записи).[170]

Забрането е вршење детективска работа за домашни и странски државни органи и за политички партии. Информациите до кои дошол детективот се сметаат за деловна тајна и не смеат да се даваат на трети лица. Доколку детективот во текот на својата работа добие сознанија за сторител на кривично дело кој се гони по службена должност, тој е должен веднаш да ги проследи овие информации до надлежниот орган. Детективот не смее да собира податоци за личниот и семејниот живот, здравствената состојба или религиозните убедувања на лицето, освен ако тоа е причина за развод или ако споменатите податоци се однесуваат на членовите на семејството на давателот на услугата. Исто така, на детективите им е забрането да собираат податоци за политички убедувања и постапки на поединци и да склучува договори за услуги чиј предмет е во законска надлежност на државните органи.

[169] Закон за детективската дејност, „Службен весник на РМ", бр. 80/99 и 66/07, член 8.
[170] Исто, член 12

Детективот не смее да склучува договори со домашни или странски државни органи и политички партии. При вршење на детективска работа, детективите не смеат да користат оружје и други средства за присилба, ниту да користат средства и методи кои се забранети со Закон или чија употреба е исклучива надлежност на државните органи.[171]

Надзор над спроведувањето на Законот врши Министерството за внатрешни работи. Во оваа насока, детективот е должен на овластени претставници од Министерството да дозволи надзор над неговата работа, да им ја достави бараната документација и да им ги достави потребните информации и известувања, освен содржината на склучените договори. Во случај на непочитување на законските одредби, Министерството за внатрешни работи со своја одлука може да му нареди на детективот да ги отстрани уочените недостатоци, најмногу во рок од три месеци.[172]

Освен споменативе Закони, нормативната рамка за дејствување на вршителите на приватното обезбедување, ја сочинуваат и други Закони, односно акти кои регулираат одредени прашања поврзани со вршењето на дејноста приватно обезбедување:

- Законот за оружјето;
- Законот за спречување на насилство и недостојно однесување на спортски натпревари;
- Законот за заштита на личните податоци;
- Други акти.[173]

Со воспоставување јасни регулативи и стандарди, македонската држава може да ја подобри професионалноста, отчетноста и ефективноста на приватниот безбедносен сектор, што на крајот ќе придонесе за побезбедна средина за нејзините граѓани.

---

[171] Закон за детективската дејност, „Службен весник на РМ", бр. 80/99 и 66/07, член 14.
[172] Исто., член 25.
[173] Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Стратегија за развој на приватното обезбедување во Република Македонија, Скопје, 2016

## 5. Приватни агенции за обезбедување во македонската држава

Од податоците кои Комората на Република Северна Македонија за приватно обезбедување ги има обезбедено од Централниот регистар во 2019 година во дејноста приватно обезбедување се вработени околу 4.600 работници во овој сектор.[174] Согласно овие бројки евидентно е дека приватниот безбедносен сектор во македонската држава игра витална улога во безбедносната слика и економијата на земјата.[175]

Приватните агенции за обезбедување во македонската држава се резултат на процесите што се случија во последната деценија од минатиот век кога се создале услови за практично етаблирање на приватната безбедност како значаен фактор во вкупните односи за градење поволен безбедносен амбиент во државата.[176]

Сите правни лица кои дејноста приватно обезбедување ја вршат во вид на давање на услуги се здружуваат во Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување, заради заштита и унапредување на стручноста, професионалноста и деловноста и заради заштита на професијата. Овие правни лица се всушност агенциите за обезбедување. Правните лица кои вршат приватно обезбедување за сопствени потреби може да се здружуваат во Комората.[177]

Моментално во Комората за обезбедување постојат 49 членки приватни агенции за обезбедување. Меѓу кои најзастапени се: НИКОБ, Перпетумобиле, ОСА, Питон, С.Г.С и др. Според истражување на списанието ФАКТОР[178], лидерското место во претходните години според приходите го зазема приватната агенција за обезбедување НИКОБ. Вкупните приходи во 2018 година изнесувале над 671 милион денари, односно два пати повеќе од приходите на второ рангираната компанија С.Г.С со 262.7 милион денари. Истражувањето било направено врз основа на доставени документи од приватните агенции за обезбедување и од финансиските податоци кои се јавно доспатни во Централниот регистар во 2018

[174] https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-nikob-gazi-na-pazarot-sgs-potisnat-od-vrvot посетено на 20.3.2024
[175] https://econpapers.repec.org/paper/sekiefpro/11413237.htm посетено на 21.2.2024
[176] Бакрески О. Славевски С, Гацовски Ж, Безбедноста низ призмата на приватната безбедност, Скопје, 2018.
[177] https://obezbeduvanje.org.mk/agencii-za-obezbeduvanje/ посетено на 1.2.2024
[178] https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-nikob-gazi-na-pazarot-sgs-potisnat-od-vrvot посетено на 1.2.2024

година.[179] Во следната табела се дадени компаниите за обезбедување според остварените приходи, добивки и број на вработени на првите 5 рангирани компании.

| Компанија | Вкупни приходи | Добивка | Број на вработени |
|---|---|---|---|
| Никоб | 671,4 | 34 | 1503 |
| С.Г.С | 262,7 | 2 | 711 |
| Перпетуумобиле секјурити | 206 | 4 | 608 |
| Оса | 191,9 | 25,6 | 438 |
| МДН | 97 | 1,3 | 259 |

Табела 1. Ранг листа на приватни компании за обезбедување согласно остварени приходи.

Извор: https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-nikob-gazi-na-pazarot-sgs-potisnat-od-vrvot

Во табелата сумите се изразени во милиони денари. Според табелата јасно се гледа дека во 2018 година компанијата НИКОБ била на врвот според приходите. Додека на второ место е С.Г.С која претходната година била на врвот. Растот на НИКОБ се должи на зголемување на приходите од услугите која ги нуди. ОСА ДООЕЛ е рангирана на третото место по оставрени приходи, а анализата покажува дека таа го задржала ова место од 2017 година. Перпетуумобиле секјурити е топ четвртта компанија за обезбедување на пазарот, а која е една од најпознатите меѓу граѓаните во македонската држава.

МДН ОБЕЗБЕДУВАЊЕ е на петтата позиција на пазарот според остварениот приход во 2018 година.  Од вкупно 4.600 работници во овој сектор. Во топ петте компании или тие кои се лидери на пазарот вкупно вработени се 3.575 лица, а само во Никоб се вработени 1.503 лица.[180]

[179] https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-nikob-gazi-na-pazarot-sgs-potisnat-od-vrvot посетено на 2.2.2024

[180] https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-koj-kolku-troshi-za-plati-i-kolku-vrabotuva посетено на 12.12.2023

| Компанија | Трошоци за вработени* | Број на вработени | Просечна плата по вработен |
|---|---|---|---|
| Никоб | 395 | 1503 | 14.993 |
| С.Г.С | 212 | 711 | 16.848 |
| Оса | 136 | 438 | 24.981 |
| Перпетуумобиле | 134 | 608 | 12.292 |
| МДН | 62,3 | 258 | 13.995 |

Табела 2. Ранг листа на приватни компании за обезбедување според трошоци, бројот на вработени и просечна плата по вработен

Извор: https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-koj-kolku-troshi-za-plati-i-kolku-vrabotuva

Цените * се изразени во милион денари.

НИКОБ агенцијата за обезбедување на лица и имот како прворангирана, е основана во 1998 година во Скопје според податоците на нејзината веб страница и е првата судски регистрирана компанија за обезбедување во Македонија.[181] Според податоците на веб страната НИКОБ, 25 години е број еден агенција за обезбедување на имот и лица во нашата држава. Сето тоа се засновало на квалитетот на услугите кои ги нуди, напредната технологија, посветеноста во работењето, секојдневното подобрување на квалитетот и достапност за сите. [182]

Минатата година во оваа компанија се свртеле 14,4 милиони евра, додека годината пред тоа приходите изнесувале 10,9 милиони евра, покажува анализата на порталот „пари.мк“.[183] Приходите што ги прави НИКОБ, се драстично поголеми од приходите на сите останати агенциии за обезбедување. Па така, во 2022 година во НИКОБ се свртела сума колку што изнесуваат вкупните приходи на десетина други агенции за обезбедување со најголем обрт, приходите на НИКОБ се еднакви на приходите што заедно ги прават Перпетум Мобиле, Оса, СГС , МДН Обезбедување, Питон, Еуро Секјурити, Секјурити. [184]

[181] За нас – Никоб (nikob.com.mk) посетено на 12.12.2023
[182] https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-koj-kolku-troshi-za-plati-i-kolku-vrabotuva посетено на 12.12.2023
[183] https://pari.com.mk/nikob-grupacijata-so-najgolema-doverba-za-bezbednost/ посетено на 7.1.2024
[184] https://www.slobodnaevropa.mk/a/секоја-власт-со-нова-служба-за-обезбедување-бизнис-тежок-десетици-милиони-евра/32019264.html посетено на 5.1.2024

Според податоците дадени во порталот Капитал агенцијата Никоб за приватно обезбедување имала најголема доверба кај најпознатите странски и домашни соло пејачи и групи кога станува збор за физичко, патролно и како и медицинско обезбедување со Никоб Медикал на концерти, настани и спортски натпреварувања. Никоб групацијата е составена од агенцијата за обезбедување и медицинско обезбедување.[185]

Бидејќи безбедноста на уметниците, пејачите, политичарите, гостите кои се присутни како и публиката се многу важни на секој настан, концерт, натпревар од страна на задолжени лица се прават посебни планови и анализи и притоа се ангажираат ресурси и човечки и матријални во зависност од потребата, проценката и барањето на самите организатори кои ја ангажираат агенцијата за обезбедување.[186]

Никоб агенцијата за обезбедување поседува ресурси кога станува збор за физичкото, патролното обезбедување, од пред некоја година и медицинско обезбедување за настани од голем и обемен карактер. Никоб е составена од врвни професионалци за обезбедување. Безбедноста на публиката е нивен императив при влез и излез на одреден настан со преземање на  сите безбедносни протоколи и процедури во делот на претрес при влез, проценка, стратешко планирање и позиционирање итн. Многу важно е и медицинското обезбедување, а токму тоа го нуди Никоб Групацијата. Никоб Медикал ги поседувала најмодерните ресурси за медицинско обезбедување, најмодерните медицински амбулантни и друг вид на возила, како и искусен и обучен тим од доктори, сестри и возачи.[187]

Никоб групацијата нуди од физичко и патролно до медицинско обезбедување. Тие можат да ангажираат голем број на луѓе во делот на физичкото обезбедување, медицинско обезбедување или во патрола. Поради тоа клинетите од странство, а и дома најчесто го препознаваат тоа токму кај компанијата НИКОБ и токму од овие причини оваа агенција е број еден неколку години по ред.[188]

На листата на клиенти на приватните агенции за обезбедување освен државни институции како што се образовните институции, социјалниот сектор, здравствениот сектор, спортските федерации, локалната самоуправа, меѓународни организации се и бројни дипломатски претставништва, банки, бизни заедницата, златари, фабрики, маркети итн.

[185] https://kapital.mk/никоб-групацијата-со-најголема-довер/ посетено на 7.1.2024
[186] https://kapital.mk/никоб-групацијата-со-најголема-довер/ посетено на 7.1.2024
[187] https://pari.com.mk/nikob-grupacijata-so-najgolema-doverba-za-bezbednost/ посетено на 6.1.2024
[188] https://nikobmedical.mk/author/testmedical/page/3/ посетено на 6.1.2024

Приватните агенции за обезбедување ги опфаќаат следниве услуги во македонската држава: обезбедување на објекти, лица и имот,[189] обезбедување натпревари и други културни манифестации, придружба при дистрибуција на пари, обезбедување на министри, пратеници и странски дипломати итн.[190]

## 6. Јавната и приватна безбедност во македонската држава

Односот помеѓу полицијата и приватното обезбедување заслужува посебно внимание, бидејќи приватното обезбедување е поврзано со правниот систем преку јавната безбедност, т.е. преку полицијата. Соработката меѓу овие два субјекта на единствен, интегрален безбедносен систем е можеби највидливата и најпродуктивната на полето на корпоративниот криминал. Во последно време се забележува ветувачка соработка и на полето на борбата против тероризмот, каде приватното обезбедување се јавува како продолжена рака на полицијата како и во светот така и во нашата држава.[191]

Со оглед на широкиот опсег на задачите на јавната безбедност, а во однос на субјектите кои ги извршуваат, можеме да кажеме дека задачите на јавната безбедност најчесто ги извршува полицијата, користејќи различни методи, мерки, дејствија, овластувања и средства. Треба да се нагласи дека постои можност дел од задачите за јавна безбедност да се делегираат на други државни субјекти, но и на недржавни субјекти како приватните безбедност. Но, и кога овие работни места се делегирани на други субјекти, одредена контролна и инструктивна функција на таквите делегирани и доверени работни места сè уште е во надлежност на полицијата.[192]

Еден од основните трендови и правци на развој во областа на внатрешната безбедност во развиените земји во последните неколку децении е воспоставувањето на поблиска соработка помеѓу полицијата и приватното обезбедување. Тоа пред сè се должи на взаемните придобивки што произлегуваат од оваа соработка. Деструктивноста на

---

[189] Илијевски И, Димовски З, Бабаноски К, Обезбедување на лица и објекти, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2018 .
[190] https://www.national-security.mk/ посетено на 20.3.2024
[191] Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011, стр. 7-8
[192] Даничић, Милан, Стајић, Љубомир, Приватна безбједност, ППГП Комесграфика, ВШУП, Бања Лука, 2008, стр. 15-16

современите безбедносни ризици и закани, како што се меѓународниот тероризам, бројните форми на имотен криминал, заканите за критичната инфраструктура (телекомуникации, хидроцентрали и нуклеарни објекти, аеродроми, пристаништа итн.), сајбер закани, итни ситуации предизвикани од поплави, земјотреси, пожарите, зголемените миграциски движења, дополнително ја зголемуваат потребата од соработка меѓу двата сектора.[193]

Безбедносната заштита на имотот, луѓето и бизнисот во македонската држава е во голема мера идентична како и во другите земји на ЕУ, притоа изразувајќи ја специфичноста на македонската држава како мултиетничка заедница. По етничките конфликти на крајот на 2001 година, започна процесот на трансформација и реорганизација на полицијата, па дел од вработените беа отпуштени од Министерството за внатрешни работи на македонската држава и морале да бараат друго вработување. Тоа било шанса за секторот приватно обезбедување, кое апсорбирало дел од стручниот кадар од полицијата и другите безбедносни служби. Дел од поискусните кадри ја напуштиле полицијата и преминале на работа во приватното обезбедување. Друга причина за вработување на полициски или воени службеници во приватните безбедносни компании била раното пензионирање на вработените во полицијата како и можноста за остварување на поголеми месечни примања. Префрлувањето на вработени од полициски и воени во приватните безбедносни служби, преставувало опасност приватните безбедносни служби да прераснат во сила која ќе може да парира на државниот безбедносен сектор токму поради нивното познавање на државните воени и безбедносни структури и искуството во работата.[194]

Приватната безбедност е во постојано партнерство со јавната безбедност во македонската држава. Тоа значи дека покрај полицијата и армијата и приватните агенции за обезбедување се вклучени во заштита на граѓаните и нивните имоти во нашата држава. Но, можеме да кажеме дека јавниот и приватниот безбедносен сектор постојано се во одредена конкуренција.[195]

---

[193] Radivojević, N., General Trends and Preconditions in Development of Public-Private Partnership in the Area of Security; In: Dani Arčibalda Rajsa: tematski zbornik radova međunarodnog značaja, Том 2, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd, 7-9. novembar 2017., стр. 143-151.
[194] Nikac Z и други, Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na polednje promene u Srbiji, naucni rad, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd, 2013.
[195] Милашиновић Радомир, Мастер рад Место и улога приватне безбедности у систему националне безбедности, Универзитет у Београду Тероризам, организовани криминал и безбедност, Београд, декември, 2013.

Односот меѓу јавната и приватната безбедност во македонската држава е сложен и клучен аспект на управувањето со безбедноста. Приватната безбедносна индустрија во македонската држава игра значајна улога во надополнувањето на секторот за јавна безбедност. Тоа е регулирано со посебни Закони кои пропишуваат услови за активности, овластувања за персоналот и механизми за надзор.[196]

Главната разлика меѓу полицијата и приватните агенции за обезбедување се нивните интереси. Со извршувањето на својата функција, полицијата примарно (доминантно) го остварува јавниот интерес, додека приватното обезбедување работи директно на остварување на приватниот интерес, а потоа индиректно и на остварување на јавниот интерес (постигнување на безбедноста на граѓаните и нивниот имот).[197]

Јавно-приватното партнерство во областа на јавната безбедност како модел на односот помеѓу полицијата и приватното обезбедување, создадено пред сè во развиените западни земји, полека се прифаќа и во земјите во транзиција како што е и македонската држава. Предностите на соработката на јавната и приватната безбедност се пред сè во тоа што, во денешни услови во кои безбедносните ризици и закани секојдневно се зголемуваат и стануваат се покомплексни, капацитетите на двата сектора да се искористат на најдобар можен начин. Предуслов за заедничко дејствување секако би биле законските прописи и општо усвоените стандарди кои ќе ги почитуваат интересите на двата сектора, како и меѓусебното почитување и разбирање на улогата на двата сектора во остварувањето на јавната безбедност. Горенаведеното би претставувало гарант за квалитетот на услугите обезбедени од лиценцирани приватни агенции за обезбедување. Така би се создала нова професија која би даде свој придонес во постигнување на оптимална безбедносна состојба во општеството и државата, како и професија која би можела на комплементарна основа да воспоставува и реализира соработка и партнерски односи со полицијата. Воспоставувањето активна соработка меѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор во македонската држава би бид долг и напорен, но и неопходен процес, кој ќе бара промени во јавниот и приватниот безбедносен сектор. Се разбира, не е морално да се чека да се реформираат двата сектора за да се започне со проекти од јавно приватно партнерство (ЈПП), бидејќи само нивната

[196] https://www.academia.edu/65358757/Private_Security_Industry_in_the_Republic_of_North_Macedonia посетено на 25.3.2024
[197] Лабовић Дејан, приватна безбедност у републици Србији – шравни аспекти и компаративна искуства, докторска дизертација, универзитет у Крагујевцѕ правни факултет Крагујевац, 2015.

примена би можена да ја подобри состојбата во двата сектора. Затоа е многу важно етапно да се воведува ЈПП, односно да се започне со партнерства во оние области каде што најлесно би можело да се постигнат видливи резултати, што би било поттик за понатамошни, подлабоки и посериозни партнерства.[198]

Севкупно, соработката и партнерството помеѓу јавната и приватната безбедност во македонската држава се клучни за ефективно управување со безбедносните ризици. Додека приватниот безбедносен сектор придонесува за подобра безбедносна слика, обезбедувањето и почитувањето на Законите, стандардите и почитувањето на човековите права останува клучен предизвик кој бара постојано внимание и подобрување.

## 7. Значење на приватното обезбедување во остварување на безбедноста на македонската држава

Приватното обезбедување во македонската држава игра значајна улога во остварувањето на безбедноста на државата. Преку Комората за приватно обезбедување, која е централна институција во ова област, се остварува највисокото ниво на организациски дизајн на приватното обезбедување во земјата.[199]

Приватното обезбедување се регулира и контролира од страна на Комората за приватно обезбедување, што допринаесува за подобрување на безбедносната ситуација во државата.[200]

Ова обезбедување не само што ги заштитува интересите на правните лица кои се обезбедуваат, туку и допринесува за целосно почитување на интересите на државата и нивната безбедност.[201]

Приватното обезбедување во македонската држава функционира преку регулаторни механизми и контрола од страна на Комората за приватно обезбедување. Ова обезбедување

[198] Petrović Predrag, Milošević Marko, Obradović Dejan, Šarić Milica, Milivojević Anđela, Novi-stari izazovi privatnog sektora bezbednosti u Srbiji, 2015.
[199] https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/FlorimMurati1.pdf посетено на 12.12.2023
[200] Нацевска С, Регулирање на приватната безбедност во државите од југоисточна Европа, Филозофски факултет, магистерски труд, објавен во Скопје, 2019.
[201] Начарова И, Поставеноста на приватната безбедност во национални и меѓународни рамки и потребата од нејзино регулирање, магистерски труд, март,2019 Скопје.

се регулира од Законот за приватно обезбедување, кој поточно ги уредува правата и обврските на вработените во приватното обезбедување.[202] Преку своите активности и мерки, Комората за приватно обезбедување игра значајна улога во регулирањето и поддршката на приватното обезбедување во македонската држава.[203]

Работниците за приватно обезбедувње имаат овластувања и задачи за вршење на безбедносни активности, како што се заштита на имот, лица и информации.[204]
Во функција на подобрување на безбедносната ситуација во државата, приватното обезбедување игра значајна улога и се стреми кон изградба на оптимален, стабилен и одржлив безбедносен систем.[205]

Значењето на приватното обезбедување во обезбедувањето на безбедноста на македонската држава се истакнува низ различни перспективи:

- На приватните агенции за обезбедување им се предлага да ги заменат стражарските служби во воените касарни преку јавно-приватно партнерство, што укажува на потенцијална промена во методите за обезбедување на безбедноста;[206]
- Приватните компании за обезбедување станаа вистински партнери на секторот за јавна безбедност во земјата, нагласувајќи ја нивната улога како значајни придонесувачи за севкупната безбедност;[207]
- Приватното обезбедување еволуираше како вистински партнер на секторот за јавна безбедност во земјата, со јасни придонеси за подобрување на безбедноста и функционирање како партнер во рамките за национална безбедност; [208]
- Развојот и регулирањето на приватното обезбедување играат клучна улога во безбедносната слика на земјата, при што искуствата од минатите конфликти ја нагласуваат важноста од приватизацијата на безбедносниот сектор;[209]

---

[202] http://arhiva.mvr.gov.mk/ShowAnnouncements.aspx?ItemID=14064&mid=1367&tabId=358&tabindex=0 посетено на 12.1.2024
[203] Нацевска С, Регулирање на приватната безбедност во државите од југоисточна Европа, Филозофски факултет, магистерски труд, објавен во Скопје, 2019.
[204] https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/jetmir.pdf посетено на 1.10.2023
[205] https://kanal5.com.mk/articles/257895/strategijata-za-razvoj-na-privatnoto-obezbeduvanje-vo-makedonija посетено на 24.3.2024
[206] https://meta.mk/privatnite-agenczii-za-obezbeduva-e-e-gi-chuvaat-i-voenite-kasarni/ посетено на 24.3.2024
[207] https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/jetmir.pdf посетено на 1.10.2023
[208] https://makfax.com.mk/makedonija/324341/ посетено на 12.1.2024
[209] Нацевска С, Регулирање на приватната безбедност во државите од југоисточна Европа, Филозофски факултет, магистерски труд, објавен во Скопје, 2019

Сето ова ја нагласува важноста на приватната безбедност во безбедносната рамка на македонската држава, покажувајќи ја нејзината улога во развој и партнерство со секторот за јавна безбедност за подобрување на севкупната безбедност и заштита во земјата. Приватната безбедност има повеќеслојната улога во македонската држава, нагласувајќи го нејзиното партнерство со секторот за јавна безбедност, таа придонесува за зајакнување на безбедноста и потенцијално вклучување на иновативните пристапи за обезбедување на безбедноста во државата.[210]

# ГЛАВА 4

# ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕКОИ ОД ЗЕМЈИТЕ НА БАЛКАНОТ

Во 2019 година, врз основа на анализа на податоци од 86 земји, се проценува дека имало над 4,8 милиони работници во секторот на приватните безбедносни служби, што претставува 0,4 отсто од вкупната вработеност. Секторот забележал значителен раст на вкупната вработеност со сложена годишна стапка на раст од 12 проценти. Главните зголемувања на вработеноста во приватната безбедност помеѓу 2006 година и 2019 година се регистрирани во региони како што се Америка, Азија, регионот на Пацификот како и Африка. Најголем број работници на приватната безбедност има во Индија (21 отсто), потоа во САД (19 отсто) и Бразил (17 отсто).[211]

Бројките од едно истражување на CoESS од 2013 година покажуваат дека во Европа имало 2.017.313 вработени во приватна безбедносна индустрија и околку 41.300 компании за приватно обезбедување.[212]

---

[210] https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/FlorimMurati1.pdf посетено на 1.10.2023
[211] https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_dialogue/---sector/documents/publication/wcms_837788.pdf посетено на 20.1.2024
[212] Private Security services in Europe, CoESS Facts and Figures, 2013

Табелите подолу ја следат структурата на Приватна безбедност во некои земји на Балканот. Во табелите се дадени имињата на засегнатата земја, населението, односот на полициските сили (на 10.000 жители), безбедносните сили сооднос (на 10.000 жители), бројот на приватни компании за обезбедување и бројот на персоналот во приватниот безбедносен сектор. Бројките се резултат на истражувањето на членовите на CoESS (Confederation of European Security Services)[213] спроведено во мај 2010 година.[214]

| Држава | Население | Полиција/ на 10.000 население | Безбедносни сили/ на 10.000 население | Компании за приватно обезбедување | Вработени во приватен безбедносен сектор |
|---|---|---|---|---|---|
| БиХ | 4,621,598 | N/A | 4.32 | 41 | 2000 |
| Бугарија | 7,576,751 | 62.03 | 74.55 | 1,131 | 56,486 |
| Хрватска | 4,697,548 | 40.44 | 28.65 | 260 | 13,461 |
| Грција | 11,306,183 | 44.22 | 26.53 | 1,000 | 30,000 |
| Македонија | 2,114,550 | N/A | 26.48 | 152 | 5,600 |
| Романија | 21,466,174 | 25.62 | 49.84 | 1,122 | 107,000 |
| Србија | 10,100,000 | 33.66 | 28.21 | 149 | 28,500 |
| Словенија | 2,054,119 | 36.51 | 36.77 | 110 | 7,554 |
| Турција | 74,816,000 | 26.87 | 34.37 | 1,197 | 257,192 |
| Вкупно | 138,752,923 | 269,35 | 309,72 | 716,45 | 2.505,793 |

Табела 3: Споредба на структурата на приватната безбедност во државите на Балконот
Извор: „The socio-economic added value of private security services in Europe“, fourth white paper CoESS Confederation of European Security Services www.coess.eu Madrid, 14 March 2013

Од оваа табела можеме да заклучиме дека најмногу полиција има во Бугарија на 10.000 жители, исто како и приватно обезбедување и компании за приватно обезбедување. Додека вработени во приватен безбедносен сектор има најмногу во Турција, соголасно бројот на жители од 74,816,000. Во врска со податоците за нашата држава согласно ова истражување

[213] https://www.coess.org/ посетено на 20.2.2024
[214] “Private security in Belgium: an inspiration for Europe?“, Third white paper, CoESS & APEGBVBO, Brussels, 10 December 2010., стр. 6-7.

во 2010 година не се дадени податоци за бројката на полицијата, додека безбедносни сили на 10.000 жители тогаш биле 26.48, 152 приватни компании и 5.600 вработени во приватниот безбедносен сектор.[215]

Во продолжение ќе дадеме преглед на карактеристиките на приватното обезбедување на некои земји во Балканот.

## 1. Приватно обезбедување во Република Србија

Во текот на XX век, безбедноста во Република Србија првенствено била во рамките на традиционалниот тесен концепт на национална или државна безбедност (државно-центрична), дефиниран во (пара)воени термини како што се моќта и сродните механизми. Во периодот на социјалистичкиот развој (1945-1989) во Србија, како и во другите конститутивни републики на СФРЈ, значително се истакнувала идеолошката компонента на безбедноста. Безбедноста се обезбедувала како моќен државен апарат, односно преку јавните и државните безбедносни служби, кои организациски биле дел од Министерството за внатрешни работи.[216]

Приватното обезбедување е релативно нов феномен во системот за внатрешна безбедност во Србија. Од крајот на 1992 година забележан е брз раст на приватните компании за обезбедување на услуги. Тоа особено е забележано во текот на 1993 година поттикнато со укинувањето на Законот за системот за социјална самозаштита. Оттогаш започнал развојот на приватното обезбедување во Србија, кое од почетокот се движело во две насоки: (1) кон создавање на приватни агенции кои се занимавале со заштита на нови „бизнисмени“, политичари, естрадни ѕвезди, но и криминалци, поранешни припадници на тајните безбедносни служби, (2) кон создавање приватни компании за обезбедување, кои ја

[215] „The socio-economic added value of private security services in Europe“, fourth white paper CoESS Confederation of European Security Services www.coess.eu Madrid, 14 March 2013

[216] Давидовић, Душан, Кешетовић, Желимир, Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији, Наука безбедност полиција, Часопис Криминалистичко-полицијске академије, ИНПРЕСС, Београд, 2007., стр. 18.

презеле улогата и задачите на претходните безбедносни служби во државните компании, односно заштита на имотот, луѓето и бизнисот. [217]

Во Србија, процесот на приватизација на безбедноста се одвива од почетокот на 90-тите години. Според некои проценки, во моментов во Србија во приватните компании за обезбедување (ПБК) се вработени меѓу 30.000 и 50.000 луѓе, има околу 3.000 такви фирми, и се регистрирани околу 47.000 парчиња оружје во сопственост на правни лица, т.е. компании. Покрај зголемувањето на бројот на ПБК, зголемена е нивната важност и економскиот профит, а во овој сектор сѐ уште постојат проблеми кои биле карактеристични за последната деценија на минатиот век: криминализација, доминација на пазарот на одредени компании поради политичките врски, несоодветна обука и слаб избор на персонал.[218]

Голем број „претприемачи" во мрежата на сивата економија, но и во приватниот безбедносен сектор биле криминални групи, кои со стекнување искуство и зголемување на нивната ефикасност се здобиле со висок степен на организираност. На овој начин, организираниот криминал се позиционирал во општеството така што е во директна конкуренција со државата во вршењето на функцијата на социјална контрола. Имено, областа во која државата функционирала сѐ полошо била контролата на девијантното однесување, што делумно било резултат на промените во општествените норми и стандарди на здраво и општествено прифатливо однесување. Во таква ситуација дошло до ерозија на функционирањето на полицијата, обвинителството и судството и зајакнување на функциите на криминалните синдикати, кои почнале да преземаат општествени функции.[219]

Република Србија е една од земјите во регионот на Југоисточна Европа која најдоцна законски ја уредила областа приватна безбедност, иако во неа во изминатиот период егзистираа голем број компании кои даваа услуги за обезбедување. За ваквата состојба доминира размислувањето дека се одбегнувало тоа да се направи заради сфаќањето дека безбедноста е ексклузивна функција на државата. Во ваков амбиент до донесувањето на

---

[217] Давидовић, Душан, Кешетовић, Желимир, Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији, Наука безбедност полиција, Часопис Криминалистичко-полицијске академије, ИНПРЕСС, Београд, 2007., стр. 20-21.
[218] Петровић, Предраг, Резервисани домени као препреке нормативног уређења приватног сектора безбедности у Србији, Ревија за безбедност, Центар за безбедносне студије, број 3, Београд, 2010, стр. 257-258.
[219]Исто., стр. 46.

Законот за приватно обезбедување во 2013 година, јавниот безедносен сектор и приватниот безедносен сектор функционирале паралелно, без заедничка соработка и остварени партнерства и без регулирани меѓусебни односи.[220]

Одложувањето на законската регулатива на приватниот безедносен сектор во Србија претставувала значајна пречка за нормализирање на работата на компаниите кои го обезбедуваат овој специфичен вид на услуга. За разлика од другите земји во регионот, Србија е единствената земја која во тој период сè уште немала Закон за безедносни компании. Овој факт, колку и да изгледа поразителен, со себе донел дополнителни последици. Покрај отсуството на Закони, немало прописи или акти со кои би се регулирале дозволите за оваа дејност.[221]

Во повеќето приватни компании за обезбедување во Република Србија сè до 2013 година немало професионални стандарди, некои од нив имале и криминално потекло (создадени во виорот на граѓанската војна во блиски врски со организираниот криминал) или, поради недостаток на регулатива, вработувале работници со криминално досие, како и поранешни полицајци, што сите заедно претставувале објективна пречка за односи на меѓусебна доверба, што е предуслов за вистинско партнерство.[222]

Србија има проблем со судир на интереси кога е во прашање приватниот безедносен сектор, поради тоа што често и вработените на МВР работат како приватно обезбедување. Таквата ситуација носи бројни ризици, како што се корупција, проблеми со надзор и утврдување одговорност, во најлош случај, може да дојде до промена на односот на силите и зголемување на тензиите меѓу властите, полицијата, армијата, приватните компании за обезбедување и другите засегнати страни.[223]

Со регулирањето на приватното обезбедување во Република Србија оваа дејност прераснува во комплексна дејност.

---

[220] Бакрески О., Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015., стр 227.
[221] Анђелковић, Слободан, Питање уређења приватног сектора безбедности у Србији, Ревија за безбедност, Центар за безбедносне студије, Београд, април 2009., стр. 31.
[222] Кешетовић, Желимир, Препреке сарадњи државног и приватног сектора безбедности у Србији, Ревија за безбедност, Центар за безбедносне студије, Београд, број 5, новембар 2007., стр. 40.
[223] Zorić Duška, Privatna bezbednost razvijenih zemalja u tranziciji, Fakultet za bezbjednost I zastitu, Banja Luka https://www.academia.edu/14440570/Privatna_bezbjednost_razvijenih_i_zemalja_u_tranziciji посетено на 22.3.2024

Услугите кои ги пропишува Законот за приватно обезбедување во Република Србија опфаќа широко подрачје на дејствување на фирмите во оваа област и се разликува од другите држави. Така, во член 2 од Законот, приватното обезбедување се однесува на давање на следните услуги: заштита на лица, имот и работењето, заштита на работа при вршење на транспорт на пари и вредности, одржување ред на јавни собири, спортски приредби и други места на собири на граѓаните (редарска служба) итн. Во однос на давањето услуги, треба да се нагласи дека правните лица и другите субјекти коишто имаат лиценца за вршење на работи во делот на приватното обезбедување не можат да вршат работи околу заштитата на лица и имот кои исклучиво се во надлежност на државните органи и да применуваат оперативни методи и средства, односно оперативно-технички средства и методи кои тие органи ги применуваат врз основа на посебни Закони[224].

Приватната безбедносна индустрија во Србија е значаен сектор кој значително придонесува за економијата на земјата.

## 2. Приватна безбедност во Република Бугарија

Во Бугарија безбедноста е значително подобрена во последните две декади и приватната безбедносна индустрија можеби е една од најразвиените во регионот. Иако на почетокот индустријата била силно поврзувана со организираниот криминал и корупција, сепак серијата од законодавни прописи донесени од властите на Бугарија значително ја намалиле истата и ја поттикнаа професионализацијата.[225]

Историски гледано, во Бугарија уште во 70-те постоеле неколку видови на услуги од областа на обезбедувањето кои биле дефинирани во правната рамка на социјалистичка држава кои подоцна биле укинати. Појавата на приватната безбедност во Бугарија се гледа во контекст на пошироките процеси на распуштање и реорганизација на целиото државеното уредување и преминот од државна во приватна сопственост. Приватниот

[224] Бакрески О., Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015., стр 235.
[225] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity Second editon, SEESAC, Belgrade 2005., стр.27-28.

безбедносен сектор во Бугарија поминал низ серија трансформации од неговото појавување до падот на комунизмот.[226]

Значаен чекор напред бил постигнат во 2004 година со донесувањето на Законот за работење на приватното обезбедување. Со овој Закон се уредени условите и начинот на извршување на дејноста и вршење на работите на заштита на лица, имот и добра кои се надвор од надлежноста на државата, како и овластувања на лица кои вршат работи во делот на заштитата. Според податоците од 2010 година во Бугарија имало околу 1200 приватни безбедносни компании кои вработуваат околу 55.000 вработени во овој сектор.[227]

Генерално, фирмите за обезбедување во Бугарија ги нудат следните видови услуги како: обезбедување згради, инсталации, банки, амбасади, концерти, транспорт на пари и вредности, хотели, индустриски објекти, приватен имот, спортски сали, бензиски станици, стадиони, приватни куќи, меѓународни организации и корпорации, државни и јавни установи, потоа одржување електронски алармни системи и системи за видео надзор итн.[228]

Во јануари 2018 е донесен нов Закон за дејноста приватно обезбедување со кој се уредуваат општествените односи поврзани со дејноста на приватната безбесност, нејзиното административно регулирање и контрола.[229]

Според новиот Закон, дејноста обезбедување е трговска дејност насочена кон заштита на животот и здравјето на физичките лица, нивниот имот, гарантирање на максимално ниво на безбедност при транспортирање вредносни пратки и товар или како што е наведено во член 5 од Законот за дејноста приватно обезбедување се остварува како: лична заштита на физички лица, заштита на имотот на физички и на правни лица, сигнално-заштитна дејност, заштита на дискотеки, игротеки и компјутерски сали, заштита на вредносни пратки итн[230]

Приватната безбедносна индустрија во Бугарија е значаен сектор кој според податоците во 2023 година вработува околу 130.000 луѓе, 18 вработени во приватно

---

[226] Dzekova R., Rusev A., Bulgarija in A force for good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe, Geneva Centre for Democratic Control of Armed Forces, Belgrade/Geneva 2015., стр.33.

[227] Бакрески О., Данчиќ М., Кешетовиќ Ж. и Митевски С., Приватна безбедност: теорија и концепт, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје 2015, стр.235

[228] SALW and Private Security in South Eastern Europe (2005): A Cause of Effect of Insecurity, Beograd, Republic of Serbia, стр. 14-15

[229] Закон за частната охранителна деиност, достапен на: https://www.lex.bg/en/laws/ldoc/2137180492, посетено на 22.1.2024

[230] Бакрески О., Безбедносни системи: Компаративна анализа, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје, 2018., стр.479.

обезбедување на секои 1.000 жители, што го надминува бројот на полицајци (29.000) и армија (37.000) заедно. Во последните години оваа индустрија значително порасна, со околу 1.159 лиценцирани безбедносни компании регистрирани во Министерството за внатрешни работи во Бугарија.[231] Приватниот безбедносен сектор во Бугарија обезбедува и различни услуги надвор од традиционалните безбедносни улоги, вклучително и социјални услуги во оддалечените села, особено за време на Ковид пандемијата, каде што вработените во приватното обезбедување помагале со испорака на храна, лекови и обезбедување емоционална поддршка на ранливите поединци.[232]

И покрај големиот број вработени во приватниот безбедносен сектор во Бугарија, земјата сѐ уште се соочува со предизвици со стапките на криминал кои остануваат меѓу највисоките во Европа.[233]

## 3. Приватна безбедност во Република Албанија

На крајот на XX век во Република Албанија се случиле големи промени во општествено-политичкиот амбиент, но и во економската сфера. Како резултат на овие промени, дошло до интензивирање на напорите за осигурување на безбедноста на сите нивоа и во повеќе сектори, вклучувајќи го и приватниот безбедносен сектор.[234]

Приватниот безбедносен сектор во Албанија има сложена историја која значително еволуираше со текот на годините. Во раните 1990-ти, по демонтирањето на структурите на поранешниот режим и намалувањето на државната полиција, во Албанија се појавил приватниот безбедносен сектор.[235]

Првично, кога се појавиле првите приватни безбедносни компании, државните институции биле несигурни во однос на нивната моќ и мотиви.[236]

---

231 https://www.occrp.org/en/security-chaos/bulgaria-the-public-violent-side-of-private-security посетено на 1.10.2023
232 https://mondediplo.com/2023/12/07bulgaria посетено на 31.1.2024
233 https://www.occrp.org/en/security-chaos/bulgaria-the-public-violent-side-of-private-security посетено на 31.1.2024
234 Бакрески О., Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015., стр 231-233.
235 https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Albania/Albania-private-unsecurity-194155 посетено на 1.2.2024
236 Dyrmishi, Arjan and Gentiola Madhi, “Albania” in A Force for Good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe Belgrade and Geneva: DCAF 2015

Првите приватни компании почнале со работа во 1993 година по усвојувањето на првиот Закон кој ги регулирал нивните активности. Кој содржел механизми за одговорност и рестрикции. Првата дозвола за работа е издадена во јуни 1993 година на компанијата Go-Rat Security која на почетокот давала само услуги за статично обезбедување.[237]

Генерално, во Република Албанија компаниите за приватно обезбедување ги ангажираат бизнисмените, меѓународните организации, амбасадите, хотелите, банките, градилиштата и државните институции.[238]

Ситуацијата почнала да се менува во 2001 година кога се укинува Законот од 1993 година. Работата на приватниот безбедносен сектор е регулирана со Законот за чуварска и службата за физичко обезбедување.[239]

Приватното обезбедување во Албанија забележало раст во последниве години. Во периодот од 2002 до 2015 година, бројот на приватни компании за обезбедување и персонал во Албанија значително пораснал, при што бројот на вработени се зголеми од 224 на 7995.[240] Додека во 2019 година имало околу 12.800 вработени во секторот за приватно обезбедување.[241]

Дополнително, приватниот безбедносен сектор во Албанија доживеа раст и диверзификација, со различни компании кои нудат безбедносни услуги приспособени да ги задоволат специфичните потреби на поединците и корпоративни клиенти, вклучително и малопродажба, безбедност на настани, лично обезбедување и многу повеќе.[242]

Компаниите како што е Global Guardian нудат различни нивоа на заштита во Албанија, вклучувајќи возачи обучени за безбедност, телохранители и тимови за заштита прилагодени на потребите на клиентите и опкружувањето.[243] Специјализирани услуги како телохранители се исто така достапни во Тирана преку компании како Spetsnaz Security

---

[237] SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity?, SEESAC 2005., стр.9.
[238] SALW and Private Security in South Eastern Eorope (2005): A Cause of Effect of Insecurity, Beograd, Republic of Serbia, стр. 3.
[239] Бакрески О., Безбедносни системи: Компаративна анализа, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје 2018., стр.449
[240] Klopfer Franziska,Nelleke van Amstel, a force for good, Mapping the private security landscape in Southeast Europe, Belgrade/Geneva 2015.
[241] https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Albania/Albania-private-unsecurity-194155 посетено на 22.2.2024
[242] https://www.angleside.co.uk/location/security-guards-albania/ посетено на 1.2.2024
[243] https://www.globalguardian.com/supported-countries/albania посетено на 2.2.2024

International.[244] ARB Security Services е приватна компанија за физичко обезбедување во Албанија која работи во согласност со албанското законодавство и е лиценцирана од државната полиција. [245]

За да се стане дел од приватното обезбедување во Албанија, мора да се исполнуваат специфични барања поставени од државните институции. Приватниот безбедносен сектор во Албанија забележа раст, вработувајќи околу 12.800 чувари, блиску до бројот на албанската државна полиција. Притоа владата има воведено мерки за подобрување на квалитетот на услугите и обезбедување слободна конкуренција во секторот, фокусирајќи се на лиценцирање, сертификација, обука и административни санкции за неусогласеност. Приватните безбедносни компании во Албанија се регулирани од страна на албанската државна полиција и други државни институции како што е Инспекторатот за труд, со услов за минимална плата поставена за да ги мотивира вработените во агенциите за приватна безбедност. Дополнително, заинтересираните за оваа професија треба да поминат низ програми за професионална обука обезбедени од институции како што е Академијата за безбедност (ASP) за да ги стекнат потребните вештини и квалификации за приватно безбедносно работење во Албанија. [246]

## 4. Приватна безбедност во Република Грција

Историјата на приватното обезбедување во Грција датира од античко време, каде Грците развиле софистициран систем на безбедносни сили за заштита на владини службеници и јавните патишта кои воделе до поголемите градови. [247] Тие беа одговорни за заштита на овие службеници и јавноста од непријателските криминалци кои претставувале закана за патниците кои влегувале во градовите. Приватните безбедносните сили во Античка Грција одиграле клучна улога во одржувањето на безбедноста преку обезбедување

[244] https://www.titansecurityeurope.com/locations/security-company-in-albania/ посетено на 1.2.2024
[245] https://www.arbsecurity.com/about.php посетено на 1.2.2024
[246] https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Albania/Albania-private-unsecurity-194155 посетено на 12.2.2024
[247] https://www.urgentsecurityservice.com/2019/02/10/a-brief-history-of-private-security посетено на 23.3.2024

заштита на поединци, истакнувајќи го раното потекло на приватните безбедносни практики кои еволуирале со текот на времето.[248]

Приватната безбедност во Грција ги бележи своите почетоци во раните 70-ти години од 20-от век.[249]

Работата во приватниот безбедносен сектор во Грција е регулирана со Закон за приватна безбедност 2518 што е донесен на 21 август 1997 година, а изменет и дополнет со Законот 3707 од 2008 година.[250]

Клучните регулативи кои ги регулираат приватните компании за обезбедување во Грција првенствено се наведени во Законот 2518 од 1997 година, потоа изменет со Законот 3707 од 2008 година. Во Законот се вклучени следниве прописи:

- Квалификации и обврски на персоналот: Законот ги одредува потребните квалификации и должности на персоналот вработен во приватните компании за обезбедување;
- Услови за работа: ги утврдува условите под кои приватните компании за обезбедување можат да работат, вклучувајќи ги и барањата за лиценцирање;
- Барања за лиценцирање: приватните безбедносни компании мора да ги добијат потребните лиценци за работа и од нив се бара да ја известат Дирекцијата на грчката полиција за какви било промени во нивното работење;
- Месечно известување на вработените: компаниите имаат обврска да доставуваат месечен список на своите вработени до релевантните органи;
- Огнено оружје и муниција: Законот, исто така, го регулира бројот на огнено оружје и муниција што им е дозволено да го поседуваат деловните субјекти за обезбедување.[251]

Треба да се потенцира дека во Грција покрај тоа што оваа дејност е регулирана со Законот за приватна безбедност, сепак постојат и други форми на регулација на овој сектор, односно има национален колективен договор врз основа на кој се регулирани условите на работа во секторот. Основниот законски документ се однесува на работното време, на

[248] https://ecampusontario.pressbooks.pub/housesandhouseholdsancientgreece/chapter/new-locking-up/ посетено на 23.3.2024
[249] https://www.eoa.com.gr/en/about-eoa/history посетено на 15.2.2024
[250] https://www.taxlaw.gr/en/practice-areas/company-law/legal-framework-for-the-licensing-and-operation-of-security-service-providers/ посетено на 22.2.2024
[251] https://www.eoa.com.gr/en/law посетено на 22.2.2024

условите за годишен одмор и на правата на привремените работници и работниците на одредено време. Работното време е регулирано со Закон бр.90 од 1982 година, поточно во член 41 којшто пропишал 40 часа неделно и 8 часа дневно.[252]

Надлежен државен орган за изготвување и регулирање на законодавството со кое се регулира приватната безбедносна индустрија во Грција претставува Министерството за внатрешни работи.Според податоцитете од страна на CoESS од 2015 година, во Грција се регистрирани 1480 приватни безбедносни компании што вработуваат околу 32.000 луѓе.[253]

Приватната безбедносна индустрија во Грција е проценета на 505,3 милиони евра и е рангирана на 15-то место во Европа во 2024 година. Во 2024 година во Грција има вработени околу 21,178 луѓе во приватниот безбедносен сектор. [254]

За да се стекне со лиценца за приватно обезбедување во Грција, потребно е да се помине процесот на сертификација кој вклучува успешно завршување на програма од 105 часа заедно со работна пракса, а кандидатите се испитуваат и теоретски и практично пред да добијат сертификат за компетентност од Национална организација за сертификација на квалификации и стручно насочување EOPPEP (National Organisation for the Certification of Qualifications & Vocational Guidance).[255]

Дополнително, за да се води приватна агенција за обезбедување во Грција, мора да се исполнуваат специфични услови како што се: да се има грчко државјанство и да добие посебна дозвола за деловно работење издадена од началникот на штабот на грчката полиција.[256]

Компаниите кои обезбедуваат приватни безбедносни услуги мора да се придржуваат до прописите наведени во Законот 2518/1997 година, вклучувајќи ограничувања за употреба на одредени зборови или фрази, почитување на уставните права и ограничувања за вработување персонал без соодветна работна лиценца.[257]

---

[252] Бакрески О., Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015., стр 233.
[253] Private Security Services in Europe, Confederaton of European Security Services, CoESS Facts & Figures, Belgium, 2011 (достапно на: http://www.coess.org/newsroom.php?page=facts-and-figures) посетено на 2.2.2024
[254] https://www.ibisworld.com/greece/industry-statistics/private-security-services/14742/ посетено на 23.3.2024
[255] https://www.eoppep.gr/index.php/el/ посетено на 23.3.2024
[256] https://www.taxlaw.gr/en/practice-areas/company-law/legal-framework-for-the-licensing-and-operation-of-security-service-providers/ посетено на 23.3.2024
[257] https://www.taxlaw.gr/en/practice-areas/company-law/legal-framework-for-the-licensing-and-operation-of-security-service-providers/ посетено на 23.3.2024

„HLS-Security“ е значајна грчка компанија за приватно обезбедување која нуди иновативни приватни безбедносни решенија и за локални и за меѓународни клиенти.[258]

Компаниите како Titan Security Europe и Angleside нудат сеопфатни безбедносни услуги низ Грција, вклучувајќи физичко обезбедување и патроли 24/7.[259][260]

# ГЛАВА 5

# ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ

Со цел да се процени местото, улогата и организацијата на приватното обезбедување во македонската држава, беше спроведено интервју во периодот од октомври до јануари 2023 година.

Истражувањето за спецификите на приватното обезбедување и напредокот во македонската држава во овој труд е направено врз база на два типа на прашалници. Со едниот прашалник се анкетирани граѓани на македонската држава во врска со приватното обезбедување, додека со другиот прашалник се анкетирани вработени во приватната безбедност. Во рамките на истражувањето како техника за прибирање податоци беше користено интервју.

Беа спроведени две интервјуа кои претставуваат истражување на показателите за состојбата и функционирањето на феноменот на приватното обезбедување во македонската држава. Врз основа на собраните и анализирани податоци како и презентираните вредносни судови и оценки на анкетираните лица, се гледа моменталната состојба на приватниот безбедносен сектор и беше утврден степенот на влијание на приватното обезбедување врз безбедноста на граѓаните и целата заедница.

Ова истражување беше спроведено на околу 100 лица, односно беа анкетирани 50 граѓани и околу 50 вработени во безбедносниот приватен сектор.

Ова истражување беше спроведено на територијата на општините Крива Паланка, Куманово и Скопје. Прашалниците беа анонимни и беа анкетирани луѓе лично и онлајн сè со цел да имаме одговори кои ќе ни помогнат во успехот на оваа анкета.

---

[258] https://www.hls-security.com/ посетено на 23.3.2024
[259] https://www.titansecurityeurope.com/locations/security-company-in-greece/ посетено на 22.2.2024
[260] https://www.angleside.co.uk/location/greece-security-company/ посетено на 22.2.2024

Како дел од ова истржување постојат два прашалника кои се дадени во прилог на овој труд. Едниот прашаник е за анкетирање на граѓаните, додека другиот прашалник е за анкетирање на вработените во приватниот безбедносен сектор. По собирањето на податоците добиени од прашалниците, истите беа анализирани, а резултатите во продолжение се прикажани со графикони и табели.

Анкетираните лица беше потребно внимателно да ги прочитаат прашањата и да изберат еден од понудените одговори или да се напише сопствено размислување. Односно, одговорот беше потребно да се даде со заокружување на понудените одговори или со пишување на текстот на линијата што следи по прашањето. На местата предвидени за давање дополнителни одговори, (по можност) како што споменав беше потребно да се напише мислењето на анкетираниот.

Успехот од овие анкети зависи од искрените одговори на анкетираните лица.

## Резултати од анкетата спроведена на граѓани во македонската држава

Резултати од прашалникот имаме од 50 граѓани од општините Крива Паланка и Скопје. Анкетирани се луѓе вработени во секторот образование, вработени во банки и вработени во јавната администрација за кои сметав дека ќе можат да ми помогнат со нивното мислење во ова истражување. Сите анкетирани се со македонска националност.

Резултатите од првите пет прашања, бидејќи се поопшти во врска со податоци за самите анкетирани ќе бидат претставени процентуалано во следнава табела број 4.

| Пол | |
|---|---|
| М | 38% |
| Ж | 62% |
| Возраст | |
| 18 – 27 | 34% |
| 27 – 35 | 45% |
| 36 – 45 | 17% |
| 46 – 65 | 4% |
| над 65 | / |

| Степен на образование | |
|---|---|
| Средно | 22% |
| Високо | 70% |
| Магистратура | 8% |
| Докторат | / |
| Националност | |
| Македонец | 100% |
| Албанец | / |
| Ром | / |
| Друго | / |
| Живеалиште | |
| Град | 100% |
| Село | / |

*Табела 4. Резултати од анкета на првите 5 прашања*

Во прашањето број 6 се побара од анкетираните лица да ја искажат својата доверба во војската, полицијата и приватните агенции за обезбедување така што својата доверба ќе ја искажат со броевите од 1 до 5 при што 1 означува незадоволително ниво, 2 слабо, 3 добро, 4 многу добро и 5 одлично ниво. Резултатите од ова прашање ќе ги прикажеме графички на следниве графикони со број 1,2,3 и 4.




*Графикон 1. Графикон за доверба на граѓаните во безбедноста*

Од графикот се гледа дека довербата е најголема во приватните безбедносни агенции односно приватните агенции за обезбедување, а најмала во полицијата. Согласно обработените податоци довербата во војската исто така е на многу добро ниво.




*Графикон 2. Графикон за доверба на граѓаните во приватните безбедносни агенции*




*Графикон 3. Графикон за доверба на граѓаните во војската*




*Графикон 4. Графикон за доверба на граѓаните во полицијата*

Гледано според оценките на анкетираните лица, може да се заклучи следново: најмногу од анкетираните имаат висока или просечна доверба во приватното обезбедување.

Кај полицијата имаме ситуација каде најголемиот број анкетирани лица се определиле за просечна или ниска оценка. Што се однесува до довербата во војската, слично како кај приватното обезбедување релативно мал број лица изразиле недоверба, односно мислењето на мнозинството анкетирани се наоѓа на просечното ниво на доверба или на високо.

Заклучокот од ова прашање согласно резултатите на анкетираните лица е дека граѓаните во македонската држава имаат највисоко нивно во приватните агенции за обезбедување и војската, а најниско во полицијата.

Во врска со седмото прашање: „ Дали сте корисник или дали некогаш сте биле корисник на некоја од услугите на приватна агенција за обезбедување? “ - голем дел од анкетираните лица одговорија дека не се или не биле корисници на приватно обезбедување, односно од вкупно 50 анкетирани лица 44 не биле никогаш корисници на приватно обезбедување, а само 6 анкетирани лица биле корисници на услугите на агенциите за приватна безбедност. Кои се причините за овие бројки ќе ги видиме според резултатите на следните две прашања.




*Слика 5. Графикон за корисници на приватното обезбедување*

Од следното прашање добивме резултати за тоа колку од анкетираните лица, корисници на приватно обезбедување се задоволни од самата услуга приватно обезбедување.

Осмото прашање гласи: „Доколку на претходното прашање одговоривте потврдно, Ве молиме заокружете, колку сте задоволни од услугите на агенциите за обезбедување!“ Со следниве понудени одговори:

а) Се чувствувам многу посигурно за разлика од претходно;

б) Се чувствувам малку посигурно од претходно;

в) Не чувствувам некоја разлика во мојата сигурност и безбедност од претходно;

г) Се чувствувам поисплашено и понебезбедно од претходно;

д) Во моментот не можам да проценам;

ѓ) Друго (објасни).

Од шесте анкетирани лица кои се корисници на услугите на приватното обезбедување, пет од нив одговориле на прашањето дека се задоволни од самата услуга и дека се чувствуваат малку посигурно од претходно, а само еден од анкетираните одговорил дека се чувствува многу посигурно за разлика од порано. Резултатите од ова прашање се прикажани на графиконот број 6.




*Слика 6. Графикон за проценка на задоволството на корсниците на приватното обезбедување*

Сите 44 анкетирани лица кои одговорија на претходното прашање дека не користат или не користеле услуги на приватно обезбедување на прашањето број 9 ја имаат наведено причината зошто немале протреба да бидат корисници на услугите за приватно обезбедување. Односно тие одговориле дека досега не биле во загрозена ситуација и не чуствувале дека имаат потреба да бидат корисници на услугите на агенциите за приватно обезбедување. Овие одговори се прикажани на графиконот број 7.

.




*Графикон 7. Причини зошто граѓаните не се корисници на приватната безбедност*

Прашањето број 10 гласи: Што мислите дали вработените во приватните агенции за обезбедување треба да имаат исти задачи и овластувања како и полицајците?

Дваесет и осум испитаника или 56% го имаат одговорено на ова прашање под б), односно дека се согласуваат во врска со ова тврдење. Седумнаесет испитаника или 34% имаат одговорено дека не се согласуваат во врска со ова тврдење и 5 испитаника или 10% од анкетираните дека во моментот не можат да проценат.

Од овие одговори можеме да заклучиме дека довербата во полицијата е се помала кај граѓаните во македонската држава и поради тоа бараат безбедност од страна на приватниот сектор за обезбедување. Резултатите од ова прашање се прикажани на графиконот број 8.




*Графикон 8. Овластување на приватното обезбедување*

Во врска со прашањето број 11 – „ Што мислите дали сте запознаени со надлежностите и/или работењето на агенциите за приватно обезбедување? " најголем број или 82% одговориле дека делумно се запознаени со работењето и надлежностите на агенциите за приватно обезбедување, а само 18% одговориле дека воопшто не се запознаени. Одговорите на анкетираните се прикажани на следниот графикон број 9.




*Графикон 9. Анкетираните се запознаени со работата на агенциите за приватно обезбедување*

Резултатите од прашањето број 12 кое гласи – „Ве молиме одговорете дали се чувствувате посигурно кога училиштето каде оди вашето дете, јавен настан или установа во која се наоѓате е под заштита на приватна агенција за обезбедување? " се дадени на графиконот на број 10. Сите анкетирани или 100% од анкетираните лица имаат одговорено потврдно. Од тука можеме да заклучиме дека во училиштата во македонската држава е потребно итно воведување на приватно обезбедување, водејќи се од бројни неодамнешни примери во соседните држави, но и во нашата држава според кои можеме да кажеме дека постои чувство на небезбедност и страв кај родителите и учениците. Исто така од ова прашање може да се види и професионалноста на самите работници за приватна безбедност и дека граѓаните кон нив гледаат како професионалци кои ја вршат работата на завидно ниво.



*Графикон 10. Бебедност на јавни места обезбедени од приватното обезбедување*

Во контекст на ова прашање, прашањето број 13 гласи „ Согласно претходното прашање, дали сметате дека е потребно воведувањето на приватното обезбедување во училиштата?“ 100% од анкетираните имаат одговорено дека е неопходно воведување на приватно обезбедување во училиштата. Како што наведов погоре неодамнешните примери на обиди за грабнување на ученици, киднапирања на ученици и слично во македонската држава се поголем е стравот на родителите за небезбедноста на своите деца. Од овие случаи доаѓа и самата недоверба во полициските службеници, а на сметка на тоа и зголемена доверба во агенциите и вработените во приватниот безбедносен сектор. Резултатите од ова прашање се прикажани на графиконот број 11.



*Графикон 11. Воведување на приватно обезбедување во училиштата*

Најголем број од анкетираните беа вработени во образовни институции, директори на училишта како и родители кои едногласно одговорија дека повеќе од неопходно е ангажирање на приватно обезбедување во училиштата.

Прашањето број 14 гласи: - „Дали сметате дека политиката во нашата држава има влијание врз приватната и јавната безбедност?“

Резултатите од анкетата се дадени на графиконот број 12, каде 70% одговориле дека политиката има влијание врз приватната и јавната безбедност, 10% одговориле дека политиката нема влијание врз безбедноста и 20% од анкетираните одговориле воздржано, односно дека не можат да проценат.




*Графикон 12. Влијанието на политиката врз безбедноста*

Во следното прашање број 15 анкетираните лица одговорија зошто се потребни приватните агенции за обезбедување. Во следниот графикон се дадени нивните одговори во врска со ова прашање кое гласи „ Што мислите зошто според вас се потребни приватните агенции за обезбедување:“. Согласно понудените и дадените одговри јасно се гледа дека 32% од анкетираните лица одговориле дека потребата од агенциите за обезбедување е поради тоа што полицијата е корумпирана, 18% одговориле дека потребата е поради тоа што агенциите даваат посебни услуги што полицијата не ги дава или не е оспособена да ги дава и 50% одговориле дека затоа што новите безбедносни закани бараат и ваков вид заштита на лица и имот.




*Графикон 13. Потребата од приватните агенции за обезбедување*

Во следните два графикони 14 и 15 е дадена оценката на анкетираните лица за агенциите за приватно обезбедување како и за полицијата, согласно прашањата 16 и 17 од прашалникот. Од истите јасно се гледа дека агенциите за приватно обезбедување имаат поголема оценка за услугата што ја даваат од услугата на полицијата.




*Графикон 14. Оценка на агенциите за обезбедување*



*Графикон 15. Оценка на полицијата*

Во последното прашање број 18 анкетираните лица имаа можност да напишат свое мислење за подобрување на услугите на приватното обезбедување. Најголем дел од коментарите беа да нема корупција при вработување на лица за обезбедување. На дел од прашалниците имаше коментари да нема мешање и влијание на политиката во услугите на агенциите за обезбедување и да не се вработуваат лица со сомнително минато.

## Резултати од анкетата спроведена на вработени во агенциите за приватно обезбедување во македонската држава

Во ова анкета беа вклучени 50 вработени од три различни приватни агенции за обезбедување на територијата на Крива Паланка, Куманово и Скопје.

Одговорите на првите 7 прашања се дадени во следнава табела.

| Пол | |
|---|---|
| М | 99% |
| Ж | 1% |
| Возраст | |
| 18 – 27 | 10% |
| 27 – 35 | 52% |
| 36 – 45 | 34% |
| 46 – 65 | 4% |
| над 65 | / |
| Лиценца | |
| Физичко обезбедување | 100% |
| Техничко обезбедување | / |
| Работно место на кое сте вработени | |
| Работник за безбедност | 96% |
| Раководител | 4% |
| Стаж | |
| До 5 години | 12% |
| Од 5 – 10 години | 35% |
| Од 10 – 15 години | 42% |
| Над 15 години | 11% |
| Образование | |
| Средно | 84% |
| Високо | 16% |
| Магистерски студии | / |
| Докторат | / |

*Табела 5. Општи резултати од анкета*

Од овие податоци можеме да заклучиме дека од вкупниот број анкетирани лица само 1% се жени, додека 99% се од машки пол. Гледајќи ја горната табела број 5, може да се види дека меѓу анкетираните, најзастапени се лицата на возраст од 27-35 години (52%), што е за 18% повеќе од бројот на лица на возраст од 36-45 години (31,4%), проследено со 42% од луѓето на возраст од 18-30 години (10%) и лица над 60 години (0%). Од анкетираните лица 96% се служебници во приватното обезбедување и 4% се раководители во приватното обезбедување, односно службеници кои се наоѓаат на раководни функции.

Гледајќи ја прикажаната табела, може да се забележи дека меѓу вработените најмногу лица имаат работен стаж од 10 до 15 години во приватен безбедносен сектор и тој изнесува 42%. потоа следуваат лицата со 5-10 години работно искуство (35%), потоа до 5 години (12%) и лицата со повеќе од 15 години работно искуство (11%).

Исто така може да се забележи дека вработените во приватното обезбедување најмногу се со ССС (84%), односно со средно образование. Во значително помал процент има лица со високо образование (16%), а потоа следат оние со магистратура или докторат (0%).

Од вкупно 50 анкетирани лица, вработени во агенциите за приватно обезбедување вкупно 28% одговориле дека пред да се стекнат со лиценца за приватно обезбедување имале претходно искуство во безбедносни работи додека 72% немале претходно искуство во безбедноста. Следното прашање во прашалникот е поврзано со наредното, односно тоа се прашањата 8 и 9. Во графиконот број 16 се прикажани одговорите на анкетираните дали имале претходно искуство во безбедноста, додека во графиконот број 17 е прикажано каде, во кој оддел го стекнале тоа искуство, доколку го имаат. Согласно одговорите 6% од анкетираните кои имале претходно искуство во безбедноста тоа го стекнале со претходна работа во полицијата, 4% во армијата и 18% во некоја друга приватна агенција за обезбедување.



*Графикон 16. Прегходно искуство во безбедност*



*Графикон 17. Претходно искуство во безбедноста*

Од вкупно 14 анкетирани кои на претхондното прашање одговориле потврдно на графиконот број 17 се гледа каде тие имале претходно искуство односно тројца вработени во полиција или 22%, двајца во армија или 14% и во друга приватна агенција 64% или 9 анкетирани лица.

Следното прашање број 10 гласи:

- „Како би ги оцениле работните услови (опрема, работно време, работни задачи, напредување, меѓусебни односи и сл.) Ве молиме, да дадете оценка на моменталното работно место во секторот приватно обезбедување каде сте моментално вработен?“

Вработените во агенциите за приватно обезбедување имаат одговорено така што најголем дел, односно 52% дале оценка 3, 36% ги оцениле работните услови со доволен успех, односно оценка 2 и мал дел со незадоволителна оценка, односно 12% или само 6 анкетирани. Резултатите од одговорите од ова прашање се дадени на графиконот број 18.




*Графикон 18. Оценка на работните услови на агенциите за приватно обезбедување*

На прашањето број 11 – „Дали вашите приходи во приватно обезбедување во кое сте моментално вработени се редовни?“ сите анкетирани одговориле НЕ. Односно 100% имаат негативен одговор по ова прашање. Согласно ова можеме да заклучиме дека платите во агенциите за приватно обезбеднување доцнат и не се редовни.

Исто така на прашањето број 12 – „ Дали сте задоволни од нивото на овие парични приходи?“ сите анкетирани имаат одговорено дека не се задоволни, 100% од испитаниците одговориле негативно на прашањето.

Клучните проблеми во приватниот безбедносен сектор се прашањата за висината и редовноста на паричните приходи, како клучни мотивациони фактори на секој вработен. Не

е тајна дека платите на работниците од приватното обезбедување се меѓу најниските во земјава, односно во многу случаи се просечни, па дури и под минималната плата. Резултатите од тестот го покажуваат тоа и што го очекувавме.

На следниот графикон број 19 се прикажани одговорите за прашањето број 13 – „ Дали сметате дека постојната законска регулатива во областа на приватното обезбедување е соодветна?“ од кој јасно се гледа дека најголем дел од анкетираните не се задоволни од постојната законска регулатива, а помалку имаат одговорено дека делумно се задоволни, најмал дел дека се задоволни од истата. Изразено во проценти 64% одговориле дека не се задоволни од постојаната законска регулатива, 32% дека делумно се задоволни и само 6% од анкетираните сметаат дека законската регулатива е соодветна. Резултатите од ова прашање се дадени во графиконот број 19.




*Графикон 19. Соодветна законска регулатива*

На прашањето број 14 – „ Како би ја оцениле процедурата за обука на лица за приватно обезбедување што се спроведува во согласност со Законот за приватно обезбедување и придружните подзаконски акти?“ анкетираните одговориле,  32% ја оцениле обуката како добра, 28% како многу добра и најмногу, односно 40% како одлична. Одговорите може да се видат на графиконот број 20.

Целта на обуката е стекнување на основни знаења и вештини на идните вработени во приватните агенции за обезбедување. Начинот на кој се извршуваат приватните безбедносни операции, а особено примената на овластувањата, кои може да ги нарушат човековите права и слободи, зависи од добро спроведената обука.

Затоа, за да можат работниците за безбедност да бидат ефикасни и ефективни во извршувањето на приватно обезбедување, мора да бидат сигурни во себе и во стекнатото знаење и вештини. Ваквите обуки ги спроведува Комората на македонската држава.




*Графикон 20. Оценка на процедурата за обука на лица за приватно обезбедување*

За да го утврдиме квалитетот на обуката како и степенот на стручност на анкетираните, го поставивме следново прашање број 15: „ Како би го оцениле квалитетот на вашата обука и нивото на стручност за извршување на приватното обезбедување?" анкетираните одговорија вака: 8% ја оценуваат обуката со оценка 5, 10% со оценка 3 и најмногу 82% со оценка 3. Од графиконот јасно се гледа дека најмногу анкетирани ја оценуваат обуката со добро ниво на квалитет и ниво на стручност. Во врска со ова прашања е даден графикон број 21 во согласност со анкетата.




*Графикон 21. Оценка на обуката на лица за приватно обезбедување*

Во македонската држава е прифатен модел според кој Министерството за внатрешни работи има контролни и надзорни овластувања кога станува збор за работата на правните и физичките лица од областа на приватното обезбедување. Ова е уште еден вид на врска помеѓу овие два субјекти. За да го видиме мислењето на анкетираните вработени во приватните безбедносни агенции во однос на контролата и надзорот им го поставивме следново прашање број 16 „Како би ги оцениле контролните и надзорните овластувања на полицијата кога станува збор на работата на агенциите и приватното обезбедување?“ На анкетираните им беа понудени три одговори: „соодветни“, „премногу широки“ и „немам став“. Резултатите се дадени во следната табела број 6.

| | Соодветни | | Премногу широки | | Немам став | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | % | Број | % | Број | % | |
| Анкетирани | 22 | 44% | 9 | 18% | 19 | 38% | |

*Табела 6. Контролни и надзорни овластувања на полицијата*

Од табелата број 6 се гледа дека 44% одговориле дека е соодветна котролата и надзорот на полицијата во врска со приватните агенции, 18% одговориле дека е премногу широка и 38% дека немаат став.

Сепак гледаме дека, сè уште постои одредена група кои не сакаа да се изразат на споменатото прашање. Тоа може да биде показател дека во практиката немале искуство

(контакти) со полициски службеници во врска контролата и надзорот, односно дека полициските службеници не ја спроведувале постапката за контрола и надзор.

На прашањето број 17 „Дали мислите дека има проблеми што ја отежнуваат соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување?“ анкетираните одговорија, 64% со ДА и 36% со НЕ. Резултатите се прикажани на графиконот број 22 од каде јасно се гледа дека според анкетираните вработени во приватно обезбедување постојат реални проблеми кои ја отежнуваат соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување.




*Графикон 22. Пробчлеми меѓу полицијата и приватното обезбедување*

На следното прашање број 18, сите оние анкетирани кои на пратходното прашање одговорија со ДА беше потребно да потенцираат со какви проблеми се соочуваат при соработката со полицијата. Беа понудени повеќе одговори кои анкетираните требаа да одговорат со кое ниво е застапен потенцираниот проблем. Резултатите од одговорот на ова прашање се дадени во следната табела 7. Тие требаа да одговорат колку сметаат од 1 до 5 колку понудените проблеми се присутни при отежнатата соработка. (1-Воопшто не се согласувам, 2-Не се согласувам, 3-Не сум сигурен, 4- Се согласувам, 5-Потполно се согласувам)

Прашањето 18 гласи – „Доколку одговорот на претходното прашање е „Да“, оцените некои од понудените проблеми:“

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Несоодветни законски прописи кои ја регулираат работата на приватното обезбедување | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | |
| Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 0 | 0% | 5 | 10% | 17 | 34% | 24 | 48% | 4 | 8% |
| 2. Неразбирање на меѓусебната улога во постигнувањето на јавната безбедност | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | |
| Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 0 | 0% | 12 | 24% | 31 | 62% | 7 | 14% | 0 | 0% |
| 3. Отсуство на прописи со кои се регулира координацијата на работата | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | |
| Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 0 | 0% | 0 | 0% | 19 | 38% | 19 | 38% | 12 | 24% |
| 4. Несоодветна обука на приватно обезбедување за заедничка работа | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | |
| Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 0 | 0% | 31 | 10% | 0 | 0% | 14 | 24% | 5 | 1% |
| 5. Отсуство на повеќе тела кои ќе бидат одговорни за сите прашања на соработка | | | | | | | | | |
| 1 | | 2 | | 3 | | 4 | | 5 | |
| Број | % | Број | % | Број | % | Број | % | Број | % |
| 0 | 0% | 0 | 0% | 4 | 8% | 12 | 24% | 34 | 68% |

*Табела 7. Проблеми со кои се соочуваат полицијата и приватното обезбедување*

Од одговорите во табелата 7 јасно може да се забележи дека постојат проблеми со кои соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување е отежната. Голем процент од анкетираните одговориле дека се потребни соодветни тела кои ќе бидат одговорни за оваа соработка. Исто така според одговорите на анкетираните лица, потребни се и повеќе прописи и Закони со кои оваа соработка би била регулирана.

Со цел да се види соработката на приватното обезбедување со полицијата на анкетираните им го поставив прашањето број 19 – „ Дали од моментот на добивање на лиценца за приватно обезбедување учествувавте во преземање службени дејствија заедно со полициски службеници и доколку да, наведете каква била таа состојба?“ Одговорот беше со ДА и НЕ, доколку се одговори со ДА беше потребно и да се наведе една ситуација.

Најголем процент од анкетираните заокружиле ДА, односно дека имале заеднички дејствија со полициски службеници, однсоно 42%, а само 8% одговориле негативно.

Наведени ситуации во анкетните прашалници во кои вработените во приватното обезбедување соработувале со полицијата се следниве: обезбедување на спортски настани и други јавни собири (други културни и музички манифестации); преглед на граѓани пред влез во спортски објект; обид да се спречи кражба во обезбедениот објект; увид на лица и одземање на незаконски средства на јавни собири; одвојување и смирување на навивачите на спортски настани; контрола (регулирање) на сообраќајот на предвиден простор; физички напади на лицето кое се обезбедува. Горенаведените податоци покажуваат дека најчести контакти на полициските службеници и работниците на приватното обезбедување биле остварени при обезбедување на јавни собири (особено спортски настани), спречување лица во извршување на кривични дела и физички напади на лица кои се обезбедуваат.

Анкетираните лица кои одговориле потврдно во однос на преземањето службени дејствија во кои учествувале и полициски службеници, биле замолени да ја оценат таа соработка со оценка од 1 до 5 на прашањето број 20 кое гласи „ Доколку вашиот одговор на претходното прашање е „Да“, како би ја оцениле таа соработка?“. На анкетираните лица им биле понудени пет одговори: незадоволителен, доволен, добар, многу добар и одличен. Резултатите од ова прашање се дадени во графиконот број 23.




*Графикон 23. Оценка на соработка меѓу полицијата и приватното обезбедување*

Од графиконот број 23 можеме да видиме дека најголемиот број анкетирани одговориле дека соработката била „одлична“ и „многу добра“(50% и 30%), но има и нездоволни од соработката (20%) кои ја оцениле соработката со незадоволителна оценка (1).

На прашањето број 21 „Дали од моментот на добивање на лиценцата користевте некое од средствата за присилба предвидени со Законот за приватно обезбедување и доколку да, наведете кои?“ анкетираните лица требаа да одговорат со ДА и Не и притоа доколку одговор е потврден да ги наведат средствата за присилба кои ги имаат користено.

Со ДА одговориле 38 (76%) од анкетираните лица и со НЕ 12 (24%) од анкетираните. Од оние кои имаат одговорено дека имаат користено средства за присилба најмногу напишале дека имаат користено лисици, пендерк и спреј како средства за заштита.

Основната функција на приватното обезбедување е спречување на криминалот. Успешноста на таа функција во голема мера зависи од воспоставената соработка со полицијата.

Заедничкото дејствување во различни форми на проекти за спречување на криминалот во секој случај може да придонесе за остварување на функциите на приватното обезбедување и полицијата, а со тоа и за остварување на јавната безбедност. Согласно големата потреба од соработка помеѓу полицијата и вработените во приватното обезбедување на анкетираните им беше поставено прашањето број 22 од соодветниот прашалник.

На прашањето број 22. „Дали мислите дека Законот за приватно обезбедување треба да ги регулира прашањата за меѓусебната соработка помеѓу полицијата и приватното обезбедување?“ испитаниците требаше да одговорат со ДА или НЕ. Тука можеме да потенцираме дека сите анкетираните имаат одговорено со ДА, односно регулирањето на односот и соработката меѓу приватното обезбедување и полицијата е повеќе од потребно.

Согласно прашањето 23 „ Дали споделувате информации за проблемите со криминалот со полицијата?“ Анкетираните имаа можност да одговорат со понудените одговори:

1) Да

2) Не

Сите 50 анкетирани одговорија потврдно на прашањето што значи дека соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување постои посебно во борбата и сузбивањето на криминалот.

На анкетираните им го поставивме следното прашање број 24 „Дали сметате дека е неопходно да се воспостави соработка за прашањето за размена на информации меѓу полицијата и приватното обезбедување преку координативно тело на локално ниво?“

На анкетираните им беа понудени два одговори: „да“ и „не“.

Одговорите се дадени на следната табела број 8.

| | ДА | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|
| Анкетирани | Број | % | Број | % |
| | 43 | 86% | 7 | 14% |

*Табела 8. Резултати од потребата од координативно тело*

Од резултатите јасно се гледа дека 86% се за воведување на координативно тело на локално ниво со помош на кое би се уределе односите на полициајта со приватното обезбедување. Постоењето и функционирањето на приватните безбедносни субјекти на локалното подрачје секако придонесува за остварување на безбедноста на локалната заедница. Затоа, нејзини претставници треба да бидат членови на локални совети за безбедност, во чии рамки, меѓу другото, би се интензивирала соработката за размена на информации.

Меѓу основните начини на работа и извршување на задачите на полицијата од општа надлежност се патролните и полициските активности. Основната функција на овие видови активности е следење на безбедносните прашања во безбедносниот сектор, односно регионот, како и преземање превентивни и репресивни мерки и мерки за давање помош на

граѓаните и другите субјекти на заедницата. Присуството на полицијата на терен секако превентивно делува на сите потенцијални закани, но претставува и дополнителна форма на поддршка за вработените во приватната безбедност на терен, кои знаат дека секогаш можат да сметаат на нив. Но, и покрај одредени проблеми од материјална и организациона природа, како и комплицираниот севкупен безбедносен проблем во општеството, полицијата не може целосно да го реализира секторскиот начин на работа.

За да ги потврдиме овие наводи, на анкетираните им го поставивме следното прашање број 25: Дали ве посетуваат полициски службеници додека извршувате редовни задачи? На анкетираните им беа понудени три одговори: „да, самоиницијативно“, „да, но само со покана“ и „не“.




*Графикон 24: Посета од полицајци на приватно обезбедување*

Од графиконот број 24 се гледа дека процентуално одговорите се блиску. Односно, согласно личното искуство на вработените во приватното обезбедување кои имале или немале посети од полициските службеници.

Прашањето број 26 гласи „ Дали во досегашната работа сте се обратиле за помош во полиција и доколку да, наведете во која прилика?“ На анкетираните им беа понудени два одговори: „да“ и „не“, оставајќи можност да ја наведат причината поради која се обратиле до полициските службеници. Одговорите се прикажани на следниот графикон од кој јасно се гледа дека 68% одговорите со ДА, и 32% одговориле со НЕ.




*Графикон 25. Соработка и помош од полицијата*

На анкетираните им беше дадена можност да ја наведат причината поради која се јавиле во полиција, а како причини поради кои се обратиле за помош во полиција ги навеле: блокирање на влезот во фирмата со возило; забележани движења и дејствија на сомнителни лица и возила во непосредна близина на објектот што се обезбедува; преглед на лица и возила кои влегуваат на јавни собири или во обезбедениот објект; спречување на кражби во зграда која се обезбедува; неовластено влегување во објектот од повеќе лица; појава на пожар во обезбедениот објект; обезбедување лична безбедносна помош и заштита; пронаоѓање на сомнителни предмети во обезбедениот објект и решавање на конфликтни ситуации со навивачите на спортски натпревари. Она што можеме да го забележиме од одговорите на анкетираните е дека повиците во полиција се направени по појава или непосредна појава на загрозување на вредноста што ја штитат приватното обезбедување или нивната лична безбедност.

Бидејќи безбедноста на јавните собири и спортските настани е единствената непосредна безбедносна работа на која полицајците и безбедносните службеници соработуваат на терен (заеднички преземаат одредени мерки и дејствија), за да утврдиме каква соработка е остварена меѓу нив, на анкетираните им го поставивме следното прашање 27 „ Како би ја оцениле досегашната соработка со полициските службеници при обезбедување на јавни собири и (или) спортски настани?“ На анкетираните им беа понудени пет одговори: незадоволителен, доволен, добар, многу добар и одличен.




*Графикон 26. Оценка на соработка*

Согласно одговорите од графиконот број 26 можеме да заклучиме дека соработката на полицијата и приватното обезбедување при заедничка работа на јавни и/или спортски настани е многу добра со 36%, одлична со 34% и добра со 30%. Незадоволителна и доволна оценка нема.

На анкетираните им беше поставено прашањето 28 - „Дали мислите дека приватно обезбедување и лиценцирани правни лица и претприемачи за приватно обезбедување треба да бидат вклучени во итни и вонредни активности (спречување на појава и санирање на последиците предизвикани од катастрофи, вонредни настани и други опасности за населението, животната средина и материјалните добра)?“

Тие требаа да изберат еден од понудените одговори:

1. Да, секогаш;
2. Да, но само во некои ситуации;
3. Не.

Одговорите се прикажани во следната табела број 9.

| | ДА, секогаш | | Да, но само во некои ситуации | | Не | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Анкетирани | Број | % | Број | % | Број | % |
| | 12 | 24% | 27 | 54% | 11 | 22% |

*Табела 9. Итни и вонредни активности*

Анализирајќи ги горенаведените податоци, можеме да видиме дека анкетираните – вработени во приватно обезбедување сè уште се гледаат себеси и својата улога во вонредни ситуации во ограничен опсег, односно сметаат дека приватното обезбедување може да биде ефективно само во одредени ситуации. Ова може да биде показател дека тие сметаат дека не се доволно обучени и опремени за да бидат вклучени во сите активности насочени кон заштита и спасување на луѓето, материјалните и културните добра.

Обезбедувањето на транспортот на пари и други вредни предмети е исто така работа која ја врши полицијата и приватното обезбедување. Специфичноста на извршувањето на овие задачи е поврзана со тоа што тие се извршуваат со употреба на огнено оружје.

Затоа на анкетираните им беше поставено следното прашање број 29 - „ Сметате ли дека е неопходно да се подобри соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување во однос на обезбедувањето транспорт на пари и други вредни пратки?" Анкетираните требаа да одговорат со Да или Не. Резултатите од одговорите се прикажани на следната табела број 10.

| | ДА | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|
| Анкетирани | Број | % | Број | % |
| | 42 | 84% | 8 | 16% |

*Табела 10. Соработка за транспорт на пари и други вредни пратки*

Резултатите покажуваат дека припадниците на приватното обезбедување сметаат дека е можно да се воспостави соработка со полицијата и за овие работи. Кога станува збор за овие задачи, секако може да се оствари соработка во однос на размена на информации, опрема, средства и уреди, како и во заеднички тимови кои би ги извршувале овие задачи. Намалувањето на бројот на полициски службеници кои би ги извршувале овие задачи би овозможило нивно распределување на извршување на други полициски задачи.

Последното прашање број 30 кое беше дел од прашалникот гласи „ Дали мислите дека е неопходно да се формализираат соработката и партнерските односи меѓу полицијата и приватното обезбедување на локално ниво (во форма на договори, меморандуми, протоколи за соработка итн.)?" Анкетираните беше потребно да изберат еден од понудените одговори.

1) Да
2) Не

| | ДА | | НЕ | |
|---|---|---|---|---|
| Анкетирани | Број | % | Број | % |
| | 45 | 90% | 5 | 10% |

*Табела 11. Соработка за транспорт на пари и други вредни пратки*

Од прикажаната табела 11, може да се забележи дека и членовите на приватниот безбедносен сектор во нашата земја ја поддржуваат идејата за формализирање на партнерските односи.

## Заклучоци од спроведената анкета на граѓаните во македонската држава

Преку спроведеното истражување на граѓани утврдивме неколку важни работи во врска со приватното обезбедување и нејзините специфики во македонската држава. Тука ќе ги наведеме заклучоците од спроведената анкета на 50 граѓани на територијата на Крива Паланка, Куманово и Скопје.

Најголемиот број анкетирани граѓани се на возраст од 18 години до 35 години, најголем дел од нив се со високо образование и тоа сите се Македонци и сите живеат во град.

Согласно резултатите од анкетата нивната довербата е најголема во приватните безбедносни агенции, а најмала во полицијата од безбедносните структури во државата. Согласно обработените податоци довербата во војската исто така е на многу добро ниво. Многу мал дел од анкетираните граѓани биле корисници на приватното обезбедување. Сите кои се корисници на приватното обезбедување одговориле дека се чувствуваат побезбедно кога се под службите на агенциите на приватното обезбедување. Додека остананите, односно поголемиот дел кои одговориле дека не биле корисници на приватно обезбедување сметаат дека моментално не се чувствувале загрозено и од тие причини немале потреба од приватно обезбедување. Најголем дел од анкетираните одговориле дека приватното обезбедување треба да има исти задачи и овластувања како полицајците. Но, приближно на оваа бројка исто така не се согласуваат со ова тврдење.

Од анкетираните 66% одговориле дека професионалноста на приватните обезбедувачи на јавни места е на високо ниво.

Во врска со прашањето за воведување од приватно обезбедување во училиштата сите анкетирани или 100% од анкетираните имаат одговорено потврдно, односно дека тоа е повеќе од неопходно во нашата држава. Од тука можеме да заклучиме дека во училиштата во македонската држава е потребно итно воведување на приватно обезбедување.

Во врска со прашањето за влијанието на политиката во приватната безбедност 70% одговориле дека политиката има влијание врз приватната и јавната безбедност во нашата држава од што можеме да дадеме заклучок дека политиката има влијание и врз овој сектор во државата.

Исто така во согласност со одговорите на граѓаните од анкетата можеме да заклучиме дека потребата од агенциите за обезбедување е поради тоа што полицијата е корумпирана и недоволно ефикасна. Потребата од агенциите за приватно обезбедување е поради тоа што агенциите даваат посебни услуги што полицијата не ги дава или не е оспособена да ги дава и затоа што новите безбедносни закани бараат и ваков вид заштита.

Оценката на анкетираните граѓани е повисока за приватните агенции за обезбедување, а помала за полицијата. Од што можеме да заклучиме дека довербата на граѓаните во македонската држава е на доста високо ниво во агенциите за приватно обезбедување.

## Заклучоци од спроведената анкета на вработени во агенциите за приватно обезбедување

Преку реализираното истражување утврдивме неколку важни работи во однос на функционирањето на приватното обезбедување во македонската држава и во однос на дефинираниот истражувачки проблем. Еден од првите работи е одредувањето на просечниот профил на приватен работник за обезбедување. Имено, просечниот профил на работник за приватно обезбедување кој работи на извршни позиции е машко лице, на возраст меѓу 27 и 40 години, кое има просечен стаж во приватно обезбедување до десет години, има лиценца за вршење на основни приватни безбедносни должности и со завршено средно образование.

Утврдено е дека голем број на вработени во приватно обезбедување кои пред да се вработат во агенцијата за приватно обезбедување немале претходно искуство во други безбедносни работи. Преку ова истражување идентификувавме уште неколку клучни показатели за

функционирањето на приватното обезбедување, а тие се поврзани со работењето на агенциите и личните искуства на анкетираните. Имено, вкупните услови за работа во агенциите се оценети како добри со оценка 3, а платите не се исплаќаат редовно 100% согласно одговорите на анкетираните. Споменатиот економски момент секако е една од причините што влијае на тоа, во пракса, приватното обезбедување и понатаму дава услуги на други физички и правни лица надвор од агенцијата каде што се вработени. Исто така, е утврдено дека работниците за приватно обезбедување од моментот на добивањето на лиценцата ретко употребиле некое од средствата за присилба. Неколку анкетирани кои користеле присилни средства изјавиле дека тоа се исклучиво физичка сила, лисици, палка.

Во однос на правната рамка на приватното обезбедување во македонската држава, преку истражувањето утврдивме дека мнозинството од анкетираните го оцениле квалитетот на нивната обука со највисоки оценки, што можеби не е вистински показател за нивната обученост. Исто така процедурата за обука на лицата за приватно обезбедување што се спроведува во согласност со Законот за приватно обезбедување и придружните подзаконски акти, според анкетираните е со просечна оценка многу добра, односно оценка 4.

Целта на обуката е стекнување на основни знаења и вештини на идните вработени во приватните агенции за обезбедување. Начинот на кој се извршуваат приватните безбедносни операции, а особено примената на овластувањата, кои може да ги нарушат човековите права и слободи, зависи од добро спроведената обука. Затоа, за да можат работниците за безбедност да бидат ефикасни и ефективни во извршувањето на приватно обезбедување, мора да бидат сигурни во себе и во стекнатото знаење и вештини. Ваквите обуки како што наведов и погоре ги спроведува Комората за приватно обезбедување.

Преку истражувањето успеавме да идентификуваме неколку клучни индикатори кои ги одредуваат меѓусебните односи меѓу полицијата и приватното обезбедување Единствените заеднички активности се однесуваат на преземање дејствија при обезбедување на јавни собири и спортски настани, спречување на лица во извршување на кривични дела и приведување лица до доаѓањето на полициските службеници, при што оваа соработка меѓу полицијата и вработените во приватното обезбедување беше високо оценета.

Клучно прашање во меѓусебните односи се директните контакти на приватното обезбедување со полицијата во текот на нивната секојдневна работа. Преку истражувањето

откривме дека полицајците ги посетуваат работниците за приватно обезбедување на терен, односно тоа го прават самоиницијативно, исто така и со покана. Но, има и добра бројка анкетирани лица кои не биле воопшто посетувани од полицијата на нивните работни места. Исто така, кога станува збор за обраќање до полицијата за помош, откривме дека вработените во приватната безбедност често се обраќаат до полицијата за помош. Најчесто поради неможноста да се одржи и воспостави нарушениот јавен ред и мир.

Со проектираните цели на истражувањето, се обидовме да идентификуваме одредени области на соработка и партнерство помеѓу приватното обезбедување и полицијата. Утврдивме дека мнозинството од анкетираните лица се свесни за важноста на знаењето што го стекнуваат при извршување на редовните задачи, што може да ја подобри работата на полицијата. Ова е добар предуслов за институционализирање на соработката на ова ниво, на начин да се формира координативно тело на локално ниво во кое би се разменувале информации. Од друга страна, можевме да утврдиме колку процесот на размена на информации е двонасочен или еднонасочен.

Имено, беше утврдено дека приватното обезбедување треба да биде вклучено во вонредни ситуации, но во ограничен опсег (само во одредени ситуации), кој е прилагоден на неговите организациски (обука на луѓе, нивна опрема и сл.) можности. Она што исто така е неспорно утврдено е подготвеноста на анкетираните лично да се вклучат во вонредни ситуации, што е одраз на нивното високо ниво на свест и одговорност.

Друга област на соработка меѓу полицијата и приватното обезбедување, идентификувана со истражувањето е безбедноста на објектите од посебно значење (т.н. критична инфраструктура) и безбедноста на транспортот на пари. Имено, голем дел од анкетираните сметаат дека овие задачи треба да се извршуваат заедно со полицијата. Работите за обезбедување на паричен транспорт претставуваат работни места на кои е ангажирано и полиција и приватно обезбедување, па логично е да се воспостави соработка и на ова поле (без разлика дали се работи за размена на информации, опрема, средства, уреди, па сè до заеднички тимови).

## Заклучок

Во рамките на безбедносниот сектор соодветно место му припаѓа на приватната безбедност. Оттука, посебно место и улога има приватното обезбедување, кое се повеќе добива на значење поради се побројните и деструктивни облици на закани. Процесот на „приватизација" на безбедносните работи во развиените земји настана како резултат на неспособноста на државата да одговори на растечките потреби на граѓаните и стопанството за безбедносни служби. Недостатокот на капацитети на националните власти (персонал и материјал) доведе до проширување на приватниот безбедносен сектор. Традиционалното сфаќање дека полицијата е единствено одговорна за јавната безбедност во голема мера се напушта. Ова доведе до фактот дека многу земји иницираа реформи насочени кон изнаоѓање нови концепти за управување со безбедноста.

Неможноста на државата да одговори на современите безбедносни проблеми не доведе до едноставно делегирање на одредени безбедносни задачи на приватниот безбедносен сектор. Истражувањето покажа дека нприватното обезбедување е еден од конституенсите на безбедносниот сектор и дека мнозинството држави активно учествуваа во процесот на (дополнително) законско регулирање на приватното обезбедување, во смисла на воведување на нови стандарди во однос на спроведувањето на обуката, опремата, контролата итн. Терористичките напади од почетокот на 21 век, заштитата на критичната инфраструктура, катастрофалните последици предизвикани од природни катастрофи, изразените безбедносни прашања во урбаните средини влијаеја на потребата од воспоставување соработка меѓу полицијата и приватното обезбедување. И покрај постоењето на одредени разлики меѓу нив, тие се субјекти чија основна задача е заштита на луѓето и нивниот имот. Оваа цел претставува основа за нивната соработка и развој на т.н јавно-приватно партнерство. За разлика од развиените земји, соработката и партнерските односи меѓу полицијата и приватното обезбедување сè уште не се доволно развиени во македонската држава. Иако корените на развојот на приватното обезбедување на нашите простори се наоѓаат уште пред Втората светска војна, полето на приватното обезбедување

за прв пат сеопфатно законски се регулира дури во 1999 година со донесувањето на Законот за приватно обезбедување.

Во македонската држава приватното обезбедување оди во се подобар и поопфатен чекор во однос на прифатеноста од граѓаните. Тие имаат се поголема поверба во овој безбедносен сектор, наспроти тоа се помала доверба во јавната безбедност. Кое се должи на се бројните случувања во државата. Во сето ова големо негативно влијание има и влијанието на политиката посебно во јавната безбедност, кое се одразува и врз приватна безбедност. Граѓаните во македонската држава не се чувствуваат безбедно и поради тоа спас бараат со приватната безбедност и укажуваа поголема доверба во агенциите за приватно обезбедување. Граѓаните на македонската држава сметаат дека приватното обезбедување треба да биде застапено во сите училишта, јавни собири, концерти и само така би се чувствувале посигурни самите како и би биле посмирени во врска со безбедноста на нивните деца.

Во македонската држава приватната безбедност не се наоѓа на некое видно ниво. Платите на вработените се споредуваат со просечната минимална плата во државата. Месечните приходни се нередовни и доцнат со 2 или 3 месеца station наназад. Вработените во овој сектор се видно незадоволни од своите приходи. Односот со полицијата и соработката се на едно просечно ниско ниво. Потребни се заеднички обуки и зголемена соработка за поголема безбедност на локално и регионално ниво за сузбивање на криминалот.

Во македонската држава има недостаток во комуникација меѓу вработените во приватните агенции за обезбедување и полицијата и меѓусебна недоволна соработка, заради што треба да се поработи на овој дел со цел поголема и посигурна безбедност на граѓаните.

Преку направеното истражување, идентификувавме и клучни проблеми кои го отежнуваат постигнувањето партнерски односи меѓу полицијата и приватното обезбедување. Тоа се: несоодветна законска регулатива, односно отсуство на правно уредување на сите прашања на соработка, отсуство на определување на заеднички интереси (секој си гледа во својот интерес), недостаток на меѓусебно разбирање, доверба, ценење и почитување, неразбирање на улогата на приватниот безбедност при постигнување јавна безбедност, немотивираност на работниците за приватно обезбедување да соработуваат со полицијата, несоодветна обука на службеници за приватно обезбедување кога станува збор за заедничка работа со полициски службеници, отсуство на повеќе (координативни) тела (на локално и регионално

ниво) кој би бил задолжен за сите работи на соработка, а особено за координација на активностите на терен.

Решението за наведените проблеми би било регулирање на областа на соработка со полицијата со Законот за приватно обезбедување, што дополнително би се имплементирало во други секторски Закони.

Исто така, по идентификувањето на заедничките цели и интереси, претставниците на двата сектора треба да ја официјализираат својата заложба за партнерство во форма на договор, каде што правата и обврските би биле јасно дефинирани. Бидејќи процесот на постигнување партнерски односи е долг и тежок процес, неопходно е постојано да се работи на подигање на нивото на безбедносната култура во двата сектора. За тоа во голема мера ќе придонесе креирањето и имплементацијата на наставни програми кои ќе имаат наставни единици поврзани со јавно-приватно партнерство во областа на јавната безбедност.

На крајот, тргнувајќи од сето наведено, можеме да заклучиме дека сите поединечни, посебни и општи (општи) хипотези беа целосно потврдени со спроведеното истражување. За да се реализира јавно-приватно партнерство на полицијата и приватното обезбедување, потребни се дополнителни законски интервенции во наредниот период во однос на постојната позитивна законска рамка. Исто така, иницијативата за остварување партнерство треба да потекнува од МВР (полицијата) како главен носител на јавната безбедност.

## 7. РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА


1. Андонов О, Основи на процена на ризици и закани, Скопје, 2022
2. Анђелковић, Слободан, Питање уређења приватног сектора безбедности у Србији, Ревија за безбедност, Центар за безбедносне студије, Београд, април 2009
3. Avant D., The market for force: The Consequences of Privatizing Security, Cambridge University Press, 2005
4. Бакрески О., Даничиќ М, Кешетовиќ Ж, и Митевски С., Приватна безбедност, теорија и концепт, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015
5. Бакрески О, Ахиќ Ј, Наѓ И, Приватен безбедносен сектор во Југоисточна Европа случајот С. Македонија, Босна и Херцеговина и Хрватска, Скопје, 2019
6. Бакрески О., и други, Приватна безбедност – теорија и пракса, Комора на РМ за приватно обезбедување, Скопје, 2015
7. Бакрески О., Ванковска Б., (уредници), Приватната безбедност во XXI век: Искуства и предизвици, Скопје, 2016
8. Бакрески О., Триван Д., Митевски С., Корпорациски безбедносен систем, Скопје, 2012
9. Бакрески О., Славески С., и Гацоски Ж., Безбедноста низ призмата на приватната безбедност, Комора на Македонската држава за приватно обезбедување, Скопје 2018
10. Бакрески О., Безбедносни системи: Компаративна анализа, Филозофски факултет - Скопје, Мар-Саж Скопје, 2018
11. Бакрески О. и други, Коментар на законот за приватно обезбедување, Скопје, 2014
12. Бакрески О., Триван Д., Муаремоска С., Правни основи за регулирање и контрола на приватниот безбедносен сектор - компаративна анализа, во Современа македонска одбрана, Министерство за одбрана на Македонската држава, Скопје 2016
13. Бакрески О. Регулација на приватната безбедност во националните држави, Годишен зборник на Филозофски факултет, Скопје
14. Bala E., Intelligence Reform in Albania: Its Relation to Democratization and integration into the EU and NATO, Naval Postgraduate School, Monterey, California 2008
15. Борн Х., Иан, Л. (уредници): Правни стандарди и најдобри практики за надзор над разузнавачките агенции, Скенпоинт, Скопје, 2006
16. Born H, Caparini M, Cole E, Regulating Private Security in Europe: Status and Prospects, Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF), 2007
17. Бошковић М. и Кековић З., Обезбеђење лица, имовине и пословања предузећа (студија), ВШУП, Београд, 2003
18. Boskovic M, Sistem obezbedzenja, Zavid za udzbenike I nastavna sredstva, Beograd, 1997
19. Бошковић Мићо, Основи детективске делатности, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад, 2006

20. Berndtsson, J., The Privatisation of Security and state Control of Force: Changes, Challenges and the Case of Iraq, School of Global Studies, University of Gothenburg, 2009
21. Bouwhuis J, Private security in the public domain, Radboud University Nijmegen, October 2018
22. Buckland, S. Benjamin, Winkler, H. Theodor, Јавна и приватна сарадња: изазови и могућности управљања безбедношћу, Форум за безбедност и демократију, Београд, 2011
23. Bobić A., Sistemi obezbedenja I zastite lica I umovine, VUB, Visoka skola za usluzni biznis
24. Ванковска Б. Приватниот безбедносен сектор во Македонската држава: Меѓу потребите и јавната (не)доверба, Скопје, 2016
25. Ванковска Б., Меѓународна безбедност, Филозофски факултет, Скопје, 2011
26. Ванковска Б, Бакрески О., Безбедносни дијалози списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки, Филозофски факултет, Институт за безбедност, одбрана и мир, Број 3, I Година II, 2011
27. Ванковска Б. Политички систем, Скопје, 2007
28. Вилијамс П., Студии по безбедност: Вовед, Арс Ламина, Скопје, 2012
29. Велкова М. Концептот на приватната безбедност во некои земји од Балканот-компаративна анализа, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир
30. Bruce George & Button Mark, Private Security, Palgrave Macmillan, New York, 2004
31. Герасимоски С., Приватната безбедност во услови на глокализација. Годишник на Факултетот за безбедност. 2007/2008
32. Георгиева Л., Менаџирање со ризици, Југореклам 2006
33. Глигороска М. Корпоративна безбедност и државниот безбедносен систем, Факултет за детективи и криминалистика, Европски универзитет – Македонската држава, Скопје, 2017
34. Гацоски Ж., Влијанието на приватниот безбедносен сектор во зголемувањето на степенот на националната безбедност во Македонската држава, Магистерски труд, УКИМ, Институт за безбедност, одбрана и мир, Скопје 2009
35. Dempsey J.S. Introduction to Private Security, Belmont USA, 2010
36. Danicic M, Pilipovic V, Sistem zastite lica I objekata, Fakultet za pravne I poslovne studije Novi Sad dr Lazar Vrkatic, 2011
37. Dyrmishi, Arjan and Gentiola Madhi, “Albania” in A Force for Good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe Belgrade and Geneva: DCAF 2015
38. Dzekova R., Rusev A., Bulgarija in A force for good? Mapping the Private Security Landscape in Southeast Europe, Geneva Centre for Democratic Control of Armed Forces, Belgrade/Geneva 2015
39. Danicic M, Stajic Lj, Privatna bezbednost, Banja Luka, 2008
40. Даничиќ М. Пилиповиќ В. Приватна безбедност, Факултет за правне и пословне студије “др. Лазар Вркатиќ”, Тампограф, Нови Сад 2015
41. Даничић Милан, Павловић, Гојко, Приватне војне и приватне безбједносне компаније као чиниоци приватног сектора безбједности, Безбједност полиција грађани, Часопис МУП Републике Српске, број 1, Бања Лука, 2009
42. Дапчевиќ-Марковиќ Љ. Право приватне безбедности, Факултет за пословни менаџмент, Бар 2010a

43. Давидовић, Душан, Алтернативни чиниоци безбедности (Приватни полисинг), Радни материјал, ФЦО, Београд, 2006.године
44. Давидовић, Душан, Кешетовић, Желимир, Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији, Наука безбедност полиција, Часопис Криминалистичко-полицијске академије, ИНПРЕСС, Београд, 2007
45. Digeser Peter, 'The Concept of Security', paper delivered at the 1994 Annual Meeting of the American Political Science Association, 14 September 1994
46. Ѓуровски Марјан, Основи на безбедност; концепциски безбедносни пристапи, Скопје, 2021
47. Ejdus F., Medunarodna bezbednost:teorije, sektori i nivoi, Službeni glasnik, Beograd, 2012
48. Zorić Duška, Privatna bezbednost razvijenih zemalja u tranziciji, Fakultet za bezbjednost I zastitu, Banja Luka
49. Илијевски Н, Димовски З, Бабановски К, Обезбедување лица и објекти, Скопје, 2018
50. Кешетовић, Желимир, Препреке сарадњи државног и приватног сектора безбедности у Србији, Ревија за безбедност, Центар за безбедносне студије, Београд, број 5, новембар 2007
51. Кековић З. Безбедносен систем, Белград, 2009
52. Кековић, З., Савић, С., Комазец, Н., Милошевић, М., Јовановић, Д., Процена ризика у заштити лица, имовине и пословања, Центар за анализу ризика и управљање кризама, Београд, 2011
53. Кеча Радомир, Тероризам-глобална безбједносна пријетња, Арт-принт, Бања Лука, 2012
54. Козарев А., „Приватна безбедност у Републици Македонији - актуелно стање и перспективе", у: Зборник радова /Први међународни скуп приватна безбедност – стање и перспективе, Нови Сад, 14.11.2008, Факултет за правне и пословне студије, Нови Сад 2008
55. Klopfer Franziska,Nelleke van Amstel, a force for good, Mapping the private security landscape in Southeast Europe, Belgrade/Geneva 2015
56. Лабовић Дејан, Приватна безбедност у Републици Србији – правни аспекти и компаративна искуства, докторска дисертација објавена на униврзитет у Крагујевац, Правни факултет, Крагујевац, 2015
57. Mahesh N. Graeme R. Newman, A primer in private security, New York 2012
58. Marjan Nikolovski, Borce Petrevski, Predrag Micevski, Private security in Republic of Macedonia in providing safety in urban areas, Scientific article

59. Мандиќ Горан, Систем обезбеђења и заштите, Факултет цивилне одбране, Београд, 2004
60. Муаремоска С., Бакрески О. "Регулирање на приватната безбедност во Република Македонија" научен труд, во Современа македонска одбрана, бр.30., Скопје 2016
61. Милашиновић Радомир, Место и улога приватне безбедности у систему националне безбедности, магистерски труд објавен на Универзитет во Белград за Тероризам, организиран криминал и безбедност, декември 2013
62. Милошевић, Милан, Нормативна (не)уређеност приватног обезбеђења лица и имовине у Републици Србији,Реформа сектора безбедости у Србији – достигнућа и перспективе, Гораграф, Центар за цивилно-војне односе,Београд, 2007
63. Митева К, Местото и улогата на приватните безбедносни актери во остварување на безбедноста, магистерски труд, Филозофски факултет, Скопје, март, 2022
64. Милеска Стефановска В., Монографија 20 години приватно обезбедување во Република Северна Македонија, Комора на Република Северна Македонија за приватно обезбедување,Скопје, јуни 2020
65. Начарова И, Поставеноста на приватната безбедност во национални и меѓународни рамки и потребата од нејзино регулирање, магистерски труд, март,2019 Скопје
66. N. Makijaveli: Vladalac, Enigma, Pančevo, 1998
67. Hess M. K., Introduction to Private Security, Wadsworth, Cengage Learning, 2009
68. Нешковић Слободан Безбедност и реформе у Србији, Прометеј, Београд, 2006
69. Nikolovski Marjan, Petrevski Borce, Micevski Predrag, Private security in Republic of Macedonia in providing safety in urban areas, Scientific article
70. Nikać Z., Ahić J., I dr., Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadasnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiju, Naucni rad, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije Univerziteta u Sarajevu 2013
71. Павловић, Гојко, Вејновић, Душко, Друштвени амбијент приватног сектора безбједности са тежиштем на Републици Српској, Безбједност полиција грађани, Часопис МУП Републике Српске, број 1-2, Бања Лука, 2010
72. Петрески Б. и Димитровска А., Соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за безбедност на Македонската држава, Годишник на Факултет за Безбедност, Факултет за безбедност, Скопје, 2011
73. Петровић, Лазар, Синковски Стеван, Корпоративна безбедност – основе заштите бизниса и предузетништва, Безбедност, МУП РС, Београд, 2012
74. Петровић, Предраг, Резервисани домени као препреке нормативног уређења приватног сектора безбедности у Србији, Ревија за безбедност, Центар за безбедносне студије, број 3, Београд, 2010
75. Petrevski, B., The authorities of subjects of private security in the Republic of Macedonia-factor for the safety of citizens and their property. Master's thesis. Faculty of Security, Skopje,2010
76. Плачков Радослав, Полиција и приватни сектор безбедности са посебним освртом на детективску делатност, Безбедност, Часопис МУП Републике Србије, број 3, Београд, 2009

77. Radivojević, N., General Trends and Preconditions in Development of Public-Private Partnership in the Area of Security; In: Dani Arčibalda Rajsa: tematski zbornik radova međunarodnog značaja, Том 2, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd, 7-9. novembar 2017
78. Petrović Predrag, Milošević Marko, Obradović Dejan, Šarić Milica, Milivojević Anđela, Novi-stari izazovi privatnog sektora bezbednosti u Srbiji, 2015
79. Славески С., Безбедносен систем, Европски универзитет, Скопје, 2009
80. Спасески Ј и др., Приватна безбедност, Скопје-Охрид, 2008
81. Stajić Lj., Osnovi sistema bezbednosti. Novi Sad. Pravni fakultet, 2008
82. Стајић, Љубомир, Лукић, Татјана, Право приватне безбедности, „Футура“ Петроварадин, Нови Сад, 2011.године, стр. 10-11
83. Стајић, Љубомир, Изазови корпоративне безбедности у светлу савременог схватања појма безбедности, Приватна безбедност – стање и перспективе, Зборник радова, ИК Прометеј, Нови Сад, 2008
84. Стајић Љубомир, Основи система безбедности, Футура, Нови Сад, 2011
85. C.W. Kegley Jr, Controversies in International Relations theory, St. Martin's Press. 1995
86. Стајић, Љубомир, Гаћиновић, Радослав, Увод у студије безбедности, Драслар партнер, Београд, 2007
87. Скакавац Здравко, Приватни сектор безбедности у Републици Србији – у сусрет законској регулативи, citivas часопис за друштвена питања, број 1, Тампограф, Нови Сад, 2011
88. SALW and Private Security Companies in South Eastern Europe: A Cause or Effect of Insecurity Second editon, SEESAC, Belgrade 2005
89. Стратегија за развој на приватното обезбедување во Република Македонија, Комора на Република Македонија за приватно обезбедување, Скопје, 2016
90. Strom K., Berzofsky M., Shook B., Barrick K., Daye C., Horstmann N., Kinsey S., The Private Security Industry A Review of the Definitions, Available Data Sources, and Paths Moving Forward, документ:232781, 2010
91. Tatalović S., Bilandžić M., Osnove nacionalne sigurnosti, Zagreb, 2005
92. Т. Мојаноски Цане, Ѓуровски Марјан, Павловиќ Гојко, Вовед во безбедноста, Скопје, 2018
93. „The socio-economic added value of private security services in Europe“, fourth white paper CoESS Confederation of European Security Services www.coess.eu Madrid, 14 March 2013
94. Fischer D., Nonmilitary Aspects of Security: A Systems Approach, Aldershot: United Nations Institute for Disarmament Research, 1993
95. “Private security in Belgium: an inspiration for Europe?“, Third white paper, CoESS & APEGBVBO, Brussels, 10 December 2010
96. The socio-economic added value of private security services in Europe“, fourth white paper CoESS Confederation of European Security Services www.coess.eu Madrid, 14 March 2013
97. Втора меѓународна конференција, Придонес кон глобалнаа безбедност и сигурност преку соработка и размена на искуства, пракса и знаење, Комора на РМ за обезбедување на лица и имот, Охрид 29-30.05.2008

98. Закон за приватно обезбедување (Објавено во Сл. Весник на РМ, бр.166 од 26.12.2012 година)
99. Закон за обезбедување имот и лица, Службен весник на РМ бр.80/99 и 66/07
100. Закон за оружјето, „Сл.весник на Р.Македонија“ бр.7 од 01.02.2005
101. Закон за детективската дејност, „Службен весник на РМ", бр. 80/99 и 66/07

**Интернет линкови:**

- https://www.cato.org/speeches/shadow-force-private-security-contractors-iraq
- https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/
- https://vpmthane.org/web2/assets/files/Prof.-SubhashShinde-AllanPinkerton.pdf
- https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/
- https://pinkerton.com/
- http://www.detective.mk/mk/blog-statija/49152/istoriski-razvoj-na-detektivskata-dejnost/
- https://us.brinks.com/corporate/history
- https://topguardinc.com/the-evolution-of-private-security/
- https://www.kas.de/mk/web/nordmazedonien/einzeltitel/-/content/fundamentals-of-security-conceptual-security-approaches
- https://sitel.com.mk/agenciite-za-obezbeduvanje-kako-supstitut-na-mvr-vo-chuvanje-na-vitalni-drzhavni-objekti
- https://mvr.gov.mk/vest/19622
- https://sitel.com.mk/agenciite-za-obezbeduvanje-kako-supstitut-na-mvr-vo-chuvanje-na-vitalni-drzhavni-objekti
- https://branitel.mk/fizicko-obezbeduvanje/
- https://mdn.com.mk/uslugi/
- https://www.academia.edu/65358757/Private_Security_Industry_in_the_Republic_of_North_Macedonia
- https://www.researchgate.net/publication/343044085_Legal_Basis_for_Regulation_of_the_Private_Security_in_the_Republic_of_Macedonia
- https://www.academia.edu/37774107/REFORMS_OF_RESTRUCTURING_THE_PRIVATE_SECURITY_SUBSYSTEM_IN_REPUBLIC_OF_MACEDONIA_WITHIN_THE_MODERN_CONCEPT_OF_SECURITY_SYSTEM
- http://arhiva.mvr.gov.mk/Uploads/ZAKON%20ZA%20OBEZBEDUVANE%20LICA%20I%20IMOT.pdf
- https://obezbeduvanje.org.mk/zakon-za-privatno-obezbeduvanje/
- https://www.academia.edu/65358757/Private_Security_Industry_in_the_Republic_of_North_Macedonia
- https://faktor.mk/top-pet-agencii-za-obezbeduvanje-nikob-gazi-na-pazarot-sgs-potisnat-od-vrvot
- За нас – Никоб (nikob.com.mk)
- https://pari.com.mk/nikob-grupacijata-so-najgolema-doverba-za-bezbednost/

- https://www.slobodnaevropa.mk/a/секоја-власт-со-нова-служба-за-обезбедување-бизнис-тежок-десетици-милиони-евра/32019264.html
- https://kapital.mk/никоб-групацијата-со-најголема-довер/
- https://nikobmedical.mk/author/testmedical/page/3/
- https://www.national-security.mk/
- https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/FlorimMurati1.pdf
- https://meta.mk/privatnite-agenczii-za-obezbeduva-e-e-gi-chuvaat-i-voenite-kasarni/
- https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/jetmir.pdf
- https://makfax.com.mk/makedonija/324341/
- https://korporativnabezbednost.mk/dokumenti/mladiIstrazuvaci/FlorimMurati1.pdf
- https://www.ilo.org/wcmsp5/groups/public/---ed_dialogue/---sector/documents/publication/wcms_837788.pdf
- https://www.coess.org
- https://www.academia.edu/14440570/Privatna_bezbjednost_razvijenih_i_zemalja_u_tranziciji
- https://en.pks.rs/industry-associations/association-10
- https://www.occrp.org/en/security-chaos/bulgaria-the-public-violent-side-of-private-security
- https://mondediplo.com/2023/12/07bulgaria
- https://www.occrp.org/en/security-chaos/bulgaria-the-public-violent-side-of-private-security
- https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Albania/Albania-private-unsecurity-194155
- https://www.angleside.co.uk/location/security-guards-albania/
- https://www.globalguardian.com/supported-countries/albania
- https://www.titansecurityeurope.com/locations/security-company-in-albania/
- https://www.arbsecurity.com/about.php
- https://www.balcanicaucaso.org/eng/Areas/Albania/Albania-private-unsecurity-194155
- https://www.urgentsecurityservice.com/2019/02/10/a-brief-history-of-private-security
- https://www.taxlaw.gr/en/practice-areas/company-law/legal-framework-for-the-licensing-and-operation-of-security-service-providers/
- https://www.eoa.com.gr/en/law
- https://www.ibisworld.com/greece/industry-statistics/private-security-services/14742/
- https://www.eoppep.gr/index.php/el/
- https://www.taxlaw.gr/en/practice-areas/company-law/legal-framework-for-the-licensing-and-operation-of-security-service-providers/
- https://www.angleside.co.uk/location/greece-security-company/
- https://www.titansecurityeurope.com/locations/security-company-in-greece/

# Прилог

**АНКЕТА**

Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата и изберете еден од понудените одговори.

Одговорот ќе го дадете со заокружување на понудените одговори, односно со пишување на текстот на линијата што следи по прашањето. На местата предвидени за давање дополнителни одговори, можете (по можност) да го напишете вашето мислење.

Успехот на оваа анкета зависи од вашите искрени одговори!
Прашалникот е анонимен, а секое учество доброволно!

1. Пол

а) М

б) Ж

2. Возраст:

б) 18-27

в) 27-35

г) 36-45

д) 46-65

ѓ) над 65

3. Степен на образование:

а) средно

б) високо

в) магистратура

г) докторат

4. Што сте по националност?

а) Македонец/Македонка

б) Албанец/Албанка

в) Ром/Ромка

г) Друго

5. Каде живеете:

а) Град

в) Село

6. Ве молиме заокружете во кој одел колкава е вашата доверба во безбедноста?

| Оддел | Незадоволително | Слабо | Добро | Многу добро | Одлично |
|---|---|---|---|---|---|
| Приватните агенции за обезбедување | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Војската | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| Полицијата | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |

7. Дали сте корисник или дали некогаш сте биле корисник на некоја од услугите на приватна агенција за обезбедување?

а) Да

б) Не

8. Доколку на претходното прашање одговоривте потврдно, Ве молиме заокружете, колку сте задоволни од услугите на агенциите за обезбедување!

а) Се чувствувам многу посигурно за разлика од претходно;

б) Се чувствувам малку посигурно од претходно;

в) Не чуствувам некоја разлика во мојата сигирност и безбедност од претходно;

г) Се чувствувам поисплашено и понебезбедно од претходно;

д) Во моментот не можам да проценам;

ѓ) Друго (објасни).

---

9. Ве молиме заокружете, доколку не сте биле корисник на услуги на приватна агенција за обезбедување, од кои причини не сте имале потреба да го сторите тоа?

а) Не сум бил во загрозена ситуација и не сум се чувствувал дека имам потреба од тоа;

б) Немам доверба во агенциите за обезбедување и нивните вработени;

в) Сметам дека ми е доволна заштитата од јавните безбедносни служби;

г) Потребна ми е дополнителна заштита, но немам финансиски средства;

д) Друго (објасни).

---

10. Што мислите дали вработените во приватните агенции за обезбедување треба да имаат исти задачи и овластувања како и полицајците?

а) Целосно се согласувам;

б) Се согласувам;

в) Не се согласувам;

г) Целосно не се согласувам;

д) Во моменот не можам да проценам.

11. Што мислите дали сте запознаени со надлежностите и/или работењето на агенциите за приватно обезбедување?

А) Целосно сум запознаен/а;

Б) Делумно сум запознаен/а;

В) Недоволно сум запознаен/а.

12. Ве молиме одговорете дали се чувствувате посигурно кога училиштето каде оди вашето дете, јавен настан или установа во која се наоѓате е под заштита на приватна агенција за обезбедување?

а) Да

б) Не

в) Во моментот не можам да проценам

13. Согласно претходното прашање, дали сметате дека е потребно воведувањето на приватното обезбедување во училиштата?

а) Да

б) Не

в) Во моментот не можам да проценам

г) Друго ______________________________________________________________

14. Дали сметате дека политиката во нашата држава има влијание врз приватната и јавната безбедност?

а) Да

б) Не

в) Во моментот не можам да проценам

г) Друго ______________________________________________________________

15. Што мислите зошто според вас дали се потребни приватните агенции за обезбедување:

а) Полицијата не е доволно ефикасна и е корумпирана;

б) Агенциите за обезбедување даваат посебни услуги што полицијата не ги дава;

в) Агенциите за обезбедување не се потребни;

г) Новите безбедносни закани бараат и ваков вид заштита;

д) Во моментот не можам да проценам;

ѓ) Друго (дополни).

______________________________________________________________

16. Како ја оценувате услугата на агенциите за приватно обезбедување?

1 2 3 4 5

(1-Слаба, 2- Задоволителна, 3-Добра, 4- Многу добра, 5-Одлична)

17. Како ја оценувате услугата на полицијата?

1 2 3 4 5

(1-Слаба, 2- Задоволителна, 3-Добра, 4- Многу добра, 5-Одлична)

18. Ве молиме, наведете Ваши мислења за подобрување на услугите на приватното обезбедување.

______________________________________________________________

*Ви благодарам на соработката!*

**ПРИЛОГ:**

**АНКЕТА**

Ве молиме внимателно прочитајте ги прашањата и изберете еден од понудените одговори.

Одговорот ќе го дадете со заокружување на понудените одговори, односно со пишување на текстот на линијата што следи по прашањето. На местата предвидени за давање дополнителни одговори, можете (по можност) да го напишете вашето мислење.

Успехот на оваа анкета зависи од вашите искрени одговори!

Прашалникот е анонимен, а секое учество доброволно!

1. Пол

а) М

б) Ж

2. Возраст:

а) 18-27

б) 27-35

в) 36-45

г) 46-65

д) над 65

4. Каква лиценца за обезбедување имате:

I. ____________________________________________________________

II. ____________________________________________________________

5. Работното место на кое сте вработени:

а) службеник за безбедност

б) раководител

6. Должина на стаж на работното место во сектор приватно обезбедување:

а) до 5 години;

б) од 5-10 години

в) од 10-15 години

г) над 15 години

7. Образование:

а) Средно стручно образование

б) Високо

в) Магистерски студии

г) Докторат

8. Дали пред да се стекнете со лиценца за вршење на приватно обезбедување, сте имале искуство во безбедносни работи?

а) Да

б) Не

9. Доколку одговорот на претходното прашање е „Да“, наведете каде сте работеле?

а) во полиција;

б) во армијата;

в) во други служби за државна безбедност;

г) во истата приватна агенција за обезбедување;

д) во друга приватна агенција за обезбедување;

ѓ) на работни места за обезбедување во јавно (социјално) претпријатие.

10. Како би ги оцениле работните услови (опрема, работно време, работни задачи, напредување, меѓусебни односи и сл.) Ве молиме, да дадете оценка на моменталното работно место во секторот приватно обезбедување каде сте моментално вработен?

1 2 3 4 5

((1 - незадоволително) 1 2 3 4 5 (5 - одлично))

11. Дали вашите приходи во приватно обезбедување во кое сте моментално вработени се редовни?

а) Да

б) Не

12. Дали сте задоволни од нивото на овие парични приходи?

а) Да

б) Не

13. Дали сметате дека постојната законска регулатива во областа на приватното обезбедување е соодветна?

а) Да

б) Не

в) Делумно

14. Како би ја оцениле процедурата за обука на лица за приватно обезбедување што се спроведува во согласност со Законот за приватно обезбедување и придружните подзаконски акти?

1 2 3 4 5

((1 - незадоволително) 1 2 3 4 5 (5 - одлично))

15. Како би го оцениле квалитетот на вашата обука и нивото на стручност за извршување на приватното обезбедување?

1 2 3 4 5

((1 - незадоволително) 1 2 3 4 5 (5 - одлично))

16. Како би ги оцениле контролните и надзорните овластувања на полицијата кога станува збор за работата на агенциите и приватното обезбедување?

а) Соодветни;

б) Премногу широки;

в) Немам став

17. Дали мислите дека има проблеми што ја отежнуваат соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување?

а) Да

б) Не

18. Доколку одговорот на претходното прашање е „Да“, оценете некои од понудените проблеми:

1. Несоодветни законски прописи кои ја регулираат работата на приватното обезбедување

1 2 3 4 5

2. Неразбирање на меѓусебната улога во постигнувањето на јавната безбедност

1 2 3 4 5

3. Отсуство на прописи со кои се регулира координацијата на работата

1 2 3 4 5

4. Несоодветна обука на риватно обезбедување за заедничка работа

1 2 3 4 5

5. Отсуство на повеќе тела кои ќе бидат одговорни за сите прашања на соработка

1 2 3 4 5

(1-Воопшто не се согласувам, 2-Не се согласувам, 3-Не сум сигурен, 4- Се согласувам, 5-Потполно се согласувам)

19. Дали од моментот на добивање на лиценца за приватно обезбедување учествувавте во преземање службени дејствија заедно со полициски службеници и доколку да, наведете каква била таа состојба?

а) Да

б) Не

ситуација_______________________________________________________________

20. Доколку вашиот одговор на претходното прашање е „Да“, како би ја оцениле таа соработка?

1 2 3 4 5

((1 - незадоволително) 1 2 3 4 5 (5 - одлично))

21. Дали од моментот на добивање на лиценцата користевте некое од средствата за присилба предвидени со Законот за приватно обезбедување и доколку да, наведете кои?

а) Да, _______________________________________________________________

б) Не

22. Дали мислите дека Законот за приватно обезбедување треба да ги регулира прашањата за меѓусебната соработка помеѓу полицијата и приватното обезбедување?

а) Да

б) Не

23. Дали споделувате информации за проблемите со криминалот со полицијата?

а) Да

б) Не

24. Дали сметате дека е неопходно да се подобри соработката за размена на информации меѓу полицијата и приватното обезбедување преку координативно тело на локално ниво?

а) Да

б) Не

25. Дали Ве посетуваат полицајци додека извршувате редовни работни задачи?

а) Да, самоиницијативно

б) Да, но само со покана

в) Не

26. Дали во досегашната работа сте се обратиле за помош во полиција и доколку да, наведете во која прилика?

а) Да

Во врска со ____________________________________________________________________________

б) Не

27. Како би ја оцениле досегашната соработка со полициски службеници при обезбедувањето јавни собири и спортски настани?

1 2 3 4 5

((1 - незадоволително) 1 2 3 4 5 (5 - одлично))

28. Дали мислите дека приватно обезбедување и лиценцирани правни лица и претприемачи за приватно обезбедување треба да бидат вклучени во итни и вонредни активности (спречување на појава и санирање на последиците предизвикани од катастрофи, вонредни настани и други опасности за населението, животната средина и материјалните добра)?

а) Да, секогаш

б) Да, но само во некои ситуации

в) Не

29. Сметате ли дека е неопходно да се подобри соработката меѓу полицијата и приватното обезбедување во однос на обезбедувањето транспорт на пари и други вредни пратки?

а) Да

б) Не

30. Дали мислите дека е неопходно да се формализираат соработката и партнерските односи меѓу полицијата и приватното обезбедување на локално ниво (во форма на договори, меморандуми, протоколи за соработка итн.)?

а) Да

б) Не

*Ви благодарам на соработката!*